УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/62 од 16.4.2020 год.

Врз основа на член 110 и член 173 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) и член 41 став 2 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018), Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет – Скопје, на 48. седница одржана на 16.4.2020 година донесе

О Д Л У К А
за избор во наставно-научно звање редовен професор

1. Д-р Елизабета Касапова, вонреден професор на Архитектонскиот факултет-Скопје, се избира во наставно-научно звање редовен професор во научните области: Развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство-20103 и Конзервација и ревитализација на културно-историски споменици-20113, на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Одлуката, со пропратната документација, да се достави до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за потврдување на изборот во предложеното звање.

О б р а з л о ж е н и е

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научните области: Развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство-20103 и Конзервација и ревитализација на културно-историски споменици- 20113, објавен во дневните весници„ Нова Македонија “ и „Коха“ на 6.12.2019 година, се пријави д-р Елизабета Касапова, вонреден професор на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет - Скопје.

Со одлука на Наставно- научниот совет, бр.08-6/300 од 19.12.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Влатко Коробар, проф. д-р Јасмина Хаџиева - Алексиевска и проф. д-р Сашо Коруновски, која во предвидениот рок изготви реферат за пријавениот кандидат.

Рефератот е објавен во Универзитетскиот билтен број 1212 на 1.4.2020 година.

Согласно Извештајот и Предлогот на Рецензентската комисија, Наставно-научниот совет, на 48. седница одржана на 16.4.2020 година, едногласно, донесе одлука како во диспозитивот.

Д е к а н

Проф. д-р Ојнен Марина

Доставено до:
-Архивата
-Универзитет „Св Кирил и Методиј“во Скопје
-Именуваниот наставник
-Персоналната служба

Бр. 02 -499/10
30.4.2020 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на 41. седница одржана на 30.4.2020 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
потврдување на избор во звањето редовен професор

Член 1

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Елизабета Касапова,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Архитектонски факултет во Скопје, во наставно-научните области:

- *развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство-(20103)* и
- *конзервација и ревитализација на културно-историски споменици-(20113).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

Ректор

Проф. д-р Никола Јанкуловски

ДН:

- Архитектонски факултет - Скопје
- проф. д-р Елизабета Касапова

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	12.5.2020		
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	111/3		

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1212

Скопје, 1 април 2020 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Бо̄гоевски

Лектор:
Весна Илиевска-Цве̄тановска

Бр. _____
5.8.2013
Скопје

Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘ѓ’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

УКИМ - Ректорат

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1212 ОД 1.4.2020 ГОДИНА

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство – 20103 и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици – 20113 на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Елизабета Касапова**)……7-25

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) комунална хидротехника и заштита на водите на Градежниот факултет во Скопје (**доц. д-р Гоце Тасески**)……26-42

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области 20507 мотори со внатрешно согорување и 20508 погонски материјали (горива и технологии за трансформација на енергија) на Машинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Даме Димитровски**)……43-61
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) проучување на факторите на работната средина и заштита на работа на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Трајче Велковски**)……62-86

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област анатомија на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. Аце Додевски**)……87-112
2. Реферат за избор на еден асистент по предметот епидемиологија со статистика и информатика на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Драган Кочински**)……113-118
3. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: интерна медицина и ендокринологија и заболувања на метаболизмот на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Тошо Плашески**)……119-129
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Улогата на трансартериската хемоемболизација со партикли, со можност за збогатување со цитостатик, во третман на хепатоцелуларен карцином** од **д-р Александар Ѓорески**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје……130-138
5. **Приговор** на Рефератот за избор на 20 асистенти по предметот **Хирургија** на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1208 од 1.2.2020 година, поднесен од **д-р Небојша Настов, д-р Шенол Тахир, д-р Андреј Николовски, д-р Валон Салиу, д-р Димитар Трајковски, д-р Маријан Шокаровски, д-р Бурим Елези, д-р Елена Зафировиќ, д-р Лабинот Бектеши, д-р Жарко Спасовски, д-р Газменд Елези, д-р Дарко Димитровски, д-р Ецевит Кадри, д-р Ана Рајковска Кимовска**……139-141
6. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на 20 асистенти по предметот **Хирургија** на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1208 од 1.2.2020 година, поднесен од д-р Небојша Настов, д-р Шенол Тахир, д-р Андреј Николовски, д-р Валон Салиу, д-р Димитар Трајковски, д-р Маријан Шокаровски, д-р Бурим Елези, д-р Елена Зафировиќ, д-р Лабинот Бектеши, д-р Жарко Спасовски, д-р Газменд Елези, д-р Дарко Димитровски, д-р Ецевит Кадри, д-р Ана Рајковска Кимовска……142

7. **Приговор** на Издвоениот извештај на Рефератот за избор на асистенти по предметот Неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1209 од 15.2.2020 година, поднесен од **д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска**.....143-144
8. **Одговор** на Приговорот на д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска на Издвоениот извештај на Рефератот за избор на 10 асистенти по предметот Неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1209 од 15.2.2020 година, поднесен од **проф. д-р Сашо Стојчев**.....(145-146+)
9. **Приговор** на Рефератот за избор на асистенти по предметот Неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1209 од 15.2.2020 година, поднесен од **Илија Здравков** преку полномошник адвокат Дејан Стојчев.....155-156
10. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на 10 асистенти по предметот Неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1209 од 15.2.2020 година, поднесен од **Илија Здравков** преку полномошник адвокат Дејан Стојчев.....157-158
11. **Приговор** на Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1209 од 15.2.2020 година, поднесен од **н. сов. д-р Нико Беќаровски**.....159-160
12. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1209 од 15.2.2020 година, поднесен од н. сов. д-р Нико Беќаровски.....161
13. **Приговор** на Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1209 од 15.2.2020 година, поднесен од **проф. д-р Андон Чибишев**.....162-164
14. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет – Скопје, објавен во Билтен бр. 1209 од 15.2.2020 година, поднесен од проф. д-р Андон Чибишев.....165

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија на ракописот **Цивилно општество: историјат и современи сфаќања** од авторот **проф. д-р Ненад Марковиќ**.....166-168
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **За нарушеното начело на поделба на власта: законодавна vs извршна** од **м-р Дритон Куќи**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....169-173

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**д-р Лазар Димовски**).....174
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**д-р Тања Дејаноска**).....175

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област зоологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**вонр. проф. д-р Катерина Беличовска**).....176-188
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) зоохигиена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**доц. д-р Димитар Наков**).....189-206

3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) квалитет, безбедност и технологија на млеко и млечни производи на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**доц. д-р Душица Санта**).....207-219
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) ботаника на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**вонр. проф. д-р Елизабета Мискоска-Милевска**).....220-235
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**доц. д-р Ивана Јанеска Стаменковска**).236-260
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**доц. д-р Марина Нацка**).....261-279
7. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Сами Криезиу**).....280

ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

1. Реферат за избор на 1 соработник во соработничко звање – асистент, од подрачјето на драмските уметности, област ТВ и радиоигра, на Факултетот за драмски уметности во Скјопје (**м-р Милан Тоциновски**).....282-285

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Релациите помеѓу антропометриските, кинезиолошките и биомеханичките параметри кај пациенти со болки во вратот и forward head posture, како и ефектот на цервикоторакалната мобилизација** од **м-р Насер Лаху**, пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.....286-289
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Споредба меѓу три физиотерапевтски методи во третирањето на долгорочни болки на долниот дел на грбот**, од **м-р Сулејман Мифтари**, пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје.....290-294

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): семејството во мултикултурните општества и историја на семејството на Филозофскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска**).....295-311
2. Рецензија на ракописот **Заштита на деца** од авторите **Наташа Богоевска** и **Сунчица Димитријоска**.....312-320
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Драган Костовски**).....321

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: комуникации и мас-медиуми (меѓучовечка комуникација и интеракција, социјална комуникација и когниција, медиумска психологија и применета комуникологија) на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**вонр. проф. д-р Елеонора Серафимовска**).....322-346
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Џавит Ислами**).....347

Прилог бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: РАЗВОЈ НА АРХИТЕКТУРАТА И УРБАНИЗМОТ И АРХИТЕКТОНСКОТО НАСЛЕДСТВО - 20103 И КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ - 20113 НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО, ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 6.12.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство -20103 и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици - 20113 на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0802-6/300 од 19.12.2019 година, донесена на седницата одржана на 19.12.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Влатко Коробар, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, претседател, д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје (во пензија), член и д-р Сашо Коруновски, редовен професор на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при УКЛО, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство - 20103 и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици -20113 на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Елизабета Касапова, вонреден професор на Архитектонскиот факултет во Скопје.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката вонр. проф. д-р Елизабета Касапова е родена на 27.4.1962 година во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во гимназијата „Јосип Броз Тито“. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала во март 1987 година, со просечен успех 8,73.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, а пасивно со германскиот јазик.

Во февруари 1992 година се запишала на магистерски студии на Институтот за историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила во март 1995 година, со просечен успех 10. На 3.7.1999 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Архитектурата на црквата Успение Богородичино на манастирот Трескавец,* под менторство на академик проф. д-р Цветан Грозданов.

Докторска дисертација пријавила во октомври 2002 година на Институтот за историја на уметноста со археологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Архитектурата на комплексот Марков манастир* ја одбранила на 4.6.2010 година, пред Комисија во состав: академик проф. д-р Цветан Грозданов (ментор), проф. д-р Сашо Коруновски, проф. д-р Елизабета Димитрова, проф. д-р Елица Манева и проф. д-р Коста Аџиевски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област историја на уметноста.

На 31.8.2010 година е избрана во звањето доцент на група предмети од областа на историјата на архитектурата и уметноста и група предмети од областа на заштитата на градителското наследство во Институтот за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата при Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во моментот, кандидатката е вонреден професор на Архитектонскиот факултет. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1101 од 1.6.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 491, 606, 756, 833, 916, 990 и 1101, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет при УКИМ, кандидатката д-р Елизабета Касапова изведува настава на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура. Од изборот за вонреден професор, таа водела наставата по предметите: *Историја на архитектура и уметност 2* (IV сем.) и *Историја на архитектура и уметност 3* (V сем.), како задолжителни предмети во прв циклус студии, и настава по предметите: *Архитектура и уметност во Македонија (*VII и VIII сем.), *Документирање и истражување на градителското наследство* (VII сем.), *Конзервација и реставрација на градителското наследство* (VIII сем.) и *Ревитализација на градителското наследство* (IX сем.), како задолжителни предмети во втор циклус студии. Кандидатката била ангажирана и во наставата по изборниот предмет *Интегрирана заштита на градителското наследство* во X семестар (втор циклус студии).

Кандидатката д-р Елизабета Касапова учествувала на три летни школи како раководител на секција и предавач.

Кандидатката д-р Елизабета Касапова учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 47 магистерски трудови и на 1 докторска дисертација.

Научноистражувачка дејност

Д-р Елизабета Касапова има објавено вкупно 6 научни трудови од областа на историјата на архитектурата во Македонија, од кои 1 труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор и 5 труда во зборници од научни собири.

Д-р Елизабета Касапова била раководител на 2 национални научни проекта, а учествувала и како член во 1 меѓународен и 1 национален научен проект.

По покана на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје, одржала 5 предавања на тема: *Андреја Дамјанов и преродбенската архитектура во Македонија*, *Македонските градови и архитектурата на станбената градба во XIX век* и *Развој на архитектурата во Македонија од предисторијата до XIX век и творештвото на Андреја Дамјанов*.

Д-р Елизабета Касапова учествувала на 6 научни/стручни собири со усна презентација на реферати од областа на историјата на архитектурата во Македонија. Од овие реферати, 2 се објавени како апстракти во зборници од конференциите, а 4 како целосни научни трудови во зборници од научните собири.

Кандидатката била ментор на 9 магистерски трудови и коментор на еден докторски труд кој е во тек на изработка.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Елизабета Касапова е активно вклучена во стручно-применувачката работа од областа на нејзината потесна специјализација. Во изминатиот период, таа извршила стручна контрола на 6 основни проекти за конзервација и реставрација на значајни споменици на културата во Македонија, меѓу кои се црквите Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане, Св. Ѓорѓи во Курбиново и манастирот Трескавец, како и Султанмуратовата џамија во Скопје.

Кандидатката учествувала во изработката на 4 проекти од областа на заштитата на културното наследство во Македонија, меѓу кои посебно го издвојуваме учеството како консултат

за архитектурата на Основниот проект за конзервација и реставрација на црквата Св. Ѓорѓи во Курбиново и учеството како раководител на истражувачките работи за потребите на изработка на Основен проект за конзервација и реставрација на црквата и трпезаријата во манастирот Трескавец. И двата објекта се од исклучително значење и претставуваат национален приоритет во заштитата на недвижното културно наследство во Македонија.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Во изборниот период, таа била раководител на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет, а во моментов е член на Универзитетскиот сенат. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Архитектонскиот факултет и била член на 10 комисии, меѓу кои и на Комисијата за наставни и студентски прашања, Комисијата за евалуација и Дисциплинската комисија за студенти на Архитектонскиот факултет.

Кандидатката била член на два научни одбора на научни/стручни собири, а е член и на два уредувачки одбора со меѓународен состав на научни списанија.

Била член на 3 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно и соработничко звање.

Во изборниот период, д-р Елизабета Касапова учествувала во изготвување и пријавување на еден меѓународен и на два национални научноистражувачки проекта.

Кандидатката два пати била член на комисии за недвижно културно наследство и заштита на аудиовизуелни добра при Министерството за култура на Р. Северна Македонија, а е актуелен член и на Националниот совет за културно наследство на Р. Северна Македонија.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Елизабета Касапова, во континуитет, добива позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и високо ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Елизабета Касапова.

Во периодот од избор во звањето вонреден професор до денес, д-р Елизабета Касапова, со својата самопрегорна работа во изведувањето на наставата и реализацијата на останатите обврски поврзани со образовниот процес, го потврди високиот квалитет на нејзиното севкупно делување на Факултетот. Со значајните резултати на својата научноистражувачка работа, таа несомнено се етаблира како респектиран истражувач во сферата на националната историја на архитектурата и како стручњак во областа на заштитата на градителското наследство. Нејзиното творештво е високо валоризирано и надвор од границите на нашата земја.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Елизабета Касапова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научните области: развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство -20103 и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици - 20113.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Елизабета Касапова да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области: развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство - 20103 и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици - 20113 на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Влатко П. Коробар, претседател, с.р.
Проф. д-р Јасмина Хаџиева Алексиевска, член
Проф. д-р Сашо Коруновски, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Елизабета Благоја Касапова

Институција: Архитектонски факултет – Скопје,
Институт за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност

Научна област: развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство - 20103
конзервација и ревитализација на културно-историски споменици - 20113

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: _____ Просечниот успех на втор циклус изнесува: _____ Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: *средновековна византиска уметност,* поле: *историја на уметноста,* подрачје: *филозофски науки.*	да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на електронската база на списанија:_____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	/
3.2	**Научно списание** во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: MONUMENTA, Годишник на Истражувачкиот центар за културно наследство, МАНУ, Скопје 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 7/Македонија 3, Србија 1, Хрватска 1, Словенија 1, Бугарија 1 3. Наслов на трудот: *Преродбенските дострели во сакралната архитектура на Охрид* 4. Година на објава: 2019	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: _____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	/
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: _____ 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _____	/
3.5	**Зборник** на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: „Бигорски манастир – 20 години возобновено монаштво“ (зборник на текстови) Во пресрет на 1000 години постоењето на Бигорскиот Манастир 2. Наслов на трудот: *Архитектонски опсервации на старата црква во манастирот Св. Јован Крстител кај с. Небрегово, Прилепско* 3. Година на објава: 2015	да
3.5	**Зборник** на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: „Манастир Св. Јован Крстител Слепче – духовен, книжевен и уметнички центар“, Зборник на трудови од Меѓународен научен симпозиум, Демир Хисар, 6 јули 2015 2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународен научен симпозиум „Манастирот Св. Јован Крстител Слепче – духовен, книжевен и уметнички центар“ / International	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	Scientific Symposium “Monastery of St. John the Baptist, Slepče – spiritual, literary and artistic center”, 6-7.VII.2015, Демир Хисар/Манастир Слепче 3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, Бугарија 4. Наслов на трудот: *Архитектонски особености на манастирската црква Св. Јован Претеча, Слепче* 5. Година на објава: 2017	
3.5	**Зборник** на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Меѓународен научен собир „Милениумското зрачење на св. Климент Охридски“, Скопје, 28-29 октомври 2016 година, 1100-годишнина од упокојувањето на св. Климент Охридски 2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународен научен собир „Милениумското зрачење на Св. Климент Охридски“, МАНУ, 28-29.X 2016, Скопје 3. Имиња на земјите: Македонија, Бугарија, Чешка, Литванија, Русија, Украина, Словенија 4. Наслов на трудот: *Доградбите на Светиклиментовата црква на Плаошник како одговор на современите текови во доцновизантиската архитектура* 5. Година на објава: 2017	да
3.5	**Зборник** на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: „Манастирот Слепче и поствизантиската уметност на Балканот од XVI и XVII век“, зборник на трудови од II меѓународна научна конференција 2. Назив на меѓународниот собир: II меѓународна научна конференција „Манастирот Слепче и поствизантиската уметност на Балканот од XVI и XVII век“ / II. International Scientific Conference “The Monastery Slepče and the post-byzantine art on the Balkans from the XVI and XVII century”, 6-7.VII 2018, Демир Хисар 3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, Бугарија 4. Наслов на трудот: *Прилог кон реконструкцијата на манастирската црква Св. Апостол Тома кај с. Граиште, Демир Хисар* 5. Година на објава: 2020 (во печат)	да
3.5	**Зборник** на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Назив на зборникот: Прва национална конференција за византологија и медиевистика „Самоиловата држава - 1000 години потоа (1018-2018)“, зборник на трудови 2. Назив на меѓународниот собир: Прва национална конференција за византологија и медиевистика „Самоиловата држава - 1000 години потоа (1018-2018)“, 25-26.X 2018, Охрид 3. Имиња на земјите: Македонија, Русија, Австрија, Албанија, Италија 4. Наслов на трудот: *Градежните фази на црквата Св. Димитрија во Велес* 5. Година на објава: 2020 (во печат)	
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 1. Наслов на преведеното капитално дело: _____ 2. Датум на објава: _____ 3. Издавач, место на издавање и година: _____	/
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: _____ 2. Место и година на објава: _____	/
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: *1 јуни 2015, број 1101.*	да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Елизабета Благоја Касапова

Институција: Архитектонски факултет – Скопје,
Институт за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност

Научна област: развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство - 20103
конзервација и ревитализација на културно-историски споменици - 20113

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Одржување настава и консултации во прв циклус студии	**13,14**
1.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2015/16, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,04 = 1,2	1,2
2.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2015/16, консултации: 121 студент * 0,002 = 0,242	0,242
3.	Историја на архитектура и уметност 2, летен сем. (IV) 2015/16, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,04 = 1,2	1,2
4.	Историја на архитектура и уметност 2, летен сем. (IV) 2015/16, консултации: 151 студент * 0,002 = 0,302	0,302
5.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2016/17, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,04 = 1,2	1,2
6.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2016/17, консултации: 131 студент * 0,002 = 0,262	0,262
7.	Историја на архитектура и уметност 2, зимски сем. (IV) 2016/17, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,04 = 1,2	1,2
8.	Историја на архитектура и уметност 2, зимски сем. (IV) 2016/17, консултации: 133 студенти * 0,002 = 0,266	0,266
9.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2017/18, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,04 = 1,2	1,2
10.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2017/18, консултации: 122 студенти * 0,002 = 0,244	0,244
11.	Историја на архитектура и уметност 2, летен сем. (IV) 2017/18, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,04 = 1,2	1,2
12.	Историја на архитектура и уметност 2, летен сем. (IV) 2017/18, консултации: 139 студенти * 0,002 = 0,278	0,278
13.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2018/19, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,04 = 1,2	1,2
14.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2018/19, консултации: 109 студенти * 0,002 = 0,218	0,218
15.	Историја на архитектура и уметност 2, летен сем. (IV) 2018/19, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,04 = 1,2	1,2
16.	Историја на архитектура и уметност 2, летен сем. (IV) 2018/19, консултации: 146 студенти * 0,002 = 0,292	0,292
17.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2019/20,	1,2

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,04 = 1,2	
18.	Историја на архитектура и уметност 3, зимски сем. (V) 2019/20, консултации: 118 студенти * 0,002 = 0,236	0,236
	Одржување настава, вежби и консултации во втор циклус студии	**59,634**
19.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2015/16, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,05 = 1,5	1,5
20.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2015/16, консултации: 147 студенти * 0,002 = 0,294	0,294
21.	Документирање и истражување на градителско наследство, зимски сем. (VII) 2015/16, вежби: 1 час * 15 нед. * 0,03 * 6 групи = 2,7	2,7
22.	Ревитализација на градителско наследство, зимски сем. (IX) 2015/16, вежби: 3 часа * 15 нед. * 0,03 * 2 групи = 2,7	2,7
23.	Архитектура и уметност на Македонија, летен сем. (VIII) 2015/16, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,05 = 1,5	1,5
24.	Архитектура и уметност на Македонија, летен сем. (VIII) 2015/16, консултации: 129 студенти * 0,002 = 0,258	0,258
25.	Конзервација и реставрација на градителско наследство, летен сем. (VIII) 2015/16, вежби: 2 часа * 15 нед. * 0,03 * 4 групи = 3,6	3,6
26.	Интегрирана заштита на градителското наследство (изб.), летен сем. (X) 2015/16, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	0,75
27.	Интегрирана заштита на градителското наследство (изб.), летен сем. (X) 2015/16, консултации: 13 студенти * 0,002 = 0,026	0,026
28.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2016/17, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,05 = 1,5	1,5
29.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2016/17, консултации: 124 студенти * 0,002 = 0,248	0,248
30.	Документирање и истражување на градителско наследство, зимски сем. (VII) 2016/17, вежби: 1 час * 15 нед. * 0,03 * 3 групи = 1,35	1,35
31.	Ревитализација на градителско наследство, зимски сем. (IX) 2016/17, вежби: 3 часа * 15 нед. * 0,03 * 3 групи = 4,05	4,05
32.	Архитектура и уметност на Македонија, летен сем. (VIII) 2016/17, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,05 = 1,5	1,5
33.	Архитектура и уметност на Македонија, летен сем. (VIII) 2016/17, консултации: 105 студенти * 0,002 = 0,21	0,21
34.	Конзервација и реставрација на градителско наследство, летен сем. (VIII) 2016/17, вежби: 2 часа * 15 нед. * 0,03 * 4 групи = 3,6	3,6
35.	Интегрирана заштита на градителското наследство (изб.), летен сем. (X) 2016/17, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	0,75
36.	Интегрирана заштита на градителското наследство (изб.), летен сем. (X) 2016/17, консултации: 8 студенти * 0,002 = 0,016	0,016
37.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2017/18, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,05 = 1,5	1,5
38.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2017/18, консултации: 122 студенти * 0,002 = 0,244	0,244
39.	Документирање и истражување на градителско наследство, зимски сем. (VII) 2017/18, вежби: 1 час * 15 нед. * 0,03 * 4 групи = 1,8	1,8
40.	Ревитализација на градителско наследство, зимски сем. (IX) 2017/18, вежби: 3 часа * 15 нед. * 0,03 * 3 групи = 4,05	4,05
41.	Архитектура и уметност на Македонија, летен сем. (VIII) 2017/18, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,05 = 1,5	1,5
42.	Архитектура и уметност на Македонија, летен сем. (VIII) 2017/18,	0,23

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	консултации: 115 студенти * 0,002 = 0,23	
43.	Конзервација и реставрација на градителско наследство, летен сем. (VIII) 2017/18, вежби: 2 часа * 15 нед. * 0,03 * 4 групи = 3,6	3,6
44.	Интегрирана заштита на градителското наследство (изб.), летен сем. (X) 2017/18, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	0,75
45.	Интегрирана заштита на градителското наследство (изб.), летен сем. (X) 2017/18, консултации: 8 студенти * 0,002 = 0,016	0,016
46.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2018/19, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,05 = 1,5	1,5
47.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2018/19, консултации: 111 студенти * 0,002 = 0,222	0,222
48.	Документирање и истражување на градителско наследство, зимски сем. (VII) 2018/19, вежби: 1 час * 15 нед. * 0,03 * 4 групи = 1,8	1,8
49.	Ревитализација на градителско наследство, зимски сем. (IX) 2018/19, вежби: 3 часа * 15 нед. * 0,03 * 3 групи = 4,05	4,05
50.	Архитектура и уметност на Македонија, летен сем. (VIII) 2018/19, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,05 = 1,5	1,5
51.	Архитектура и уметност на Македонија, летен сем. (VIII) 2018/19, консултации: 100 студенти * 0,002 = 0,2	0,2
52.	Конзервација и реставрација на градителско наследство, летен сем. (VIII) 2018/19, вежби: 2 часа * 15 нед. * 0,03 * 2 групи = 1,8	1,8
53.	Интегрирана заштита на градителското наследство (изб.), летен сем. (X) 2018/19, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	0,75
54.	Интегрирана заштита на градителското наследство (изб.), летен сем. (X) 2018/19, консултации: 8 студенти * 0,002 = 0,016	0,016
55.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2019/20, предавања: 2 часа * 15 нед. * 0,05 = 1,5	1,5
56.	Архитектура и уметност на Македонија, зимски сем. (VII) 2019/20, консултации: 102 студенти * 0,002 = 0,204	0,204
57.	Документирање и истражување на градителско наследство, зимски сем. (VII) 2019/20, вежби: 1 час * 15 нед. * 0,03 * 4 групи = 1,8	1,8
58.	Ревитализација на градителско наследство, зимски сем. (IX) 2019/20, вежби: 3 часа * 15 нед. * 0,03 * 3 групи = 4,05	4,05
	Настава во школи и работилници	**4,5**
59.	*I. Демирхисарска летна школа 2017 (популаризација и презентација на културното наследство),* Демир Хисар и манастир Св. Јован Претеча - Слепче, 7-14.7.2017, учесник од Архитектонскиот факултет при УКИМ, Скопје, како **раководител на секција и предавач.**	1,5
60.	*II. Демирхисарска летна школа 2018 (популаризација и презентација на културното наследство),* Демир Хисар и манастир Св. Јован Претеча-Слепче, 7-14.7.2018, учесник од Архитектонскиот факултет при УКИМ, Скопје, како **раководител на секција и предавач.**	1,5
61.	*III. Демирхисарска летна школа 2019 (популаризација и презентација на културното наследство),* Демир Хисар и манастир Св. Јован Претеча-Слепче, 7-14.7.2019, учесник од Архитектонскиот факултет при УКИМ, Скопје, како **раководител на секција и предавач.**	1,5
	Член на комисија за оцена или одбрана	**14,8**

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
62.	**Член** на Комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд од кандидатката м-р Ана Ивановска Дескова, дипл.инж.арх., под наслов: *Архитектурата од периодот на постземјотресната обнова на Скопје – вредности и состојба во рамки на современиот контекст,* предадена на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2015.	0,7
63.	**Член** на комисии за оцена и одбрана на магистерски труд – вкупно 46 во периодот јуни 2015 – декември 2019 год. (46*0,3 = 13,8)	13,8
64.	**Член на комисија за оцена (надворешен евалуатор)** на магистерскиот труд под наслов: *„The Old City Bazaar of Skopje, A Quest for the Proper Methodological Approach for its Rehabilitation and Future Development*“, од кандидатката Сања Тасева, дипл.инж.арх., пријавен на Faculty of Engineering Science, Raymond Lemaire International Centre For Conservation, Leuven, Belgium, - 2015.	0,3
	Вкупно	**92,074**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	Менторства	**20,5**
1.	**Коментор** на докторскиот труд: *Базиликалните цркви од 19 век во Македонија: потекло, типологија и влијанија* од кандидатката м-р Емилија Апостолова Чаловска, дипл.инж.арх., пријавен на Школата за докторски студии на Политехничкиот универзитет во Валенсија, Шпанија (ментори: проф. д-р Франциско Хуан Видал од Политехничкиот универзитет на Валенсија, Шпанија и проф. д-р Елизабета Касапова од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје), 2016 (во тек).	2,5
2.	**Ментор** на магистерски труд под наслов: *Ревитализација - зажувување и дополнување на програмата на археолошкиот локалитет Heraclea Lyncestis со внесување на современи содржини* од кандидатката Софија Николовска, 2016/2017.	2
3.	**Ментор** на магистерски труд под наслов: *Програмски интервенции за заживување на историскиот остров Голем Град* од кандидатката Марија Волкановска, 2016/2017.	2
4.	**Ментор** на магистерски труд под наслов: *Реставрација и ревитализација на Занатски дом Куманово* од кандидатката Стефанија Чушкаровска, 2016/2017.	2
5.	**Ментор** на магистерски труд под наслов: *Валоризација и ревитализација на Универзална сала во Скопје* од кандидатот Страшко Хаџи Коцев, 2016/2017.	2
6.	**Ментор** на магистерски труд под наслов: *Реактивирање на јавен простор со ревитализација на историски објект, преку примерот на Шенѓул (Ѓулчилер) амам – Скопје* од кандидатката Лилјана Јанкова, 2017/2018.	2
7.	**Ментор** на магистерски труд под наслов: *Реинтеграција и ревитализација на тврдините во модерниот град преку примерот на Тетовско кале - Балтепе* од кандидатката Сара Петровска, 2018/2019.	2
8.	**Ментор** на магистерски труд под наслов: *Програмски интервенции за ревитализација на Домазетовско Долиште во село Љубојно - Преспа* од кандидатката Христина Сањамовска, 2018/2019.	2

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
9.	**Ментор** на магистерски труд под наслов: *Враќање на животот во кастелите и утврдувањата во Македонија преку интегрирање на современи функции и контекст во општеството* од кандидатот Филип Конески, 2019/2020 (во тек).	2
10.	**Ментор** на магистерски труд под наслов: *Ревитализација и трансформација на објектот Стара железничка станица – Скопје во Нова станица на идеите* од кандидатката Ангела Чучкова, 2019/2020 (во тек).	2
	Научноистражувачки проекти	**20**
11.	**Раководител** на национален научноистражувачки проект: „Корпус на градителското наследство во Македонија, пилот-проект: Сакралната архитектура од 19 век во Македонија – Вардарски регион“, проект од национален интерес во културата од областа на заштитата на недвижното културно наследство за 2015 год., финансиран од Министерството за култура на РМ.	6
12.	**Раководител** на национален научноистражувачки проект: „Преродбенските дострели во сакралната архитектура на Охрид“, на Архитектонскиот факултет во Скопје, финансиран од средствата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2015/2016 год.	6
13.	**Учесник** во меѓународен истражувачки проект: „Regeneration and optimization of Cultural heritage in creative and knowledge cities“, Horizon 2020 Cultural Heritage as a driver sustainable growth, project lieder: Municipality of Bologna Italy, финансиран од ЕУ, 2017 (во тек).	5
14.	**Учесник** во национален научноистражувачки проект: „Загрозен Модернизам“, на Архитектонскиот факултет во Скопје, финансиран од средствата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2017/2018 год.	3
	Публикувани трудови	**19**
5.	Ментор на специјализанти по ендокринологија • д-р Лејла Шабани – почеток на специјализација 1.9.2015 година, решение бр. 1003-2600/727 од 27.8.2015 год. • д-р Марија Михајловска – почеток на специјализација 1.9.2015 год., решение бр. 0903-2600/727 од 27.8.2015 год. • д-р Цулиана Михајловска – почеток на специјализација 1.9.2015 год., решение бр. 0903-2600/726 од 27.8.2015 год. • д-р Хидајет Адеми Сејфули – почеток на специјализација 1.3.2017 година, решение бр. 1003-222/80 од 24.2.2017 год.	**1 бод** **1 бод** **1 бод** **1 бод**
6.	Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика[3] ☐ • д-р Лејла Шабани, 9 семестри • д-р Марија Михајловска, 9 семестри • д-р Цулиана Михајловска, 9 семестри • д-р Хидајет Адеми Сејфули, 6 семестри ☐	33 семестри x 15 недели x 3 часа x 0.06 = **89.1 бод**
7.	Одржување на настава од втор циклус студии (специјализанти), 3 часа	3x0.04 = **0.12 бод**
	Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа (специјалистички испит - Ендокринологија): • д-р Аргент Муча, 13.9.2019 • д-р Надица Божиновска, 27.9.2019 • д-р Марија Живкович, 3.10.2019 • д-р Радмила Милошеска, 7.11.2019 • д-р Ивана Младеновска-Стојкоска, 24.1.2020	5 x 0.2 = **1.0 бод**

	Член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација: д-р Искра Битоска, 22.5.2017 година	**0.7 бода**
	Вкупно	**203,76 бода**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование[9] • Kuzmanovska M, Noveski P, Terzic M, **Plaseski T**, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Lazarevski S, Sukarova-Stefanovska E, Plaseska-Karanfilska D. *Y-chromosome haplogroup architecture confers susceptibility to azoospermia factor c microrearrangements: a retrospective study*. Croat Med J. 2019 Jun 13;60(3):273-283. PMID: 31187956. **Impact factor 1.624.** • Noveski P, Popovska-Jankovic K, Kubelka-Sabit K, Filipovski V, Lazarevski S, **Plaseski T** and Plaseska-Karanfilska D. *MicroRNA expression profiles in testicular biopsies of patients with impaired spermatogenesis*. Andology. 2016 Nov; 4(6): 1020-1027. Doi 10.1111/andr.12246. Epub 2016 Aug 27. PMID 27566408 **Impact factor 2.427.** • A. Novevski P, Mircevska M, **Plaseski T**, Peterlin B, Plaseska-Karanfilska D. *Study of Three Single Nucleotide Polymorphisms in the*	(8+1.624)x0.6=**5.7744** (8+2.427)x0.6=**6.2562** (8+0.66)x0.6=**5.196** (8+3.234)x0.6=**6.7404**

	SLC14 Gene in Association with Male Infertility. Balkan J Med Genet. 2015 Apr. 10; 17 (2); 61-6. Doi: 10.2478/BJMG-2014-0075. eCollection 2014 Dec. PMID 25937799 **Impact factor 0.66.** • Noveski P, Madjunkova S, Mircevska M, **Plaseski T**, Filipovski V, Plaseska-Karanfilska D. SNa Pshot Assay for the Detection of the Most Common CFTR Mutations in Infertile Men. PLoS One 2014, Nov 11; 9(11); e112498 doi: 101371/journal.pone. 0112498 **Impact factor 3.234**	
2.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание[9] • Predrag Noveski, Katerina Popovska-Jankovic, Kateraina Kubelka, Vanja Filipovski, Slobodan Lazarevski, **Toso Plaseski** and Dijana Plaseska-Karanfilska. *Analysis of mRNA Expression Levels in FFPE Testicular Biopsies Using Real-time PCR Arrays*. Exploratory Research and Hypothesis in Medicine 2016, 1 (4):50-56. Accepted: September 14, 2016. Published online: November 30, 2016.	3x0.6=**1.8**
3.	Апстракти објавени во зборник на конференција 10 • M. Kuzmanovska, P. Noveski, M. Terzic, **T. Plaseski**, K. Kubelka-Sabit, V. Filipovski, S. Lazarevski, E. Sukarova Stefanovska, D Plaseska-Karanfilska. E-P01.57 - *Y-chromosome haplogroup architecture confers susceptibility to AZFc microrearrangements*. European Human Genetics Conference, Milan, Italy; June 16-19, 2018. • Noveski P, Terzic M, **Plaseski T**, Dimishkovska M, Jakimovska M, Plaseska-Karanfilska D. *Using Next-Generation Sequencing Technology for Genetic Diagnosis of*	**1 бод** **1 бод** **1 бод**

	Globozoospermia. ICGEB-Trieste Workshop on “Next Geneation Diagnostics”, March 22-24, Skopje, R. North Macedonia. BJMG 2018 Supplement, P23, p67. • Noveski P, Sukarova-Stefanovska E, Mirchevska M, Plaseski T, Plaseska-Karanfilska D. Association between Azoospermia factor c (AZFc) rearrangements and Y chromosome lineages. European Human Genetics Conference 2014, May 31-June 03, 2014, Milan, Italy.	
4.	Учество на научен/стручен собир со реферат со постер • Noveski P, Terzic M, **Plaseski T**, Dimishkovska M, Jakimovska M, Plaseska-Karanfilska D. *Using Next-Generation Sequencing Technology for Genetic Diagnosis of Globozoospermia*. ICGEB-Trieste Workshop on “Next Geneation Diagnostics”, March 22-24, Skopje, R. North Macedonia. BJMG 2018 Supplement, P23, p67. 1	**0.5 бода**
5.	Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинсите науки и здравството / партиципација во национални и меѓународни научни проекти Билатерален проект меѓу Република Северна Македонија и Република Словенија, од 1.1.2017 до 31.12.2018 (договор бр. 09-1037/1): „Откривање на генетски фактори за идиопатски машки инфертилитет со нови секвенционирачки технологии“, (како соработник истражувач)	**5 бода**
6.	Предавање на катедра „Мутации во генот за цистична фиброза кај инфертилни мажи“ (реализирано на 5.11.2015 година)	**1 бод**
	Вкупно	**35.267 бода**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир Член на научен комитет на 5th Macedonian Congress of Endocrinology with international participation и 3rd Diabetes Days in Macedonia, Охрид, 10-13.5.2018	**1 бод**
2.	Раководител на внатрешна организациона единица 12 Шеф на Андролошки отсек на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	**3 бода**
3.	Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството Учесник во 203 проектот за континуирана обука на доктори од примарната здравствена заштита, организиран од Министерството за здравство (2014-2016 година), како предавач.	**1 бод**
	Вкупно	**5 бода**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**203,76**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**35,267**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**5,0**
Вкупно	**244,027**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Татјана Миленковиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Славица Шубеска Стратрова, член, с.р.
Проф. д-р Снежана Марковиќ Темелкова, член, с.р.
Проф. д-р Ѓулшен Селим, член, с.р.
Проф. д-р Марјан Бошевски, член, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручнопременувачката дејност на н. сор. д-р Тошо Плашески. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека н. сор. д-р Тошо Плашески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето виш научен соработник по наставно-научните области: интерна медицина и ендокринологија и заболување на метаболизмот. Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, н. сор. д-р Тошо Плашески да биде избран во звањето виш научен соработник во наставно-научните области: интерна медицина и ендокринологија и заболување на метаболизмот.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Татјана Миленковиќ, претседател, с.р.
Проф. д-р Славица Шубеска Стратрова, член, с.р.
Проф. д-р Снежана Марковиќ Темелкова, член, с.р.
Проф. д-р Ѓулшен Селим, член, с.р.
Проф. д-р Марјан Бошевски, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА ТРАНСАРТЕРИСКАТА ХЕМОЕМБОЛИЗАЦИЈА СО ПАРТИКЛИ, СО МОЖНОСТ ЗА ЗБОГАТУВАЊЕ СО ЦИТОСТАТИК, ВО ТРЕТМАН НА ХЕПАТОЦЕЛУЛАРЕН КАРЦИНОМ” ОД Д-Р АЛЕКСАНДАР ЃОРЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 275 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (бр. 458 од 17.10.2019) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), Наставно-научниот совет на Факултетот, на својата XXIV редовна седница одржана на 25.2.2020 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии - докторски студии по медицина, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот д-р Александар Ѓорески со наслов „Улогата на трансартериската хемоемболизација со партикли, со можност за збогатување со цитостатик, во третман на хепатоцелуларен карцином”, во состав: проф. д-р Светлана Антевска Грујоска (претседател), проф. д-р Владо Јаневски (ментор), проф. д-р Розалинда Попова- Јовановска (член), проф. д-р Михаил Груневски (член) и проф. д-р Виолета Василевска Никодиновска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот д-р Александар Ѓорески, со наслов „Улогата на трансартериската хемоемболизација со партикли, со можност за збогатување со цитостатик, во третман на хепатоцелуларен карцином”, содржи 130 страници компјутерски обработен текст во фонт Tahoma, со 1,15 проред и големина на букви 11, 34 747, библиографски единици од темата што се обработува, меѓу нив научни трудови, книги и интернет-ресурси. Текстот е збогатен со 73 табели и 56 слики.

Трудот е структуриран во 8 глави: вовед, мотив, цели на студијата, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатот, на концизен и прегледен начин, поткрепен со многубројни литературни извори, ги изнесува основните податоци за хепатоцелуларниот карцином, неговата дијагностика, дефинирањето на стадиумите на болеста, како и опциите на третман, осврнувајќи се подетално на трансартериската хемоемболизација. Накратко, кандидатот зборува за интервентните радиолошки васкуларни и неваскуларни техники кои се клучни во третманот на туморите и други патолошки состојби на црниот дроб. Воведот содржи податоци кои се објавени во современата научна литература, а се однесуваат на предметот од интерес на предложеното истражување. Содржински е јасно структуриран и лесно се следи и иницира интерес за одбраната тема.

Понатаму, во воведот на оваа докторска дисертација, кандидатот го дефинира хепатоцелуларниот карцином со неговата годишна инциденца и прогнозата за преживување. Во текстот се опишуваат модалитетите на дијагностика на хепатоцелуларниот карцином, кои вклучуваат ултрасонографија на абдомен со или без контраст и задолжителен доплер; лабораториски испитувања, вклучително и туморскиот маркер алфафетопротеин (АФП); потоа напредни радиолошки, визуелни “imaging” испитувања од типот на контрастна мултидетекторска компјутеризирана томографија (МДКТ) на абдомен или контрастна магнетна резонанца (МР) на црниот дроб со вклучени постконтрасни серии во повеќе фази поради задолжително следење на туморската хемодинамика во артериска и портовенска фаза. Понатаму, во воведниот дел од докторската дисертација, кандидатот се осврнува на усвојувањето на препораките од страна на група експерти за ХЦЦ од Европа, European Association for study of the liver (EASL) и од Америка, American Association for the study of the liver (AASLD) кога за прв пат е усвоен нов „типичен” радиолошки знак за ХЦЦ, кој се карактеризира со брз и интензивен “uptake” на контраст во артериска фаза и брз “wash out” на портовенската фаза. Следствено, во однос на тоа која радиолошка/визуелна (imaging) техника би требало да се користи, кандидатот дава објаснување дека типичниот радиолошки знак за ХЦЦ се базира на васкуларната динамика на туморот, поради што новите машини за КТ или МР со употреба на модерни протоколи за скенирање се препорачуваат за неинвазивна дијагностика на ХЦЦ. Кандидатот во воведот во делот на дијагностиката на ХЦЦ, објаснува дека кога претходно наведените модалитети се недоволни и неконклузивни за дијагнозата на хепатоцелуларниот карцином се изведува перкутана биопсија на црн дроб водена под ултразвук или КТ со последователна патохистолошка анализа. При тоа го потенцира правилното дефинирање на нодулусите на црниот дроб како пренеопластични лезии или ран ХЦЦ, додека високо ризичните или т.н. диспластични лезии би требало редовно да се следат на пократки временски интервали со некоја од наведените “imaging” техники бидејќи една третина од нив потенцијално развиваат малиген фенотип.

Понатаму, во текстот од воведниот дел на докторската дисертација, кандидатот дава осврт на дефинирањето на стадиумот на болеста и потенцира дека одредувањето на туморската екстензија е клучна за дефинирање на стадиумот на болеста и понатамошното лекување. Кандидатот набројува дека денес постојат повеќе валидни системи за одредување на стадиумот на болеста (staging), третман и следење на ХЦЦ, меѓу кои го издвојува, како најсеопфатен и најшироко прифатен, BCLC (Barcelona Clinic Liver Cancer) системот. Кандидатот ги објаснува актуелните препораки од 2018 година од EASL (European Association for study of Liver) кои се базираат на BCLC-класификациониот систем за одредување на стадиумот на ХЦЦ, кој вклучува прогностички варијабли поврзани со туморскиот раст, црнодробната функција (Child-Pugh класа), здравствениот статус (Performance Status) на пациентот заедно со третман-зависните варијабли кои се добиени од податоци од актуелни рандомизирани студии. Критериумите за третман на карцином на црн дроб, во зависност од стадиумот на болеста, класифицирани се според BCLC-системот, кој е прифатен од повеќето светски и европски водичи за терапија на ХЦЦ. Според BCLC-системот, ХЦЦ е класифициран во пет стадиуми: многу ран (0), ран (А), интермедиерен (Б), напреднат стадиум (Ц) и краен стадиум (Д) и секој стадиум има јасно одредена најсоодветна терапија. Во понатамошниот текст на воведот, кандидатот детално ги објаснува повеќето тераписки модалитети во терапијата на ХЦЦ според стадиумот на болеста, вклучително: хируршки интервенции и црнодробна трансплатација, локорегионални терапии со интервентни радиолошки аблативни методи (перкутана радиофреквентна аблација-RFA, микробранова аблација-MWA, перуктано инјектирање на етанол-PEI), зрачна и

системска хемотерапија, давајќи акцент на трансартериската хемоемболизација (TACE) како тераписки модалитет, а воедно и најшироко употребуван примарен третман за нересектибилен ХЦЦ и препорачана прва линија на терапија за пациенти кои се наоѓаат во интермедиерен стадиум на болеста. Ова кандидатот го потврдува, изнесувајќи ги резултатите на Llovet и сор., и Bruix и сор., кои покажуваат дека TACE значително го подобрува преживувањето кај пациентите, како и на Varela и сор., чија студија говори за TACE како најчесто користена метода кај пациентите со ХЦЦ. Терапискиот модалитет TACE е опишан во детали, ги прикажува карактеристиките, начинот на изведување на интервенцијата, селекција на пациентите, индикациите, контраиндикациите и предностите на трансартериската емболизација (TAE), конвенционалната трансартериска хемоемболизација со липиодол (c-TACE) и трансартериската хемоемболизација со партикли, со можност за збогатување со цитостатик (DEM-TACE).

Воведниот дел завршува со анализа дека TACE претставува голем дел од секојдневната рутинска практика кај пациентите со ХЦЦ во светот иако во моментот сè уште недостасуваат доволно докази преку рандомизирани студии за тоа која метода е поефективна за пациентите со ХЦЦ, дали конвенционалната трансартериска хемоемболизација со липиодол или онаа со партикли збогатени со цитостатик. Досега се направени само неколку рандомизирани проспективни студии кои директно ги компарираат резултатите од овие две методи и ниту една од нив не покажува сигнификантно поголем бенефит на едната или другата метода што се однесува на вкупната стапка на преживување на пациентите.

Втората глава го анализира **мотивот** за изработка на докторската дисертација. Недостатокот на слични репрезентативни истражувања од оваа област како во Р Северна Македонија, така и во светски рамки, претставува мотив за изработка на докторската дисертација. Потребата да се добијат нови знаења и податоци кои ќе ја одразат состојбата претставува движечка сила за да се пристапи кон ова истражување со цел да се постигне консензус во однос на тоа која од гореспоменатите две методи е со поголем успех и поголема стапка на преживување.

Третата глава ги анализира **целите** на оваа докторска дисертација. Целите се јасно дефинирани и преку нив треба да се утврди и спореди 12 и 24-месечната стапка на вкупно преживување кај пациентите со ХЦЦ кои се третирани со двете методи, конвенционална трансартериска хемоемболизација и хемоемболизација со партикли збогатени со доксорубицин, понатаму да се евалуираат несаканите ефекти од двата типа на интраартериска хемоемболизација, како и да се спореди траењето и интензитетот на постемболизацискиот синдром по двете методи на хемоемболизација.

Четвртата глава од оваа докторска дисертација ги опишува **материјалот и методите** кои се употребени за реализирање на дефинираните цели во оваа студија. Претходно е добиено одобрение од Етичката комисија за истражување на луѓе при Медицинскиот факултет во Скопје и Етичката комисија за спроведување на клинички студии во ГОБ “8-ми Септември”. Истражувањето е спроведено во ЈЗУ, ГОБ „8 Септември” во Скопје на Одделот за дијагностичка и интервентна радиологија, во соработка со Одделот за гастроентерохепатологија, Одделот за општа и дигестивна хирургија, како и Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија и универзитетските клиники за гастроентерохепатологија и дигестивна хирургија во Скопје. Според јасно дефинирани инклузиони и ексклузиони критериуми, во оваа студија се вклучени вкупно 60 испитаници кои се рандомизирани по принцип еден по еден најизменично за третман со конвенционална трансартериска хемоемболизација со липиодол (c-TACE) или трансартериска хемоемболизација со партикли, со можност за

збогатување со цитостатик (DEM-TACE), по претходно потпишана информирана согласност.

Сите емболизации се изведени во сала за ангиографија на Одделот за дијагностичка и интервентна радиологија во ГОБ „8 Септември” на апарат – ангиограф (Shimadzu Trinias F12, Japan). Користени се дијагностички катетри, дијагностички жици водичи, микроводичи со различни димензии и карактеристики по избор на радиологот и во зависност од анатомијата на крвните садови на пациентот. За сите хемоемболизации, користен е ист тип на хидрофилен микрокатетер за суперселективна катетеризација на артериите до сегментно и супсегментно ниво. Во групата на DEM-TACE користени се микропартикли со можност за збогатување со цитостатик изградени од полиетилен гликол или поливинил алкохол збогатени со 50-100 мг доксорубицин, додека во групата на пациенти со класична хемоемболизација користен е липиодол - јодизирачко масло како носач на лекот во комбинација со 50-100 мг доксорубицин, кој пациентите го добиваат неколку дена пред интервенцијата од својот ординирачки онколог при Универзитетската клиника за онкологија и радиотерапија.

Кај сите пациенти пред ендоваскуларниот, односно интраартерискиот третман, дадено им е детално објаснување за текот и видот на процедурата, потпишана е информирана согласност за интервенцијата и за учество во студијата, како и согласност за ваквиот тип на лекување.

Кај сите пациенти пред интервенцијата користена е стандардна премедикацаија (амп. цефтриаксон, амп. тродон, амп. нифлам, амп. реглан, амп. ранитал во 1000 мл 0,9 % NaCl раствор и амп. дормикум и.в.), како и друга симптоматска терапија по потреба за време и по завршување на интервенцијата.

Подготовката на цитостатикот и партиклите за хемоемболизација е правена најчесто 24 часа пред процедурата или на денот на процедурата неколку часа порано, по препорака за употреба од страна на производителот, додека во случаите кога е изведувана конвенционална хемоемболизација со липиодол, емулзијата доксорубицин и липиодол е подготвувана за време на самата интервенција непосредно пред вбризгување во артеријата.

Ендоваскуларниот третман кај сите пациенти е изведен преку феморален пристап. Регијата каде што се прави пункција се стерилизира според хируршките стандарди за стерилизација и се покрива со стрилна компреса. На местото на феморалната пункција се администрираат 8-10 мл локален анестетик, лидокаин. Со помош на скалпел се прави мал рез на кожата од 5мм и местото на пункција се проширува со пеан. Со употреба на игла од 18G пунктирана е феморалната артерија. По направената пункција низ иглата во артеријата се внесува метална жица –водич, потоа иглата се вади и преку жицата се поставува интродјусер и низ него во артеријата се пласира дијагностички катетер и жица водич. После позиционирањето во посакуваниот крвен сад, се изведува селективна ангиографија со помош на автоматски инјектор во зависност од катетерот. Кандидатот посочува дека во зависност од калибарот на артериите, полот, возраста и телесната тежина на пациентот се употребуваат различни количини на контраст и истите се администрираат со различна брзина. Објаснета е процедурата и изведувањето на супраселективната ангиографија со цел да се добие што подобар приказ на хранителните артерии на туморот за да се овозможи пристапување на апликација на цитостатик и емболизирачки агенси и да се избегне емболизација на здрав црнодробен паренхим. Апликацијата на хемоемболизирачки агенси, интраартерискисе изведува под флуороскопска контрола, чие континуирано користење е задолжително.

Хемоемболизацијата кандидатот ја завршувал по аплицирање на максимални дозволени дози од 100 мг на доксорубицин интраартериски или, пак, при појава на бавен проток во хранителните туморски артерии т.н. “back flow” низ микрокатетерот под

директна флуороскопска контрола. На крајот на интервенцијата, кандидатот изведувал контролна ангиографија со цел да види дали е постигната задоволителна деваскуларизација на туморот. По завршување на интервенцијата, местото на феморална пункција е затворано со мануелна компресија во времетраење 15-20 минути, а поретко се користени и специјални уреди за затворање на крвниот сад. Кај пациентите со туморски промени во обата лобуса на црниот дроб, најпрво кандидатот пристапил кон третман на едниот лобус, а за 3-4 седмици и на другиот лобус соодветно. Интервенциите се повторувани сè додека не е постигнат комплетен одговор на третманот.

Доколку по интервенцијата немало појава на изразен постемболизациски синдром, како и појава на локални и системски компликации, пациентите биле отпуштани од болница за 1-2 дена по интервенцијата, со препорака за задолжителна антибиотска терапија и друга симптоматска терапија и препорака за задолжителен контролен КТ или МР на абдоменот за 3-4 седмици.

Кандидатот одговорот на интраартериската таргетирана терапија, односно ефектот од неа, го следел со контролни напредни радиолошки имиџинг-иследувања како МДКТ или МР на црниот дроб со контраст со задолжителни динамички постконтрастни серии во повеќе фази, на строго дефинирани временски интервали, а толкувањето на резултатите од хемоемболизацијата е правено според однапред утврдени радиолошки критериуми за следење на болеста, mRECIST (Modified Response Evaluation Criteria in solid Tumors). Според овие критериуми, постојат неколку степени на одговор на интраартериската терапија. Доколку на контролните МДКТ или МР на абдомен се детектирани знаци за евентуален рецидив или појава на нови тумори во текот на следењето, планирана е повторна интервенција.

Статистичката обработка и анализа на податоците е направена во статистичкиот програм SPSS for Windows 23.0. За тестирање на нормалноста во дистрибуцијата на податоците користен е Kolmogorov-Smirnov тестот. Квантитативните белези со симетрична дистрибуција се прикажани со аритметичка средина и стандардна девијација, а со симетрична дистрибуција со медијална средина и квартални рангови. Квалитативните белези се прикажани со апсолутни и релативни броеви. Биваријантна анализа е направена за споредување на групите третирани со c-TACEи DEB-TACE, при што се користени Chi-square и Fisher exact тест за споредување на квалитативните белези, Mann–Whitney и Student t-тест за споредување на квантитативните белези. Kaplan-Meier анализа на преживување е користена за одредување на 12 и 24 месечно преживување кај пациентите со хепатоцелуларен карцином, со пресметување на стапката на преживување, просечно и средно преживување. Log Rank (Mantel-Cox) тестот беше користен за споредување на времето на преживување меѓу варијаблите од интерес. Униваријантна и мултипла Cox регресиона анализа со пресметување на Hazard ratios и 95 % интервал на доверба е спроведен за да се детерминираат сигнификантните предиктори за летален исход. Податоците од интерес се прикажани табеларно и графички. За статистички сигнификантни беа земени вредностите на $p<0,05$.

Во петтата глава, во делот **резултати** од истражувањето, прикажани се резултатите добиени со обработка и анализа на 60 испитаници, пациенти со хепатоцелуларен карцином во интермедиерен стадиум на болеста упатени за лекување на Одделот за дијагностичка и интервентна радиологија при ЈЗУ ГОБ „8 Септември“, Скопје. Пациентите биле третирани со две техники, група од 28 (46,7 %) со конвенционална трансартериска хемоемболизација со липиодол (c-TACE) и 32 (53,3 %) пациенти со трансартериска хемоемболизација со честички збогатени со цитостатик (DEB-TACE). Од нив, пациентите третирани со c-TACE биле со просечна возраст од 67,93 ± 7,4 години, а пациентите третирани со DEB-TACE биле со просечна возраст од 68,81±7,0 години. Тестираната разлика во просечната возраст на пациентите во

зависност од типот на интервенција не била статички сигнификантна, односно значајна (p=0,6). Половата структура на испитаниците ја сочинувале доминатно машки пациенти 41 (68,3 %) наспроти 19 (31,7 %) женски. Пациенти од машки пол биле мнозинство на испитаници и во групата третирана со конвенционална трансартериска хемоемболизација со липиодол и во групата третирана со трансартериска хемоемболизација со честички збогатени со цитостатик, 20 (71,4 %) наспроти 21 (65,6 %).Статистички несигнификантна била разликата во половата дистрибуција на пациентите, а во зависност од видот на интервенцијата (p=0,6).

Анализиран е бројот на интервенции кај пациентите третирани со двете методи c-TACE и DEB-TACE, според кој пациентите вклучени во студијата имале најчесто 2 интервенции - 28 (46,7 %) пациенти, а по групи, две интервенции имале 13 (46,4 %) пациенти од групата со c-TACE, и 15 (46,9 %) од групата со DEB-TACE. Повеќе од две интервенции биле применети кај 13% (46,4 %) пациенти третирани со c-TACE и кај 12 (37,5 %) пациенти третирани со DEB-TACE. Бројот на интервенции не се разликувал сигнификантно меѓу пациентите третирани со c-TACE и DEB-TACE (p=0,46).

Понатаму во студијата е анализирана стапката на преживување кај пациентите третирани со c-TACE и DEB-TACE. За анализа за стапката на преживување во зависност од типот на интервенцијата, користена е Kaplan-Meier анализа, според која компаративно е прикажана стапката на 12 и 24-месечно преживување кај пациенти со c-TACE и DEB-TACE по тип на интервенција. Според добиените резултати, стапката на вкупно 12 и 24-месечно преживување на пациентите со ХЦЦ била 89,8 % и 70,7 %. Во зависност од тераписката метода која е користена, стапките на 12 и 24-месечно преживување се 85,7 % и 63,6 %, по извршена конвенционална трансартериска хемоемболизација со липиодол, а 90,2 % и 76,8 %, консеквентно, по извршена трансартериска хемоемболизација со честички збогатени со цитостатик. При тоа, не е најдена статистички значајна разлика во времето на преживување во зависност од типот на извршената интервенција (p=0,18). Просечното време на преживување било слично во двете групи и изнесувало околу 22 месеци.

Униваријантната Cox regression анализа не го потврдила типот на интервенција како сигнификантен предиктор за преживување кај пациентите со хепатоцелуларен карцином (p= 0,196). Пациентите кај кои била применета c-TACE метода имаат околу 1,7 пати несигнификантно поголем ризик за летален исход од пациентите кај кои била применета DEB-TACE методата (HR=1.898, 95 % Cl 0.721-4999).

Во периодот од 24 месеци по извршената интервенција, од малигно заболување егзитирал само еден пациент со скор А по Child-Pugh, а 14 со скор В по Child –Pugh. Стапките на 12 и 24-месечно преживување биле 95,8 % во групата со пациенти со скор А, а 84,4 % и 55,7 % консеквентно, во групата пациенти со скор В. Добиените резултати покажуваат сигнификантна разлика (вредноста p=0.001) во времето на преживување меѓу пациентите со А и В Child-Pugh скор на цироза. Просечното време на преживување било 23,5 месеци за пациентите со скор А, и 19,4 месеци за пациентите со Child-Pugh скор В. Child-Pugh скорот кај пациенти со хепатоцелуларен карцином е сигнификантен прогностички фактор за преживување. Ризикот за летален исход кај пациентите со скор В е за околу 5 пати повисок од пациентите со скор А (HR=5.238, 95% 1.171-23.435). Што се однесува до несаканите ефекти од терапијата постпроцедурално, болка се јавила кај 28 (46,7 %) пациенти, кај 16 (57,1 %) испитаници лекувани со трансартериска хемоемболизација со липиодол, а кај 12 (37,5 %) лекувани со трансартериска хемоемболизација со честички збогатени со цитостатик. Поголемата зачестеност на појава на болка постпроцедурално кај пациентите подложени на методата c-TACE статистички не е потврдена како сигнификантна (p=0,13). Покачена телесна температура како дел од постемболизацискиот синдром по интервенција е забележана кај вкупно 36

(60 %) испитаници, сигнификантно повеќе во групата на c-TACE(23) во однос на DEM-TACE (13) за вредност на p=0,001.

Во делот **Дискусија**, авторот ги коментира резултатите од студијата и ги споредува со наодите во стручната и научна литература. Вредно е да се напомене дека ова е метода која кандидатот за првпат ја воведува во областа на интервентната радиологија во Република Северна Македонија во ЈЗУ ГОБ „8 Септември“ - Скопје и засега тоа е единствениот центар на ниво на државата каде што таа рутински се изведува. Самата дискусија содржи потточки во кои се дискутирани карактеристиките на пациентите испитувани во студијата (по возраст, пол, црнодробно оштетување и етиолошки причини за црнодробна цироза) и карактеристиките на туморот (големината и бројот на тумори) во корелација со тераписките модалитети кои се користени, конвенционална трансартериска хемоемболизација со липиодол (c-TACE) и трансартериска хемоемболизација со честички збогатени со цитостатик (DEM-TACE) во третман на хепатоцелуларен карцином кај пациенти во интермедиерен стадиум на болест. Резултатите од студијата покажуваат дека и покрај тоа што се третирани пациенти со ХЦЦ со поголема димензија, ефектите од терапијата се слични на студии каде што се третирани и помали тумори. Присуството на асцит пред TACE се покажало како статистички сигнификантен предиктор врз вкупното преживување.

Во однос на преживувањето на пациентите третирани со c-TACE и DEB-TACE, кандидатот анализира дека стапката на вкупното 12-месечно преживување на пациентите со ХЦЦ во оваа студија изнесува 89,8 %, додека стапката на 24-месечно преживување е 70,7 %, а просечното вкупно преживување на пациентите во студијата изнесува околу 21,1 месец. Ваквите резултати кои кандидатот ги има изнесено покажуваат незначително подобри резултати во однос на стапката на 12 и 24-месечно преживување споредбено со повеќето студии кои ја обработуваат оваа проблематика досега. Добиените резултати во оваа докторска дисертација не демонстрираат статистички сигнификантна разлика во однос на вкупното преживување на пациентите третирани со DEM TACE во однос на оние кои се третирани со c- TACE.

Заклучоците се јасни, концизни и целосно кореспондираат со поставените цели. Тие логично произлегуваат од резултатите и спроведената статистичка анализа, при што се вклучени бројни релевантни параметри конзистентни со темата.

Во однос на стилот, користен е научен јазик со јасни формулации, прецизни и едноставни реченици, што не му остават простор на читателот за нејаснотии, двосмисленост или дилема. Резултатите се прикажани јасно и прегледно, преку бројни 73 табели и 56 слики, што му даваат на текстот димензија на рационализација и компактност.

Приложената литература е обемно претставена со 198 референци, прегледна и коректно цитирана, при што се почитува редоследот на цитираност во текстот.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автори: Автори: “ЃорескиА., Попова Јовановска Р., Ефтимовска Рогач И., Вејсели Ј.”. Safety Profile and Efficacy of Chemoembolization with Doxorubicin-Loaded Polyethylen Glycol Microspheres in Patients with Hepatocellular Carcinoma, објавен во Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2019; 0.3889/oamjms.2019.179

[2]. Автори: “Ѓорески А., Ристески Ф., Дамјаноски Ѓ.” Successful endovascular treatment of a giant hepatic artery aneurysm with dual layer stents placement as flow diverting option:

“Case report”, објавен во Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2019; 1857-9655

[3]. Автори: “ Ѓорески А., Ѓорески Ј., Нанчева А. ” . Uterine Fibroid Embolisation via Transradial versus Transfemoral Arterial Access: TechicalResults ,објавен во Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2019; :doi.org/10.3889/oamjms. 2019.163

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на д-р Александар Ѓорески, со наслов „Улогата на трансартериската хемоемболизација со партикли, со можност за збогатување со цитостатик, во третман на хепатоцелуларен карцином”, претставува истражување во клиничката медицина од научното подрачје радиологија, со потесна област - интервентна радиологија. Во согласност со мотивот на студијата, дефинирани се целите на истражувањето да се прикажат двете техники на хемоемболизација, конвенционална трансартериска хемоемболизација со липиодол (c-TACE) и трансартериска хемоемболизација со честички збогатени со цитостатик (DEB-TACE) во третман на хепатоцелуларен карцином кај пациенти во интермедиерен стадиум на болеста. Поставените цели во студијата се во целост реализирани, а добиените резултати се соодветно презентирани и обработени со научно и применето клиничко значење. Сумирајќи ги концизно резултатите од оваа студија и заклучоците кои произлегуваат, докторантот дава значаен придонес за зголемување на знаењата за интраартериската хемоемболизација во третманот на хепатоцелуларниот карцином. Клиничкото значење на оваа студија произлегува од резултатите преку кои се добиени прецизни податоци за одредување на 12 и 24-месечно преживување кај пациенти со хепатоцелуларен карцином, со пресметување на стапката на преживување, просечно и средно преживување, несаканите ефекти од обата вида на хемоемболизација, како и споредба на постемболизацискиот синдром. Податоците од оваа студија се од особено значење при планирањето на третманот на пациенти со хепатоцелуларен карцином. Познавањето на индикациите за примена на оваа ендоваскуларна, интраартериска интервентна радиолошка процедура ни овозможува безбедно изведување на овие интервенции.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на д-р Александар Ѓорески со наслов „Улогата на трансартериската хемоемболизација со партикли, со можност за збогатување со цитостатик, во третман на хепатоцелуларен карцином”, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

Научниот придонес на оваа докторска дисертација е воведување на нови методи во терапијата на хепатоцелуларниот карцином во интермедијарен стадиум во РС Македонија. Добиените податоци од ова клиничко истражување за стапката на преживување и ефектите од две различни техники на трансартериска хемоемболизација во третманот на хепатоцелуларен карцином имаат апликативна вредност во секојдневната клиничка практика и отвора нови хоризонти за научноистражувачка работа.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот д-р Александар Ѓорески со наслов „Улогата на трансартериската хемоемболизација со партикли, со можност за збогатување со цитостатик, во третман на хепатоцелуларен карцином”.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Светлана Антевска Грујоска, претседател, с.р.
Проф. д-р Владо Јаневски, ментор, с.р
Проф. д-р Розалинда Попова-Јовановска, член, с.р.
Проф. д-р. Михаил Груневски, член,с.р.
Проф. д-р Виолета Василевска Никодиновска, член, с.р

До
Рецензентската комисија за избор
на 20 асистенти по предметот Хирургија
на Медицинскиот факултет во Скопје,
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“

Предмет: Претставка по повод објавениот Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1208, од 1.2.2020, а во врска со објавениот конкурс за избор на 20 асистенти по предметот Хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, објавен во печатените медиуми „Вечер” и „Коха” од 30.9.2019 година.

Почитувани,
Ви се обраќаме по повод објавениот Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1208, од 1.2.2020. Имено, врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, бр. 4658/40, донесена на 22.10.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Горан Кондов, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Драгослав Младеновиќ, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и проф. д-р Елизабета Мирчевска Жоговска, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје. Комисијата имаше за цел да изготви извештај со заклучок и предлог на кандидати кои треба да бидат избрани во звање-асистент по предметот Хирургија при Медицински факултет во Скопје.
Во заклучокот и предлогот на крајот од извештајот е наведено: “Два члена од Комисијата, проф. д-р Горан Кондов и проф. д-р Елизабета Жоговска Мирчевска, ги разгледуваа сите документи и го донесоа следниов заклучок: Сите кандидати ги исполнуваат условите. **Со оглед на тоа што во наредниот период заради парламентарни избори** нема да се одржуваат избори во наставни звања, со можност дел од кандидатите, кои се веќе со статус на соработнички звања, да ги изгубат звањата, да им се прекине договорот за работа со Медицински факултет – Скопје, Комисијата ги предлага следниве кандидати за избор во звањето асистент: д-р Маргарита Пенева, д-р Марко Спасов, д-р Весна Цветановска, д-р Бисера Пендовска, д-р Софија Пејкова, д-р Стојан Ѓошев, д-р Андријана Ѓорѓеска Нацеска, д-р НаташаТолеска Димитровска, д-р Кемал Рушити, д-р Илир Вела, д-р Тони Ристески, д-р МаријаМилошевска Мијалковска, д-р Весна Милошевска Јакимовска, д-р Васил Папастиев, д-р Жанита Јовановска, д-р Елизабета Луковска Обочки, д-р Билјана Шапова, д-р Љубомир Огњеновиќ, д-р Ѓорѓи Трајковски, д-р Владимир Гиноски”.
Третиот член на Комисијата, проф. д-р Драгослав Младеновиќ, дава **издвоено мислење** заради несогласување со останатите членови на Комисијата: “Предложените 19 од 20 кандидати од останатите два члена на Рецензентската комисија **се веќе избрани во асистентски звања и нивниот реизбор (избор) е во мај, односно септември 2020 година.** Конкурсот е предвреме распишан на 30.9.2019 година и согласно со Законот за високото образование на РМ, **член 176**, не ги опфаќам предложените кандидати. Во членот 176 од Законот за високото образование на РМ децидно стои: „Најрано 7, а најдоцна 6 месеци пред истекот на звањето се распишува конкурсот за лицата кои треба да бидат избрани (реизбрани).” Со оглед тоа што има повеќе од 7 месеци од распишаниот конкурс, предложените кандидати не треба бидат предложени и во законски рок да им биде распишан конкурс за избор (реизбор). Согласно со Законот и членот 176, ги предлагам следниве кандидати за избор во звањето асистент:

Согласно со Законот и членот 176 ги предлагам следниве кандидати за избор во звањето асистент:
1. д-р Небојша Настов
2. д-р Шенол Тахир
3. д-р Андреј Николовски
4. д-р Валон Салиу
5. д-р Благоја Србов
6. д-р Димитар Трајковски
7. д-р Јосиф Јанчулев
8. д-р Ана Рајковска Кимовска
9. д-р Томислав Јовановски
10. д-р Драган Хаџи-Манчев
11. д-р Маријан Шокаровски
12. д-р Бурим Елези
13. д-р Дарко Џамбаз
14. д-р Елена Зафировиќ
15. д-р Лабинот Бектеши
16. д-р Жарко Спасовски
17. д-р Газменд Елези
18. д-р Дарко Димитровски
19. д-р Еџевит Кадри
20. д-р Владимир Гиноски “.

Ние, долупотпишаните кандидати за избор во звањето асистент по предметот Хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, сметаме дека сме директно оштетени со одлуката на првите двајца членови на Комисијата од причина што со тоа е **директно прекршен членот 176 од Законот за високото образование на РМ,** објавен во Службен весник на Р. С. Македонија на 8.5.2018 година. Основна причина за тоа е дека 19 од кандидатите предложени од страна на проф. д-р Горан Кондов и проф. д-р Елизабета Жоговска Мирчевска, се веќе претходно избрани за асистенти и **не ги исполнуваат условите за нивни реизбор предвидени во конкурсот заради незапазениот рок на негово објавување**. Втор момент е дека е невозможно една стручно-научна рецензија да биде базирана на актуелни политички настани (парламентарни избори), имајќи ја предвид **автономијата на УКИМ**. Образложението на нивниот предлог за избор (реизбор) на кандидатите го сметаме за повеќе од несериозно, дотолку што парламентарни избори во Р. С. Македонија сè уште не се распишани до денешен ден и таквата одлука е базирана на претпоставки.

Со оваа наша претставка очекуваме и сметаме дека неправдата што ни е нанесена преку директно кршење на Законот за високото образование ќе биде исправена и кандидатите кои ги исполнуваат сите услови за избор, а се наведени во издвоеното мислење на проф. д-р Д. Младеновиќ, ќе бидат избрани во звањето асистент по предметот Хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Со почит,
подносители на приговорот

Д-р Небојша Настов, емб. 2012972450001, Бул. Кочо Рацин 18/18, Скопје с.р.

Д-р Шенол Тахир, емб. 0201965463009, Бул. Видое Смилевски Бато 42-1/40, Скопје с.р.

Д-р Андреј Николовски, емб. 2201977420035, Бул. Партизански одреди 86/1-17, Скопје с.р.

Д-р Валон Салиу, емб.1004985450152, Ул. Филип Втори Македонски 22/1-5, Скопје с.р.

Д-р Димитар Трјаковски, емб. 0303978450094, Ул. 9-ти Мај 15/7, Скопје с.р.

Д-р Маријан Шокаровски, емб. 2612976430002, Бул Туристичка 12, Охрид с.р.

Д-р Бурим Елези, емб. 1004983410056, Бул. Партизански одреди 87/1-11, Скопје с.р.

Д-р Елена Зафировиќ, емб. 2311978455053, Бул. АСНОМ 158/23, Скопје с.р.

Д-р Лабинот Бектеши, емб. 1603987433000, Ул. Исеин Акиоски бб, Кичево с.р.

Д-р Жарко Спасовски, емб. 0909973450148, Волково 38/2, Скопје с.р.

Д-р Газменд Елези, емб. 1406974433001, Ул. Раим Лика 4, Кичево с.р.

Д-р Дарко Димитровски, емб. 0709983450163, Ул. Васко Карангелески 9 1-1,Скопје с.р.

Д-р Еџевит Кадри, емб. 0309979432012, Ул. Борис Сарафов 142/В, Скопје с.р.

Д-р Ана Рајковска Кимовска, емб. 2102987455033, Ул. Бриселска 18 Б с.р.

Во Скопје, 5.2.2020 година.

До
Наставно-научниот совет на
Медицинскиот факултет во Скопје

Предмет: Одговор на Приговор поднесен од страна на д-р Небојша Настов, д-р Шенол Тахир, д-р Андреј Николовски, д-р Валон Салиу, д-р Димитар Трајковски, д-р Маријан Шокаровски, д-р Бурим Елези, д-р Елена Зафировиќ, д-р Лабинот Бектеши, д-р Жарко Спасовски, д-р Газнебд Елези, д-р Дарко Димитровски, д-р Еџевит Кадри и д-р Ана Рајковска Кимовска

Во врска со Приговорот на Рефератот за избор на 20 асистенти по предметот Хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје објавен во Билтен број 1208 од 1.2.2020 година, а потпишан од двајца членови на Рецензентската комисија, двајцата членови на Рецензентската комисија го разгледаа Приговорот и го даваат следниов одговор:

Приговорот е неоснован во целост.

Наводот во Приговорот за прекршување на член 176 од Законот за високото образование, членовите на Рецензентската комисија целосно го отфрлаат. Конкурсот е распишан согласно со член 172 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 82/2018 година), членовите 26, 27 и 28 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411 од 2018 година) и врз основа на одлуки донесени од Наставно-научниот совет на Факултетот.

Како членови на Рецензентската комисија би сакале да истакнеме дека во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот за избор на 20 асистенти по предметот Хирургија во целост се придржувавме до сите одредби предвидени со Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 82/2018 година) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411 од 2018 година).

Согласно со горенаведеното, членовите на Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВААТ ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот за избор на 20 асистенти по предметот Хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје објавен во Билтен број 1208 од 1.2.2020 година.

Членови на Рецензентската комисија

Проф. д-р Горан Кондов с.р.
Проф. д-р Елизабета Мирчевска Жоговска с.р

До
-Ректорот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
-Наставно–научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје
-Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје
-Продеканите

ПРИГОВОР

кон Издвоениот извештај во рамки на Рефератот за избор на асистенти по предметот Неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1209, на 15.2.2020 година

Поднесен од д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска, специјалист невролог, вработена на Одделот за неврологија во Градската општа болница ,,8ми Септември“-Скопје.

Почитувани,

Во Издвоениот извештај објавен од членот на Рецензентската комисија за избор на 10 асистенти по предметот Неврологија, проф. д-р Сашо Стојчев, се наведени невистини со кои се нарушуваат достоинството и честа на кандидатката д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска, но исто така се нарушува и угледот на останатите членови на Рецензентската комисија – проф. д-р Дијана Никодијевиќ и проф. д-р Емилија Цветковска, Катедрата за неврологија, Медицинскиот факултет, но и на целокупната научна фела.

Најпрво, Членот на Рецензентската комисија кој го поднел Издвоениот извештај не го запазил значењето на Билтенот, како јавно гласило на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ изнесувајќи свои индивидуални ставови, без да го испочитува мислењето на останатите членови на Рецензентската комисија, со кои Билтенот, за жал, го ставил на ниво на таблоид.

Гореименуваниот наведува дека изјавува сомнеж во однос на документот за доказ за познавање на англиски јазик, бидејќи кандидатката д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска не го учела англискиот јазик за време на своето школување.

Најпрво, чувствувам морална обврска да одговорам за процесот на изучување на странските јазици во текот на моето школување и стручно усовршување. Имено, во текот на основното и средното образование го изучував францускиот јазик, кој активно го познавам и го користам. Со запишувањето на студиите по медицина на Медицинскиот факултет, континуирано посетував курсеви по англиски јазик, кој активно го владеам и многу често го користам, што се докажува и со објавените трудови кои се исклучиво на англиски јазик.

Познавањето на два или повеќе странски јазици го сметам за доблест, а не предмет за критика и дискриминација на кандидатите.

Исто така, морам да дадам објаснување, зашто можеби членот на Рецензентската комисија не е доволно упатен - дека во денешно време постојат училишта за странски јазици и најголем дел од луѓето своето знаење на странските јазици го надоградуваат надвор од школувањето, освен, се разбира, колегите кои студираат на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет.

Понатаму, гореименуваниот наведува дека ,,кружеле“ сознанија дека многу лесно се добивале потврди од овој тип и дека и други колеги ги имале прибавено. За појаснување, British council или други сертифицирани институции за полагање и издавање на TOEFL или останати документи за познавање на странски јазици се меѓународно признаени институции со високо реноме, а не печатници за потврди.

Во Издвоениот извештај е наведено дека кандидатката д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска приложила фалсификувана документација, која наводно ја потврдил и Ректоратот на УКИМ. Секој од нас има основни познавања на правото и функционирањето на правниот систем во РСМ. Ректоратот на УКИМ не е тело кое утврдува дали некој документ е фалсификуван или не -за тоа постојат други надлежни институции. Во конкретниот случај, кандидатката, барајќи ја правдата за неоснованото обвинување, наиде на сознанија за криминално дејство од огромни размери за кое е запознаено Основното јавно обвинителство и за кое се води судска постапка.

Раководејќи се од горенаведените факти, поткрепено со материјални докази, сметам дека членот на Рецензентската комисија кој го напишал Издвоениот извештај-а кој повеќе не е член на Катедрата за неврологија, ниту член на УКИМ- направил сериозна повреда на угледот, честа, достоинството и стручноста на д-р Даниела Ристиќ –Стомнароска, за што понатаму ќе се спроведе приватна судска постапка. Но, уште повеќе сметам дека се нарушени угледот и реномето на останатите членови на Рецензентската комисија, членовите на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, деканот и продеканите.

Се надевам дека Наставно–научниот совет ќе го разгледа Приговорот кон Издвоениот извештај и ќе даде одговор на овој Приговор.

Со почит,

Скопје, 6.3.2020 година **Подносител на Приговорот**

Д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска, с.р.

ДО
Медицинскиот факултет во Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј”
Скопје
Проф. д-р Соња Топузовска, декан

ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ

поднесен од д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска, специјалист невролог, вработена на Одделот за неврологија во Градска општа болница „8-ми Септември” Скопје

Почитувани,

Во Приговорот кон Издвоениот извештај на членот на Рецензентската комисија за избор на 10 асистенти по предметот Неврологија од проф. д-р Сашо Стојчев, кандидатката д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска наведува дека е нарушено нејзиното достоинство и чест, а исто така и угледот на останатите членови на Рецензентската комисија, како и Катедрата за неврологија, Медицинскиот факултет но и целокупната научна фела. Кој било член на рецензентска комисија има право да даде сопствено мислење по рефератот на кој било кандидат за избор во кое било звање. Впрочем, затоа и постојат повеќе членови во комисиите. Нелогично е и не гледам на кој начин е нарушен угледот на останатите членови на Рецензентската комисија, Катедрата за неврологија, Медицинскиот факултет и целокупната научна фела со моето издвоено мислење. Доколку гореименуваната смета дека таа ги претставува сите горенаведени, а во краен случај и научната фела, тогаш таа се поставува апсолутно над сите и има “идеи на величина”.

За жал, можам да констатирам дека именуваната веројатно никогаш досега не следела што се се објавувало во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, па поради тоа наведува дека изнесувам свои ставови без да го испочитувам мислењето на останатите членови на Рецензентската комисија, што е вообичаено и нормално кога членовите на комисиите немаат конзистентни мислења.

Гореименуваната го опишува својот начин на едукација на странски јазици, посебно англискиот јазик, кој „активно го владее и многу почесто го користи”, што се докажува со нејзините објавени трудови на англиски јазик. Наивно е да се помисли дека тоа навистина е така, бидејќи во трудовите учествуваат повеќе автори и секогаш постои можност трудовите јазично да се лекторираат. Тие не се одраз на вистинското знаење на англискиот јазик на првиот автор или на авторите. Околу мојата констатација дека кружат сознанија за лесно прибавување на потврди за познавање на англиски јазик, овој пат истото ќе го поткрепам со објаснување на начинот како кандидатката е примена на работа во ГОБ „8-ми Септември” во 2011 година, кога наводно имала големо познавање на англискиот јазик со нејзиното изучување англиски јазик во училиштата за странски јазици за време на студирањето на Медицинскиот факултет. Имено, за време на тестирањето на англискиот јазик во просториите на ГОБ „8-ми Септември”, од страна на членовите на комисијата е помогнато во многу голема мера за да може таа да го реши тестот позитивно и да може да се

вработи (имињата на членовите на комисијата ќе бидат изнесени за време на евентуалната постапка доколку кандидатката поднесе приватна тужба).

Од друга страна, целокупниот сомнеж за веродостојноста на документацијата за изборот за 10 асистенти по предметот Неврологија се темели на сознанието од претходната Рецензентска комисија за избор на две лица во сите научни звања од научната област неврологија (XVII седница на Наставно-научниот совет, одржана на 15.3.2019 год), кога горенаведената кандидатка приложува повеќе потврди од одржани предавања во просториите на Фудбалскиот клуб „Партизан-Обршани” од с.Обршани, Општина Кривогаштани, кои наводно ги одржувала секој викенд во месеците април и мај 2018 година, како и слични предавања во Боречкиот сојуз на Македонија со кои кандидатката сакаше да се стекне со звање - научен соработник.

Токму овие потврди беа предмет на анализа од проректорот за наука при Ректоратот на УКИМ, а исто така беа и предмет на потсмев од страна на членовите на комисијата (дел од истите документи ги приложувам во фотокопија – оригиналите се наоѓаат во Архивата при Деканатот на Медицинскиот факултет, во врска со горенаведениот конкурс). Според анализата на проректорот, заклучокот беше дека ваквите “трудови” за кои не може да се даде никаков доказ, не би требало да бидат предмет на интерес/анализа/рецензија.

Оставам на членовите на Наставно-научниот совет да го разгледаат Одговорот кон Приговорот на горенаведената и да размислат дали и понатаму ќе се толерираат вакви апликации, и дали со нивно прифаќање не се нарушува угледот на сите членови на Наставно-научниот совет, продеканите и деканот на Медицискиот факултет. Барам сите да размислат до кога кандидатите за избор во кое било звање ќе можат отворено да ги навредуваат наставниците, членовите на рецензентските комисии, заборавајќи дека наставно-научното звање на некој начин е “институција” per se.

Иако од 1.1.2020 година не сум веќе член на Катедрата за неврологија, сепак редовен професор со доживотен избор сум од јуни 2009 година, со 25-годишно искуство на Катедрата, чиј раководител сум бил во период од четири години.

За дрскоста, невоспитанието и моралниот лик на кандидатката нема понатаму да дискутирам.

Скопје,
24.2.2020 **Проф. д-р Сашо Стојчев, с.р.**

Бр. 02 - 1248/15
15.03.2019 година
Скопје

Врз основа на член 110 и 173 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018) и членовите 8, 30, 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори (Универзитетски гласник број 411/2018), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на XVII седница одржана на 15.03.2019 година ја донесе следнава

О Д Л У К А
за формирање на рецензентска комисија

1. Се формира Рецензентска комисија за избор на 2 лица во сите научни звања по предметите од научната област неврологија, врз основа на објавен Конкурс на ден 07.02.2019 година, во дневните весници „Вечер" и „Коха" во состав:

1. Проф. д-р Дијана Никодијевиќ
2. Проф. д-р Сашо Стојчев
3. Проф. д-р Илија Џонов
4. Проф. д-р Марија Ралева
5. Проф. д-р Лидија Тодоровска

2. Рецензентската комисија е должна да поднесе реферат во рок од 3 месеци од денот на доставувањето на документацијата од пријавените кандидати: ас.д-р Николина Таповска, д-р Игор Кузмановски и д-р Даниела Ристиќ.

3. Рефератот на рецензентската комисија се објавува во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

5. Одлуката е доставена до:
- членовите на рецензентската комисија
- пријавениот/те кандидат/и
- архива на факултетот

Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје

ДЕКАН
Проф. д-р Соња Топузовска

Фудбалски клуб Партизан Обршани
Ул.,Стибера бр.42

ПОТВРДА

Лицето, д-р Даниела Ристиќ, специјалист невролог одржа предавања во просториите на фудбалскиот клуб „ ПАРТИЗАН Обршани" од с. Обршани, општина Кривогаштани, кој се натпреварува во втората Македонска фудбалска лига- исток. Предавањата се одржаа на 5 ти и 6ти мај 2018 година (сабота и недела) на следните теми:

1. Епилепсија и фудбал

2. Влијание на антиепилептици и антидепресиви врз психо-физичката кондиција кај спортистите

Датум

6 мај 2018 г.

ФУДБАЛСКИ КЛУБ "ПАРТИЗАН" 1 ОБРШАНИ

м.п

Претседател :

Дејан Смугрески

13.05.2018 г.

Фудбалски клуб Партизан Обршани
Ул.,Стибера бр.42

ПОТВРДА

Лицето, д-р Даниела Ристиќ, специјалист- невролог одржа предавања во просториите на фудбалскиот клуб ,, ПАРТИЗАН Обршани" од с. Обршани, општина Кривогаштани, кој се натпреварува во втората Македонска фудбалска лига- исток. Предавањата се одржаа на 12 ти и 13ти мај 2018 година (сабота и недела) на следните теми:

1. Алкохолот како еден од факторите за послаби спортски резултати
2. Невролошки манифестации при хроничен алкохолизам

Датум

13 мај 2018 г.

М.П

Претседател :

Дејан Смугрески

Фудбалски клуб Партизан Обршани
Ул.,Стибера бр.42

ПОТВРДА

Лицето, д-р Даниела Ристиќ, специјалист невролог одржа предавања во просториите на фудбалскиот клуб „ ПАРТИЗАН Обршани " од с. Обршани, општина Кривогаштани, кој се натпреварува во втората Македонска фудбалска лига- исток. Предавањата се одржаа на 19 ти и 20ти мај 2018 година (сабота и недела) на следните теми:

1. Причини за нагла смрт кај професионалните фудбалери
2. Значењето на редовните кардиолошки и систематски прегледи кај спортистите

Датум

20 мај 2018 г.

М.П.

Претседател :

Дејан Смугрески

Фудбалски клуб Партизан Обршани
Ул.,Стибера бр.42

ПОТВРДА

Лицето, д-р Даниела Ристиќ, специјалист невролог одржа предавања во просториите на фудбалскиот клуб „ ПАРТИЗАН Обршани" од с. Обршани, општина Кривогаштани, кој се натпреварува во втората Македонска фудбалска лига- исток. Предавањата се одржаа на 28 ми и 29ти април 2018 година (сабота и недела) на следните теми:

1. Причини за главоболки при спортски активности
2. Улогата на спортот врз помнењето и учењето

Дадум

29. април 2018 г.

ФУДБАЛСКИ КЛУБ "ПАРТИЗАН" 1 ОБРШАНИ

М.П

Претседател :

Дејан Смугрески

Фудбалски клуб Партизан Обршани
Ул.,Стибера бр.42

ПОТВРДА

Лицето, д-р Даниела Ристиќ, специјалист невролог одржа предавања во просториите на фудбалскиот клуб ,, ПАРТИЗАН Обршани" од с. Обршани, општина Кривогаштани, кој се натпреварува во втората Македонска фудбалска лига- исток. Предавањата се одржаа на 21ви и 22ри април 2018 година (сабота и недела) на следните теми:

1. Комплексен регионален болен синдром по повреди на скочен зглоб
2. Лумбоишијалгија и долногрбна болка

Датум ,

22 април 2018 г.

М.П.

ФУДБАЛСКИ КЛУБ "ПАРТИЗАН" 1 ОБРШАНИ

Претседател :

Дејан Смугрески

_____.

Фудбалски клуб Партизан Обршани
Ул.,Стибера бр.42

ПОТВРДА

Лицето, д-р Даниела Ристиќ, специјалист невролог одржа предавања во просториите на фудбалскиот клуб ,, ПАРТИЗАН Обршани" од с. Обршани, општина Кривогаштани, кој се натпреварува во втората Македонска фудбалска лига- исток. Предавањата се одржаа на 14 ти и 15ти април 2018 година (сабота и недела) на следните теми:

1. Третман на хронична мускулна болка
2. Постапки при повреди на мускул

Датум

15 април 2018 г.

м.п

Претседател :

Дејан Смугрески

Фудбалски клуб Партизан Обршани
Ул.,Стибера бр.42

ПОТВРДА

Лицето, д-р Даниела Ристиќ, специјалист-невролог, одржа предавања во просториите на фудбалскиот клуб ,,ПАРТИЗАН Обршани" од с. Обршани, општина Кривогаштани, кој се натпреварува во втората Македонска фудбалска лига-исток. Предавањата се одржаа на 7ми и 8ми април 2018 година (сабота и недела) на следните теми:

1. Здрав режим на исхрана кај професионалните фудбалери
2. Најчести видови спортски повреди кај професионалните фудбалери

Датум

8 Април 2018

ФУДБАЛСКИ КЛУБ "ПАРТИЗАН" 1 ОБРШАНИ М.П.

Претседател :

Дејан Смугрески

Адвокат Дејан Стојчев
ул.11-ти Октомври бр.23А/1-7, Скопје
тел.078/210-234
ел.сандаче: advokatstojchev@gmail.com

До
-Рецензентската комисија
-Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје
-Продеканите
-Наставно-научен совет на Медицинскиот факултет во Скопје
- Ректорат на УКИМ

Подносител: Илија Здравков од Скопје, со адреса на живеење на ул.„Никола Тесла бр.18", со ЕМБГ 0410982494501 преку полн.адвокат Дејан Стојчев од Скопје, со седиште на ул.„11-ти Октомври бр.23А/1-7", во прилог полномошно

ПРИГОВОР

кон Рефератот за избор на асистенти по предметот Неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр.1209 (од 15.2.2020 година) на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј'' во Скопје

Во својство на полномошник на Илија Здравков од Скопје, со овој Поднесок вложувам Приговор кон Рефератот за избор на асистенти по предметот Неврологија, од причини изложени подолу.

Првенствено, истакнувам дека Комисијата при бодувањето на параметрите коишто укажуваат на (не) исполнувањето на условите за избор на предметното асистенстско место, во неколку наврати утврдувала невистинити факти, со тоа искривувајќи ја фактичката состојба, дерогирајќи ги императивните прописи, несоодветно прикажала научни достигнувања на кандидатот, што довело до намалено бодување и негово негативно рецензирање.

Во таа насока, првенствено укажувам на фактот дека при утврдувањето на просечниот успех на кандидатот, а видно од Рефератот, утврдено е дека Илија Здравков од Скопје, кандидат- апликант за избор во соработничко звање асистент, додипломските студии ги завршил со просечен успех 8,2, а, всушност просечниот успех на кандидатот изнесува 8,3.

Понатаму, пристрасноста и погрешното бодување на кандидатот од страна на Комисијата особено доаѓа до израз при наведувањето на објавените стручни наслови - „1 научен труд

од медицинската област, повеќе апстракти на конгреси и е коавтор на книга'. Оттука, несомнено погрешно се стекнува впечаток од вака претставените научни достигнувања дека достигнувањата на кандидатот се скромни – иако воопшто не се цитирани насловите на објавните трудови, што ќе укаже на релевантноста и конкретното достигнување на кандидатот, коавторството на книга е, всушност, коавторство на учебно помагало, единствено во медицинската наука во Република Македонија од таков вид, истото широко ползувано од страна на стручната јавност и студентите. Притоа, истакнувам и дека доколку Комисијата, со оглед на долгиот временски период во кој беше разгледувана документацијата, согледала несоодветно пополнета пријава (во смисла дека покрај приложување копии од научните трудови потребно е и нивно

библиографско наведување) требало за тоа да го извести кандидатот, и да побара нејзино коригирање.

Постапката на избор на асистенти по предметот Неврологија ја следеа и други нерегуларности – така, во еден момент, по формирањето на комисијата, по пат на електронска пошта, вработена во ЈЗУ УК Клиника за неврологија ги известува кандидатите за избор на асистентско место во којшто наведува дека дел од документацијата е потребно да се испрати по електронски пат на е-адреса на еден од кандидатите за избор на асистент по Неврологија, Бојан Бошковски, што несомнено укажува на постоењето конфликт на интереси и пристрасност кај Комисијата, настрана фактот што со ваквото постапување се дерогирани повеќе законски и подзаконски прописи.

Претходно наведеното укажува на постапување на формираната Комисија кое се одликува со пристрасност, непрофесионалност, професионална и лична деградација на кандидатите, погрешно утврдена фактичка состојба, непостоење јасни правила и прецизно одмерени критериуми (успех на прв циклус на студии, запишани докторски студии, завршена специјализација, работно искуство...) по коишто се воделе членовите на Комисијата при одлучувањето, поради што сметам дека Деканатот на Медицинскиот факултет во Скопје треба овој Приговор да го уважи, на начин што ќе формира независна рецензенска комисија, којашто, имајќи ги предвид истакнатите приговори и нивната поткрепеност, ќе изврши поопсежна, стручна, етичка и чесна рецензија на поднесената документација.

Со почит, **Подносител,**

Скопје, 21.2.2020 година **Дејан Стојчев, адвокат**

До
Деканатот на Медицинскиот факултет во Скопје
Декан проф. д-р Соња Топузовска

Од членови на Рецензентската комисија за избор на
10 асистенти по предметот Неврологија

1. **Проф. д-р Сашо Стојчев**
2. **Проф. д-р Дијана Никодијевиќ**
3. **Проф. д-р Емилија Цветковска**

ПРЕДМЕТ: Одговор на Приговорот
ВРСКА: Приговор број 02-945/1 од 24.2.2020 година
Почитувани,

Во врска со доставениот Приговор заведен под број 02-945/1 од 24.2.2020 година од д-р Илија Здравков преку адвокат полномошник Дејан Стојчев, а по однос на заклучокот на рефератот за избор на 10 асистенти по предметот Неврологија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1209 од 15.2.2020 година, членовите на Рецензентската комисија за избор на 10 асистенти по предметот Неврологија, во состав: проф. д-р Сашо Стојчев, проф. д-р Дијана Никодијевиќ и проф. д-р Емилија Цветковска, го разгледаа Приговорот и го даваат следниот

Одговор

Комисијата ги зема предвид условите кои требаше да ги исполни секој кандидат согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно–стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Комисијата заклучи дека од пријавените 14 кандидати, вкупно 13 ги исполнуваат условите и, воедно, високо ги вреднува стручните, научните и едукаторските квалитети на сите пријавени кандидати.
Рецензентската комисија би сакала да истакне дека просечниот успех на кандидатот од 8,2 е запишан на неговата диплома за завршен Медицински факултет и е приложена од кандидатот во документацијата. Значи, тврдењето на полномошникот адвокат Дејан Стојчев е потполно неосновано.
Што се однесува до забелешката за бодирањето на кандидатите за избор, при разгледувањето и одлучувањето, Комисијата ја користеше целокупната приложена документација на сите кандидати пријавени за овој конкурс.
Наводите истакнати во Приговорот се паушално наведени, непоткрепени со ниту еден релевантен доказ. Целокупниот Приговор даден од полномошникот е комплетно нејасен, конфузен, без потенцирање на факти зошто е поднесен Приговорот.
Комисијата се избира за да изврши избор на најквалитетни кандидати, особено кога бројот на пријавените кандидати го надминува бројот на распишаните места. Во конкретниот случај, Комисијата од 13 кандидати кои ги исполнуваат условите предлага 10 за избор на асистентско звање, согласно со распишаните места во конкурсот, со исклучок на издвоеното мислење на проф. д-р Стојчев, за друг кандидат предложен од другите двајца членови на Комисијата.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека Приговорот е во целост неоснован и треба да се отфрли.

Со почит,
26.2.2020 година,
Скопје

Членови на Рецензентската комисија за избор на 10 систенти по предметот Неврологија
Проф. д-р Сашо Стојчев с.р.
Проф. д-р Дијана Никодијевиќ с.р.
Проф. д-р Емилија Цветковска с.р.

До Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје Рецензентската комисија

П Р И Г О В О Р

Од н.сов. д-р Нико Беќаровски, член на Катедрата за интерна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје

Предмет на Приговорот: Реферат објавен во Билтенот бр. 1209, од 15.2.2020 година на Универзитот „Св. Кирил и Методиј“, за избор на наставници во сите звања по предметот **Интерна медицина (токсикологија)** на Медицинскиот факултет во Скопје, во согласност со конкурсот објавен во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ на 30.IX.2019 година.

Во објавениот реферат се нотираат **голем број на грешки во самото бодување кои драстично ја менуваат бодовната состојба**, која комисијата ја зема како услов во изборот на предложениот кандидат.

1. Комисијата во **скоро идентичен состав** (четворица од сегашните пет члена) како рецензентска комсија во претходниот конкурс (**БИЛТЕН НА УКИМ бр.1184 од 15.I.2019**) ме има бодувано со **484.00 бода**, односно дури **81,69 бода повеќе од овој реферат**, иако во меѓувреме имам објавено 2 труда, имам учествувано на неколку конгреси, организирано симпозиум со меѓународно учество и редовно водев вежби за студенти. За сите овие активности постои уредно доставена документација.
2. Во евалуацијата направена од Рецензентската комисија (**БИЛТЕН НА УКИМ бр.1184 од 15.I.2019**) **имам 484,00 бода односно 86,20 бода повеќе од сега предложената кандидатка, за само по една година, бројот на моите бодови мистериозно да се намали за цели 81,69 бода, а бројот на предложената кандидатка да порасне за повеќе од 53 бода и сега да изнесува 452,4, што се уште е помал од бројот на бодовите кои јас ги имав пред една година.**
3. Во наставниот процес сум вклучен **КОНТИНУИРАНО од 1992 година**, за разлика од предложената кандидатка, која има прекин од пет години, а како насловен наставник не учествуваше повеќе години во вежбите за студенти по медицина и стоматологија. И покрај овој неоспорен факт, предложената кандидатка во делот на наставно-образовната дејност е бодувана со **190,04** бода, а јас само со **169.7** бода, **односно 21 бод помалку, со пет години подолг наставен стаж**. **ДА БИДЕ ПАРАДОКСОТ УШТЕ ПОГОЛЕМ**, ВО ПРЕТХОДНИОТ ОБЈАВЕН РЕФЕРАТ (**БИЛТЕН НА УКИМ бр.1184 од 15.01.2019**), **БОДУВАН СУМ СО РЕАЛНИТЕ 295.01 бода за истата активност**. На овој начин сум оштетен за повеќе од **125 бода**.
4. Трудот **Pulmonary thrombosis in acute organophosphate poisoning-Case report and literature overview of prothrombotic preconfitioning in organophosphate toxicity, Toxicology Reports 2019 6 (2019) 550-555**, кој е уредно доставен и **нотиран во Образец 1**, е испуштен во Образец 2 со што неправилно ми се одземени уште **6 бода.**

5. Во делот дејности од поширок интерес, кај предложената кандидатка се бодувани **ШЕСТ** активности како член на организационен одбор на меѓународни манифестации, иако таа била **дел од програмскиот одбор само во ДВА**. **Да биде парадоксот поголем, јас уредно имам доставено документи за осум членства во организациониот одбор, од кои ТРИ како претседател на организациониот одбор, а сум бодуван со само ДВА бода**.
6. Во делот Автор на брошура, не ми се бодувани уште **ТРИ брошури**, кои се уредно доставени, со што сум оштетен за дополнителни **6 бода**.
7. Во делот Раководител на внатрешна организациона единица, избраната кандидатка е бодувана како поранешен раководител на одделение, а јас воопшто не сум БОДУВАН, иако во два наврати бев директор на клиниката и сум раководител на одделение, со што неправедно ми се одземени дополнителни **5 бода**.
8. Во делот, подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл) не ми е бодувано учеството во Националната комисија за подготовка на “Медицина базирана на Докази“, а слична активност кај предложената кандидадтка е бодувана, со што сум дополнително оштетен со **2 бода.**
9. Три од моите авторски трудови се објавени во **релевантни токсиколошки списанија,** Unique Case with Seizures after Prolonged Use of Camphor crème in Eldery Patient N.Bekjarovski, S.R.Bekjarovska, Journal of Clinical Toxicology, 2012; 2 126 vol: 10.4 172/216, Lipid Rescue Therapy and High Dose Insulin Euglicemic Therapy are effectice fo Severe Refractory Calcium Channel Bloker Overdose:Case report. N. Bekjarovski; Asian Pacific Journal of MedicalToxicology 2;3 September 2012; p.114- 116, Pulmonary thrombosis in acute organophosphate poisoning-Case report and literature overview of prothrombotic preconfitioning in organophosphate toxicity (Toxicology Reports 2019) 550-555, а предложената кандидатка **НЕМА НИТУ ЕДЕН ТРУД објавен во токсиколошко списание, бидејќи нејзината научна работа е насочена кон пациентите со трансплантирани бубрези, што воедно е и нејзина докторска дисертација**.
10. Би сакал да напоменам дека **КАКО КАНИДАТ КОЈ ШЕСТ ГОДИНИ ПОРАНО ДОКТОРИРАЛ, ВО СВОЈСТВО НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК, БЕВ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА <u>на предложената кандидатка</u>, што претставува уште еден од бројните преседани при овој избор.**

Се надевам дека **само овие неколку забелешки на бодувањето**, со кои драстично сум оштетен **за повеќе од 180 бода**, ќе бидат доволни Комисијата **повторно да ја преиспита и да ја корегира својата одлука**.

Скопје, 20.II.2020

Со должна почит
Подносител
Н.сов. д-р Нико Беќаровски, с.р.

До Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје

ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ

поднесен од страна на н. сов. д-р Нико Беќаровски во врска со заклучокот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија.

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на н. сов. д-р Нико Беќаровски, насл. вонр. проф. д-р Лидија Петковска и насл. доц. д-р Андон Чибишев.

Рецензентската комисија го разгледа Приговорот и го дава следниов

ОДГОВОР

По однос на наводите од Приговорот во кој н. сов. д-р сци. Нико Беќаровски има забелешка за бодирањето, при разгледувањето и одлучувањето, Комисијата ја користеше приложената документација на кандидатот. При тоа, Рецензентската комисија во целост се придржуваше според Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за посебните услови, критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори, објавен во Универзитетски гласник број 411/2018 година, и според реалните податоци од доставената документација за извршената настава. Кандидатот не достави изработена листа на бодови според своето согледување, дури и на повторното барање да го направи тоа. Комисијата при својата Одлука го проценуваше квалитетот на приложените материјали, трудови и доказ за извршеното што беше претходно доставено, како и оригиналноста на трудовите и учеството на кандидатот во нив, местото на објавените трудови, ценејќи ја при тоа целокупноста во учеството на наставно-научниот процес. Воедно, кандидатката насл. вонр. проф. д-р Лидија Петковска има изработено и магистерска студија и одбранет магистерски труд. Бројот на бодови не беше одлучувачки фактор. Рецензентската комисија констатира дека Приговорот е неоснован по сите наводи и воедно го потврдува предлогот насл. вонр. проф. д-р Лидија Петковска да биде избрана во наставно-научно звање - вонреден професор во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во билтен 1209 од 15.2.2020 година.

28.2.2020

Рецензентска комисија

Проф. д-р Даниела Чапароска, с.р.
Проф. д-р Гоце Спасовски, с.р.
Проф. д-р Елизабета Србиновска Костовска, с.р.

УНИВЕРЗИТЕТ ,,Св. Кирил и Методиј” - СКОПЈЕ

До:
Наставно - научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје и
Рецензентската комисија

ПРЕДМЕТ: Приговор на Рефератот за избор во наставно–научни звања од областа интерна медицина и токсикологија, објавен Билтенот на УКИМ број 1209 од 15.2.2020

П Р И Г О В О Р

од Проф. д-р Андон Чибишев, вработен со двоен работен однос на Универзитетската клиника за токсикологија во Скопје и Универзитетот ,,Гоце Делчев,,- Факултет за медицински науки, Штип

Почитувани наставници,
Членови на Наставно-научниот совет,
Членови на Рецензентската комисија,
Ви се обраќам со намера да ве информирам, иако ова е веќе втор пат како реагирам со Приговор на објавен реферат за избор во звање на Универзитетската клиника за токсикологија и имам забелешки на рецензијата која ја изработила практично иста комисија (само еден член во двете комисии е различен), без намера да омаловажувам или да дискредитирам некого, туку да укажам на пропустите кои се направени при евалуацијата на приложената документација, контрадикторностите во внесените податоци за активностите на кандидатите кои конкурирале на конкурсот и непочитувањето на Уставот, Законот за високото образование и Правилникот за избор во звања на УКИМ. Се надевам дека овие пропусти се направени ненамерно и дека Рецензентската комисија и вие ќе изнајдете начин да ги коригирате пропустите на општо задоволство на сите.
Прво ќе се задржам на делот каде што Рецензентската комисија, веројатно ненамерно, ме оштетила за преку 70 бода не внесувајќи голем број на бодови од активности во делот наставно-образовна дејност за кои имам приложено соодветни документи.

- Одржување на настава – од прв циклус студии
- Одржување вежби по предметот Интерна медицина
- Настава во школи и работилници
- -учесник
- Консултации со студенти
- Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка пракса
- Ментор и едукатор на здравствена едукација
- Ментор на специјалистичка работа
- Научно-популарна книга - ,,Начин на работата на тимовите во итната медицинска помош.”

Не ми се бодувани активности од делот Стручно –апликативна дејност, при што сум оштетен за најмалку 10 бода.

Според приложениот Реферат, јас ги исполнувам условите за избор во звањето редовен професор.

Моите забелешки на објавениот Реферат се однесуваат и на заклучокот каде што Комисијата ги надминува своите ингеренции како стручно тело на Универзитетот избрано од Наставно-научниот совет . Имено, во содржината на заклучокот е прекршен член 32 од Уставот на РМ.
Цитирам:
Член 32
Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.
Уставна категорија е можноста секој да може да конкурира за работно место според своите убедувања и квалификации.
Според ПРАВИЛНИКОТ за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнични звања (Службен весник бр. 82/2018 година) , дозволено е на конкурсите распишани од факултетите на УКИМ да конкурираат кандидати од други универзитети, под посебни услови пропишани во Правилникот. Појаснувањата се дадени во Табелата 1а во Правилникот.
Рецензентската комисија, надвор од своите ингеренции, го толкува Законот за високото образование, во кој во член 174 , став 7 пишува (цитирано):
„ Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа) .“
При тоа во заклучокот Рецензентската комисија додава: ,, кандидатот **не е предложен** за избор во наставно звање”.
Јас кога конкурирав на овој конкурс, избран бев во наставно-научно звање на една високообразовна институција. Ако бидам избран на друга, според законот ќе се повлечам од претходната.
Имам забелешки и на начинот на бодувањето на кандидатите. Со оглед на тоа што се работи за Рецензентска комисија во која од пет (5) члена во двата конкурса е сменет само еден член, несфатливо е ваквото неуедначено, контрадикторно и неправилно бодување.
Примери:
Во Рефератот објавен во Билтенот на УКИМ број 1184 од 15.1.2019 година (само пред една година), бројот на бодови изнесува:

1. Андон Чибишев ------ 397, 53 бода
2. Нико Беќаровски -----484,0 бода
3. Лидија Петковска -----397,80 бода

Во Рефератот објавен во Билтенот на УКИМ број 1209 од 15.2.2020 година бројот на бодови по однос на сите евалуирани активности е:

1. Андон Чибишев ------ 371, 511 бода
2. Нико Беќаровски -----402,31 бода
3. Лидија Петковска -----452,4 бода

Дополнително, во Рефератот објавен во Билтенот на УКИМ број 1205 од 15.12.2019 година (само два месеца претходно), бројот на бодови изнесува:

1. Андон Чибишев ------ 113, 175 бода

Се поставува прашањето како кандидатот Андон Чибишев во јануари 2019 година имал 397 бода, па во декември 2019 година имал 113 бода (значи изгубил 284 бодови), па во февруари 2020 година има 371 бода. Изгубил за неполна година 26 бода или го зголемил бројот за два месеци за 258 бода.
Се поставува прашањето како кандидатот Нико Беќаровски во јануари 2019 година имал 484 бода а во февруари 2020 година има 402 бодови. Значи за една година изгубил 82 бода.
Се поставува прашањето како кандидатката Лидија Петковска во јануари 2019 година имала 397 бода а во фебруари 2020 година има 452 бода ??? Значи, за една година го зголемила бројот за 55 бода. Се надевам дека членовите на Рецензентската комисија имаат претстава колку активности треба да имаш во тек на една година за според Правилникот на УКИМ за избор во звања, да го зголемиш салдото за 55 бода .
Заради тоа, сметам дека Рецензентската комисија во заклучокот на овој Реферат го прекршува член 32 од Уставот на РМ и член 11 од Правилникот за избор на УКИМ.
Мислам дека во случајот, Рецензентската комисија како стручно тело, преземала ингеренции на правно тело и цитирајќи и анализирајќи закони ми го ускратила правото да бидам предложен и избран/ неизбран во наставно-научно звање на Медицинскиот факултет при УКИМ.
Сметам дека Рецензентската комисија неправилно ги има бодувано кандидатите кои конкурирале на конкурсот во обид да се фаворизира еден кандидат, на штета на другите двајца.
Се надевам дека мојот Приговор ќе биде разбран најдобронамерно и дека Рецензентската комисија ќе најде начин и разбирање да ги коригира посочените забелешки.

Подносител на Приговорот:
Скопје **Андон Чибишев, с.р.**

До наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје

ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

поднесен од страна на насл.доц.д-р Андон Чибишев во врска со заклучокот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област интерна медицина и токсикологија.

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на н.сов.д-р Нико Беќаровски, насл.вонр.проф.д-р Лидија Петковска и насл.доц.д-р Андон Чибишев.

Рецензентската комисија го разгледа Приговорот и го дава следниов:

ОДГОВОР

По однос на наводите од Приговорот во кој насл.доц.д-р сци Андон Чибишев има забелешка за бодирањето, при разгледувањето и одлучувањето, Комисијата ја користеше приложената документација на кандидатот. При тоа, Рецензентската комисија во целост се придржуваше според Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за посебните услови, критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори, објавен во Универзитетски гласник број 411/2018 година. Врз основа на целокупната доставена документација од страна на кандидатот за избор, насл.доц.д-р Андон Чибишев, како и дополнително доставената документација од страна на УГД „Гоце Делчев“, Штип, на барање на Рецензентската комисија преку Деканатот на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, со која е потврдено дека кандидатот е избран во наставно-научно звање редовен професор, со одлука на ННС бр.2002-179/5 од 30.09.2019 год. на УГД „Гоце Делчев“, Штип, и има засновано работен однос на неопределено време на истиот Универзитет согласно со договор за вработување бр. 0402-7/36 од 17.10.2019 г. со Одлука за избор од страна на Универзитетскиот сенат и Одлука за засновање на редовен рботен однос на неопределено време со деловен број 0201-7225 од 15.10.2019 год., а земајќи ги предвид законските одредби д членот 174, став 7 од Законот за високото образование од 8 мај 2018 година, кој гласи (цитирано): „Едно лице неможе да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа“, кандидатот не е предложен за избор во наставно звање.

Согласно со предходно изнесеното, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1209 од 15.02.2020 година.

Рецензентска комисија

28.2.2020

Проф.д-р Даниела Чапароска, с.р.
Проф.д-р Гоце Спасовски, с.р.
Проф.д-р Елизабета Србиновска Костовска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ЦИВИЛНО ОПШТЕСТВО: ИСТОРИЈАТ И СОВРЕМЕНИ СФАЌАЊА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р НЕНАД МАРКОВИЌ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 2 март 2020 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Цивилно општество: историјат и современи сфаќања“ од авторот проф. д-р Ненад Марковиќ, наменет за студентите на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, за предметот Цивилно општество, избрани се проф. д-р Зоран Илиевски и проф. д-р Ана Чупеска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Цивилно општество: историјат и современи сфаќања.
Назив на предметната програма:	Цивилно општество
Назив на студиската програма:	Политички студии
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	**48 часа, 7 ЕКТС-кредити**
Предметот Цивилно општество на политичките студии – прв циклус на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови 48, број на ЕКТС-кредити 7 и се слуша во четвртиот семестар, втора година на студиите по политички науки.	
Реден број на изданието:	Прво издание
Општи податоци за ракопи-сот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 185 страници (формат А5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 3 поглавја (дополнет со вовед и библиографија – користена литература).

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.
Проф. д-р Ана Чупеска, с.р.

ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ИЛИЕВСКИ

Краток опис на содржината:	Ракописот темелно ги истражува моделите, теориите и концептите за цивилното општество, вклучува и значајно проектирање на нивниот развој во ерата на глобализацијата и претставува фундаментална литература за академското изучување на оваа област во нашата земја и пошироко.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е целосно услогласен со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	Не се потребни корекции.
Оцена на ракописот:	Ги задоволува највисоките академски стандарди за универзитетски учебник.
Категоризација:	Учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Врз основа на изнесеното, чест ми е и овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Цивилно општество, примарно наменет за студентите на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Зоран Илиевски, с.р.

ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АНА ЧУПЕСКА

Краток опис на содржината:	Ракописот „Цивилно општество: историјат и современи сфаќања” од проф. д-р Ненад Марковиќ фундаментално го артикулира поимот на цивилното општество, неопходен за разбирањето и развојот на либералната демократија. Имено, елаборацијата на цивилното општество во овој учебник е детална и супстантивна, а се движи на линијата на неговиот хронолошки развој и контекстуална појавност, при што детално се анализира неговата вредносна и идеолошка атрибуција. Сето тоа е доведено во релацијата со политичката теорија, политичката наука и политичката практика, па оттука учебникот е од особена важност за политичките студии.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е целосно усогласен со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	Не се потребни корекции.
Оцена на ракописот:	Ги задоволува највисоките академски стандарди за универзитетски учебник.
Категоризација:	Учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Во заклучок на сè што е погоре изнесено, задоволство ми е овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Цивилно општество, а како основна литература за студентите на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Ана Чупеска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЗА НАРУШЕНОТО НАЧЕЛО НА ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА: ЗАКОНОДАВНА vs ИЗВРШНА“ ОД М-Р ДРИТОН КУЌИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на седницата одржана на 3.2.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Дритон Куќи со наслов „За нарушеното начело на поделба на власта: законодавна vs извршна“, во состав: проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова (ментор), проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска (претседател), проф. д-р Рената Дескоска (член), проф. д-р Марика Ристовска (член) и проф. д-р Каролина Ристова Астеруд (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската **дисертација** на кандидатот м-р Дритон Куќи, со наслов „За нарушеното начело на поделба на власта: законодавна vs извршна“, содржи 404 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 755 фусноти, 286 библиографски единици, меѓу кои научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во вовед, четири дела, осум глави и заклучни согледувања. Главите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот се определени предметот на истражувањето и целите што треба да се постигнат со него, поставени се работните хипотези што треба да се потврдат, како и користената методологија при истражувањето.

ПРВИОТ ДЕЛ е насловен **Начелото на поделба на власта - историски и современи концепти** и има две глави. **Првата глава** се фокусира на најзначајните идеи за начелото на поделба на власта низ историјата, со акцент на мислата на Аристотел и на Полибие за карактерот на власта, како и на детектирање на елементи на начелото на поделба на власта во организацијата на Атина и Спарта, а потем и во Римската Република.

Втората глава ги анализира концептите за начелото на поделба на власта, на: Џон Лок, Џејмс Харингтон, Жан Жак Русо, Томас Хобс и Шарл Монтескје, што се инспирација, но и темелна вредност, односно теориска основа на речиси сите устави. Во овој дел, докторандот изразува свој став и дава свој поглед на начелото на поделба на власта на законодавна, извршна и судска.

ВТОРИОТ ДЕЛ, насловен **Системите на организација на власта и начелото на поделба на власта,** има две глави.

Во првата глава, по елаборација на поимот и значењето на начелото на поделба на власта, се обработува ова начело, во амбиент на парламентарниот, претседателскиот и мешовитиот систем на организација на власта.

Во втората глава се анализираат најважните документи од уставен карактер, како и уставите во кои се промовира начелото на поделба на власта и на кое се темели организацијата на власта, почнувајќи од Кромвеловиот „Инструмент на владеење“ од 1653 година, преку Уставот на САД од 1787 година, Уставот на Белгија од 1831, Уставот на Италија од 1948, до Уставот на Франција од 1958 година.

ТРЕТИОТ ДЕЛ се фокусира на моделите на организација на власта.

Првата глава се сосредоточува на парламентарниот систем на организација на власта, како систем на флексибилна поделба на власта. Предмет на истражување во оваа глава се примерите на: парламентарна демократија во Обединетото Кралство, на рационализираниот парламентаризам во Германија и парламентарниот систем на организација на власта во Италија.

Втората глава ја анализира поделбата на власта во САД, како уставен модел на претседателски систем, но и начините и формите на неговото нарушување. Во оваа глава, покрај

референтниот модел на САД, авторот се осврнува и на претседателскиот систем во Турција, акцентирајќи го „републиканскиот султанизам“ како тенденција и реалност на владеењето на Таип Ердоган, како еклатантно нарушување на начелото на поделба на власта, уставно промовирано и загарантирано, но и нормативно и практично релативизирано и кршено.

Третата глава е посветена на мешовитиот систем на организација на власта, на примерот на Франција, во која, во рамките на поделената власт, онаа на извршната, поточно на главата на претседателот, осетно натежнува над другите, што е видливо како на нормативно ниво, а особено на ниво на реални овластувања и меѓусебни односи на трите гранки на власта. Во оваа глава, авторот се осврнува и на Руската Федерација, која во уставни рамки наликува на мешовит систем, односно на полупретседателски, но во практиката манифестира силни елементи на големодржавие, односно „цезаризам“ или со современ речник кажано: „путинизам“.

На овој пример, се надоврзува примерот на Романија, која, иако членка на ЕУ, сè уште ги манифестира реликтите од традицијата на авторитаризам, па и тоталитаризам, особено персонифицирани за време на режимот на последниот романски комунистички диктатор Чаушеску. Примерите на кохабитацијата јасно откриваат неспособност и отсуство на политичка волја за компромис меѓу претседателот и Владата во услови на кохабитација, која не функционира на француски начин, туку на „романски“, обележан со остра конфронтација, доживување на политичкиот противник како непријател и неспособност да се постапува државнички!

ЧЕТВРТИОТ ДЕЛ се однесува на македонскиот „модел“ на апликација на начелото на поделба на власта, како една од темелните вредности на уставниот поредок. На уставно ниво поставен како мешовит систем, заради непосредниот избор на шефот на државата, но и главно неговите церемонијални надлежности, што во основа го прави парламентарен систем, со елементи на претседателски, но и со остатоци од претходниот собранискиот систем, во услови кога собранието не може да се распушти, туку само да се самораспушти. Ако на ова ги додадеме и конституционализираните карактеристики на консоцијативна, односно консесуална демократија, се соочуваме со еден sui generis систем – преседан, сам по себе и со многу институционални преседани. Впрочем, некои уставни и законски решенија стимулираа(т) ентропија и стимулираат, наместо да редуцираааат политички конфликти, со што добиваат карактер на генератори на кризи. Вонинституционалното одлучување опасно му конкурира и го загрозува институционалното, заканувајќи се со парализа, отсуство на одговорност, или дифузна одговорност, во услови на отуство на процедура, како гаранција за демократијата.

Во првата глава, авторот нè води назад, кон почетоците на македонската независност и самостојност, а оттаму, по долгиот и недоврешен, комлексен, компликуван и контрадикторен процес на демократска транзиција и консолидација.

Во втората глава, острицата е директно врз моделот на организација на власта, уставно неконсеквентно развиен, со многу контрадикции и недоследности во поставеноста на трите власти, а особено во нивните меѓусебни реалации, уште повеќе отстапувања од нив, во реалното функционирање, што отвора простор за импровизации од непознат конституционален вид, отстапувања од уставното слово и дух, а да не зборуваме за европските демократски стандарди на кои сите и секогаш, па дури и кога ги кршат се повикуваат, без последици и без санкции, со оглед на верно негуваната филозофија на несанкционираност од секаков вид: политичка, кривична, граѓанска, етичка. Докторандот укажува на паралелното постоење на правен и фактички систем, кога моделот на организација на власта зависи од реалната поставеност, односно моќ на носителите на власта, при што во една констелација на моќта ист модел може да се манифестира како доминантно парламентарен, со слаб претседател и силен премиер, во друга, како однос на силен претседател во однос на владата, во трет, како современа тенденција, како премиерски, со слаб претседател и собрание како демокаратски репрезентативен, декоративен елемент. Зборуваме за сериозна демократска криза која бара длабоки реформски зафати: уставни, институционални, реални.

Во **ЗАКЛУЧОЦИТЕ,** кандидатот ги афирмира и ги сумира поентите од претходно напишаното, ги нотира опасностите од видното нарушување на начелото на поделба на власта, во отсуство на контролни механизми за зауздување и запирање на доминацијата на Голијат, во ликот на владината и премиерот, насушно потребни за демократски политички систем, конципиран, скроен и димензиониран според европски стандарди и практики.

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Докторската дисертација ги проучува нарушувањата на начелото на поделба на власта, како conditio sine qua non на демократскиот политички систем, на релација законодавна – извршна власт. Причината е алармантната доминација на егзектутивата врз легислативата, односно на владата и премиерот во парламентарниот систем на организација на власта (Обединето Кралство), на претседателот на државата во т.н. претседателски систем (САД) и на претседателот, во мешовитиот, односно полупретседателскиот систем (Франција). Во македонскиот модел на организација на власта, пак, во последната деценија, видлив е приматот на премиерите (Груевски, Заев), односно Владата со која раководат, наспроти Собранието и слабите претседатели (Иванов, Пендаровски). Се разбира, македонската понова историја (онаа од 1990 година) познава и периоди на силен претседател на државата (Глигоров), но и силен премиер (Црвенковски), како и слаб претседател (Трајковски) и силен премиер (Црвенковски).

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Бројни научни и стручни трудови, бројни анализи, резолуции и декларации, бројни истражувања, на национален план, но и во рамките на ЕУ, Венецијанската комисија и други релевантни тела, отриваат, укажуваат и предупредуваат дека, како во рамките на парламентарните системи, така и во рамките на претседателските и мешовитите системи, видно е нарушена рамнотежата на трите власти во корист на извршната, дека дури и законодавната функција, преку доминацијата во предлагање закони, делегираното законодавство и подзаконски акти, чиј број расте, за сметка на законите, ветото на претседателите, располагањето со финансиите, ослабената делиберативна функција на парламентите. Нужни се реформи, нормативни и институционални, како и активирање на други контролни механизми, како уставните судови, така и критичката активност на невладиниот сектор, независните и објективните медиуми, но и на директната демократија.

КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ

Во истражувањето се користени: историски метод, компаративен метод, нормативен метод, политиколошки метод, статистички метод, студија на случај, како и бројни истражувачки техники: индукција, дедукција, анализа и синтеза.

КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊАТА

Работата на докторатот открива, помалку или повеќе, нарушено начело на поделба на власта, односно надмоќ и доминација на егзекутивата над легислативата, како во парламентарниот систем на организација на власта, така и во мешовитиот модел и во претседателскиот систем. Како главен предлагач на закони во парламентарниот систем, во услови на компатибилност на пратеничката и министерката функција, како и наплив на подзаконски акти, егзекутивата често и длабоко навлегува во законодавната сфера, а парламентот има делиберативна функција. И во мешовитиот систем на Петтата Француска Република расте улогата на би-цефалната егзекутива, односно претседателот и Министерскиот совет во законодавната сфера, како и во севкупниот процес на одлучување. De iure, но особено de facto, јакне улогата на претседателот, што го прави системот полупретседателски. Претседателскиот систем, пак, како резултат на зајакнувањето на инокосната извршна власт е во фаза на президенцијализам, по онаа на судократија (Франклин Рузвелт) и онаа на конгресно владеење (Вудро Вилсон). Нарушувањето на рамноправноста на легислативата и егзекутивата е особено присутно во државите без демократска традиција (Руската Федерација) во кои уставно имплантираниот мешовит систем, во реалноста се трансформира и се манифестира како „путинизам“, со силни елементи на лична власт на претседателот, а во турскиот политички систем, како „ердоганизам-султанизам“.

Функционирањето на македонскиот модел на организација на власта во овие триесетина години ја потврдува основната хипотеза на дисертацијата за нарушено начело на поделбата на власта во корист на егзекутивата. Метафорично кажано, односот меѓу Собранието и Владата е однос на Давид против Голијат. Ова е видливо од апсолутната доминација на Владата како предлагач на закони, кои многу често се усвојуваат по скратена постапка, под палката на

претседателите на собранието кои не секогаш се однесувале како бранители на пратениците, туку наликувале и на владини претставници, неактивноста на собраниските комисии на кои би можеле да се презентираат критички експертски мислења, видувања на невладините организации, како и ставови на заинтересираните субјекти на кои се однесува законот, преголемата зависност на пратениците од партиите при гласањето, наспроти уставната гаранција дека ги претставуваат граѓаните и гласаат по сопствено уверување. Отсуството на ефективна контрола на Владата, заради минимизираното значење на институтот „пратенички прашања“, исто така, остави голем простор за комотно, па и неодговорно однесување на владите. Се разбира, на јакнеењето на улогата на егзекутивата кај нас, битно влијание имаа и: комплицираните меѓуетнички односи во чие постконфликтно решавање важна улога имаше и меѓународната заедница, при што Собранието најчесто само ги потврдуваше веќе договорените решенија во рамките на разни неформални тела, маргинализирајќи ја неговата делиберативна функција.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Трудот на кандидатот м-р Дритон Куќи, со наслов „За нарушеното начело на поделба на власта: законодавна vs извршна“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува условите и стандардите за докторски труд. Кандидатот успешно научно обработил важна, комплексна и акуелна тема, која бара интердисциплинарен пристап, односно критичко расветлување и промислување, како од правен, така и од политиколошки, социолошки, па и филозофски аспект. Станува збор за обемен труд, во кој гледаме и препознаваме вреден придонес за уставното право и политичкиот систем. Во методолошка смисла, во дисертацијата се поставени јасни хипотези и цели на истражувањето, кои се потврдени со соодветна методологија и истражувачки техники. Структурата и содржината на докторската дисертација ни даваат за право да констатираме дека кандидатот успешно се справил со предметот на истражување. Материјата е презентирана на јасен начин, а трудот е логично систематизиран. При изработката на дисертацијата, кандидатот користел богата и релевантна научна и стручна литература, домашна и странска, од водечки автори во оваа област, за што говори и големиот број на фусноти во текстот на дисертацијата. Јазикот на кој е пишуван трудот е јасен и разбирлив. Со дисертацијата, кандидатот дава научен придонес и поттик за натамошно развивање на критичката мисла и научното истражување во функција на обезбедување ограничена власт, власт што не е концентрирана на едно место, во еден орган, туку е поделена меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власта. Со тоа, докторската дисертација има не само теоретско, туку и практично значење.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. М-р Дритон Куќи: „ The Domination of the Government in the Political System of the Republic of the Macedonia “, објавен: European Scientific Journal, August 2015 edition vol.11, No.22 ISSN: 1857 – 7881 (Print) e - ISSN 1857- 7431.

[2]. М-р Дритон Куќи: „ Relationship between legislative and executive power “, објавен: Vizione . 2016, Vol. 25, p169-180. 12p.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Дритон Куќи,** со наслов **За нарушеното начело на поделба на власта: законодавна vs извршна.**

Комисија
Проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, ментор, с.р.
Проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, претседател, с.р.
Проф. д-р Рената Дескоска, член, с.р.
Проф. д-р Марика Ристовска, член, с.р.
Проф. д-р Каролина Ристова Астеруд, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

На тема за изработка на магистерски труд прифатен од
Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје
на седницата одржана на 06.03.2020 година

Кандидат	Тема	Ментор	Одлука од Научен совет
Д-р Лазар Димовски	**Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** “Флап дизајнот во релација со поставеноста на третите мандибуларни молари” **Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** “Flap design in relation to the position of the third mandibular molars”	Проф. д-р Марија Пеева Петреска	Бр. 02-1515/1 Од 06.03.2020

Прилог бр. 5

ПРЕГЛЕД
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Д-р Тања Дејаноска	Влијанието на висината на супраструктурата врз стабилноста на имплантите – метод на конечни елементи	The impact of suprastructure height on stability of implants – finite elements analysis	Проф.д-р Билјана Капушевска	06.03.2020 02-1512/1

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗООЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 31.1.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област зоологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-61/7, донесена на 11.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Милица Ристовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Орхидеја Тасевска, научен советник при ЈНУ Хидробиолошки завод во Охрид и д-р Елизабета Ангелова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област зоологија, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, д-р Катерина Беличовска, вонреден професор во научната област зоологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

10. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Катерина Беличовска е родена на 26.9.1977 година во Скопје. Основно и средно образование (Гимназија „Никола Карев“) завршила во родниот град, со континуирано одличен успех. Како одличен ученик, добитник е на повеќе награди, дипломи и пофалници. На Земјоделскиот факултет во Скопје, на сточарската насока, се запишала во учебната 1995/1996 година, а дипломирала во 2000 година, со просечен успех 9,33 и се здобила со звањето дипломиран земјоделски инженер.

Во учебната 2001/2002 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии, на групата рибарство, на Земјоделскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги положила со просечен успех 10,00. На 8.12.2006 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Споредбени испитувања на морфометриските карактеристики и составот на трупот на виножитната и речната пастрмка*.

Докторска дисертација пријавила на 28.5.2008 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Дисертацијата на тема: *Морфометриски карактеристики, масов состав и исхрана на охридската белвица (Acantholinqua ohridana, Steindachner)* ја одбранила на 16.6.2010 година и се стекнала со научен степен – доктор на земјоделски науки.

На 15.11.2001 година, кандидатката е ангажирана како стручен соработник по договор на предметот Зоологија при Земјоделскиот факултет во Скопје и е вклучена во изведувањето на практичната настава по предметите Зоологија и Екологија на сите насоки. Во декември 2002 година е избрана во звањето помлад асистент по предметот Зоологија. Од 1.9.2003 година е во редовен работен однос на Факултетот за земјоделски науки и храна како помлад асистент по предметот Зоологија. Во август 2007 година е избрана во звањето асистент по истиот предмет. На 1.12.2010 година е избрана во звањето доцент, а на 27.8.2015 година е избрана во звањето вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во научната област зоологија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1104 од 15.7.2015 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и има солидни познавања од областа на информатиката.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 815 од 15.11.2002 година, бр. 897 од 15.5.2006 година, бр. 925 од 31.8.2007 година, бр. 995 од 1.11.2010 година, бр. 1104 од 15.7.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други

остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

11. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ, кандидатката д-р Катерина Беличовска изведува настава, вежби, консултации, колоквиуми и испити на прв циклус студии по предметите: Зоологија и Рибарство на сите студиски програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Кандидатката е ангажирана и во изведувањето настава на втор циклус студии по предметите: Чување и преработка на рибите, Водни екосистеми – одбрани поглавја, Интензивно рибно производство – одбрани поглавја, Транспорт на риби и икри, како и на трет циклус студии по предметот Технологии на одгледување животни – напредни поглавја, на студиската програма Анимална биотехнологија, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во изминатиот период, кандидатката била ментор на две дипломски, а учествувала и како член во комисија за оцена и одбрана на 15 дипломски работи, спроведени во рамките на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Научноистражувачка дејност

Во изминатиот петтогодишен изборен период, д-р Катерина Беличовска, покрај успешното ангажирање во реализација на наставата, активно и успешно ја раководи научноистражувачката работа на Институтот за анимална биотехнологија, на Факултетот за земјоделски науки и храна. Во фокусот на научниот интерес на кандидатката се истражувања насочени од областа на аквакултурата, а дел од своите истражувања ги насочува и кон утврдување на квалитетот на храната. Во изминатиот период, д-р Катерина Беличовска има објавено вкупно 36 научни трудови, од кои 3 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 25 труда во меѓународни научни списанија, 1 труд во меѓународна научна публикација и 7 труда во зборници од научни собири. Кандидатката била рецензент на два научни труда. Во изминатиов период, д-р Катерина Беличовска учествувала како член во национален научен проект.

Кандидатката учествувала на повеќе меѓународни научни собири (симпозиуми, конференции, конгреси, семинари), одржани во земјава и во странство.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Катерина Беличовска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за анимална биотехнологија, како и во дејности од поширок интерес. Редовно учествува во промотивните активности на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Кандидатката остварила експертски акривности како стручно лице во Национален експертски тим за развој на модуларизирани наставни програми базирани на компетиции во *Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации – Договор за развој и дизајн на концепцијата за четиригодишно техничко образование*, во периодот од јануари до септември 2019 година. Воедно, таа била и учесник во спроведувањето на мерки и активности од ЗОПОД и развојноистражувачки задачи од подрачјето на изведување на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД во делот (областа) коњарство, за 2018 и 2019 година.

Кандидатката е член на Уредувачкиот одбор на научното списание International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, како и на научното списание KNOWLEDGE – International Journal. Исто така, таа е член на Научниот одбор на меѓународната научна конференција ”Global challenges and opportunities – future perspectives of developing countries“, одржана на 20-21 мај 2016 година и на меѓународната научна конференција ”New direction and challenges in transforming societies through a multidisciplinary approach“, одржана на 5-6 јуни 2017 година на МИТ универзитетот во Скопје.

Д-р Катерина Беличовска е член на две факултетски комисии: Комисија за работа на Библиотеката на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје во мандатниот период 2017–2021 година и Конкурсна комисија за реализирање на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебните години 2015/2016 - 2019/2020. Како член, учествувала во Работната група за

изготвување промотивен материјал „72 години Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје“ и промотивен материјал за промоција на Факултетот низ средните училишта.

Кандидатката учествувала во уредувачкиот одбор за издавање на монографија – 70 години Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје. Од 2017 година, таа е именувана за секретар на Наставно-научниот колегиум на студиската програма Анимална биотехнологија. Во 2019 година, по повод пет години од формирањето на Центарот за кариера, Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје ѝ доделил Благодарница за придонес во активностите и промоција на ФЗНХ.

Кандидатката била учесник на регионалниот настан во организација на Европскиот истражувачки совет (ERC) – Зголемување на учеството во ERC-проектите за Западен Балкан, одржан на 2 декември 2016 година во Љубљана. Таа учествувала во работилницата METROFOOD-RI – Инфраструктура за промовирање на метрологија во храна и исхрана, одржана на 30 ноември 2017 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Во Анекс 2, кој е составен дел на овој Извештај, детално се наведени сите активности на кандидатката од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и од дејностите од поширок интерес.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Катерина Беличовска, во учебната 2016/2017 година, доби позитивна оценка (9,04) од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Катерина Беличовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Катерина Беличовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област зоологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Катерина Беличовска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област зоологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Милица Ристовска,
редовен професор, Природно-математички факултет - Скопје, с.р.

Д-р Орхидеја Тасевска,
научен советник, ЈНУ
Хидробиолошки завод - Охрид, с.р.

Проф. д-р Елизабета Ангелова,
редовен професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Катерина Стојан Беличовска
Институција: Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
Научна област: зоологија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,33 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: друго (зоологија) (40808), поле: добиточно производство (сточарство) (408), подрачје: биотехнички науки (4).	Да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Meat Technology 2. Назив на електронската база на списанија: FSTA, CABI, DOAJ, EBSCO, AGRIS 3. Наслов на трудот: Chemical composition and pH value of rainbow trout (*Oncorhynchus Mykiss*) and river trout (*Salmo trutta fario*) meat grown in fish ponds. 4. Година на објава: 2015 5. Назив на научното списание: Meat Technology 6. Назив на електронската база на списанија: FSTA, CABI, DOAJ, EBSCO, AGRIS	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	7. Наслов на трудот: Effect of genotype on physico-chemical characteristics of rabbit meat. 8. Година на објава: 2017	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 члена од 10 земји: Македонија (8), Србија (7), Хрватска (5), Босна и Херцеговина (3), Црна Гора (2), Германија (1), Бугарија (2), Словенија (2), Австрија (1) и Албанија (1) 3. Наслов на трудот: Polyculture fish farming. 4. Година на објава: 2015 1. Назив на научното списание: Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 члена од 10 земји: Македонија (8), Србија (7), Хрватска (5), Босна и Херцеговина (3), Црна Гора (2), Германија (1), Бугарија (2), Словенија (2), Австрија (1) и Албанија (1) 3. Наслов на трудот: Study of gonadosomatic index of *Salmo ohridanus* Steindachner from Ohrid Lake. 4. Година на објава: 2017	Да
3.3	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Book of proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: VII International Scientific Agriculture Symposium Jahorina 3. Имиња на земјите: Босна и Херцеговина, Србија, Италија, Јапонија, САД, Велика Британија, Израел, Германија, Австрија, Русија, Канада, Црна Гора, Грција, Мароко, Шри Ланка, Словенија, Чешка, Романија, Непал, Унгарија, Индија, Македонија, Хрватска 4. Наслов на трудот: Intestinal parasites of *Salmo ohridanus* (Steindachner, 1892) from Ohrid Lake. 5. Година на објава: 2016	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Назив на зборникот: Symposium proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: 2nd International Symposium for Agriculture and Food 3. Имиња на земјите: Македонија, Словачка, Босна и Херцеговина, Србија, Италија, Јапонија, САД, Израел, Бугарија, Словенија, Црна Гора, Турција, Албанија, Египет, Иран, Унгарија, Финска 4. Наслов на трудот: The ratio between the intestine length and the body length in *Salmo ohridanus* Steindachner from Ohrid Lake. 5. Година на објава: 2016	
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 15 јули 2015 година; број 1104	Да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Милица Ристовска,
редовен професор, Природно-математички
факултет – Скопје, с.р.

Д-р Орхидеја Тасевска,
научен советник, ЈНУ
Хидробиолошки завод – Охрид, с.р.

Проф. д-р Елизабета Ангелова,
редовен професор, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Катерина Стојан Беличовска
Институција: Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
Научна област: зоологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на настава од прв циклус студии	
1.	Зоологија (4+2), Анимална биотехнологија, Преработка на земјоделски производи, Градинарство и цвеќарство, Заштита на растенијата, Овоштарство со лозарство, Лозарство и винарство, Поледелство, Агроекономика, Квалитет и безбедност на храна, летен семестар 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 (4 x 15 x 0,04)	7,2
2.	Зоологија (4+2), Екоземјоделство, зимски семестар 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 (4 x 15 x 0,04)	7,2
3.	Зоологија (3+2+2), Анимална биотехнологија; Преработка на земјоделски производи; Градинарство и цвеќарство; Заштита на растенијата; Овоштарство, лозарство и винарство; Поледелство; Агроекономика; Квалитет и безбедност на храна, летен семестар 2018/2019 (3 x 15 x 0,04)	1,8
4.	Рибарство (4+2), Анимална биотехнологија, Преработка на земјоделски производи, Квалитет и безбедност на храна, летен семестар 2016/2017, 2017/2018 (4 x 15 x 0,04)	4,8
5.	Рибарство (3+2), Анимална биотехнологија, Преработка на земјоделски производи, Квалитет и безбедност на храна, летен семестар 2018/2019 (3 x 15 x 0,04)	1,8
6.	Одржување на теренска настава (6 x 5 студиски години x 0,04)	1,2
	Одржување на вежби од прв циклус студии	
7.	Зоологија (0+2), сите студиски програми, летен семестар 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 (2 x 15 x 0,03)	7,2
8.	Зоологија (0+2), Екоземјоделство, зимски семестар 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 (2 x 15 x 0,03)	2,7
9.	Рибарство (0+2), Анимална биотехнологија, Преработка на земјоделски производи, Квалитет и безбедност на храна, летен семестар 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 (2 x 15 x 0,03)	2,7
	Подготовка на нов предмет од II циклус студии	
10.	Водни екосистеми – предавања и вежби	1,5
11.	Интензивно рибно производство – предавања и вежби	1,5
12.	Транспорт на риби и икри – предавања и вежби	1,5
13.	Консултации со студенти (120 студенти x 5 студиски години x 0,002)	1,2
14.	Ментор на дипломска работа (2 x 0,2)	0,4
15.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (15 x 0,1)	1,5
	Вкупно	**44,2**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Учесник во национален научен проект: Иновативни техники за надминување на негативните ефекти од климатските промени во сточарството, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје (2016-2017).	3
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	
2.	Zora Uzunoska, Tatjana Kalevska, Viktorija Stamatovska, **Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Dragan Damjanovski. An example of what Macedonian population knows about food allergies and food intolerance. Journal of Hygienic Engineering and Design, 2017; 19: 31-40.	3
3.	Zora Uzunoska, Tatjana Kalevska, Viktorija Stamatovska, Daniela Nikolovska Nedelkoska, Natalija Trajceska, Daniela Belichovska, **Katerina Belichovska.** Positive impact of frequent milk and dairy products consumption on bone mineral density of over 50-aged Macedonian women. Food and Environment Safety – Journal of Faculty of Food Engeneering, Ştefan cel Mare University – Suceava, 2018, 17 (2): 213-223.	3
4.	Zora Uzunoska, Tatjana Kalevska, Viktorija Stamatovska, **Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Daniela Nikolovska Nedelkoska, Tatjana Blazevskai. Vegetable consumption and bone mineral density in females. Journal of Hygienic Engineering and Design, 2018; 23: 81-90.	3
5.	D. Belichovska, Z. Pejkovski, K. Belichovska, Z. Uzunoska, A. Silovska-Nikolova. Effect of vegetable oils on fatty acid composition and cholesterol content of chicken frankfurters. IOP Conference Series: Earth and Environmental Science, 2017; 85, 012059.	3
6.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski. Smoke and smoked fish production. Meat Technology, 2019, 60 (1): 37-43.	4
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	
7.	Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, **Katerina Belichovska.** Changes in cooked ham inoculated with lactic acid bacteria.	4

	Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, 2015; 66 (1): 71-77.	
8.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Suzana Duraku. Water characteristics from the pond „Lukovo“ for fish farming. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, 2015; 4(1): 423-435.	4
9.	Daniela Belichovska, **Katerina Belichovska.** Commercial ostrich production. Knowledge International Journal, 2015; 10(1): 523-527.	4,5
10.	Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, **Katerina Belichovska.** Impact of starter cultures and plant fibers on the characteristics of fermented sausages. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, 2016; 5, 80-90.	4
11.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, Zora Uzunoska, Suzana Duraku. Microbiological analysis of the gut content in fish from the fishpond of „Lukovo“. Knowledge International Journal, 2016; 15 (1): 445-449.	3
12.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Srekjko Gjorgjievski. Microbiological analysis of fish feed. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, 2016; 5, 75-79.	4
13.	Zora Uzunoska, Zlatko Pejkovski, Tanja Kalevska, Daniela Beličovska, **Katerina Beličovska,** Viktorija Stamatovska. The positive impact of bioprotective culture on certain burger parameters. Macedonian Journal of Animal Science, 2016; 6 (1): 31–39.	3
14.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska. Characteristics of Lake Ohrid. Knowledge International Journal, 2016; 12 (2): 315-319.	4,5
15.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska. Background and basic features of Ohrid belvica *Salmo ohridanus* (Steindachner, 1892) of Ohrid Lake. Knowledge International Journal, 2016; 13 (3): 477-480.	4,5
16.	Dimitar Nakov, Metodija Trajchev, Aleksandra Angjeleska, **Katerina Belichovska**, Nikola Pacinovski. Determination of natural radionuclide in pig production chain in Macedonia by gamma spectrometry. AGRIFOR International Journal, 2016; 1 (1): 151-156.	3
17.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Zora Uzunoska, Suzana Duraku. Bacterial community composition in the gut content of fish from the fishpond „Modric“. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, 2017; 8, 13-22.	3
18.	Daniela Belichovska, **Katerina Belichovska.** Cooling and storage of eggs. Knowledge – International Journal, 2017; 20 (5): 2237-2239.	4,5
19.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, Suzana Duraku. Chemical characteristics of water in reservoir „Spilje“. Knowledge International Journal, 2017; 17 (3): 1349-1353.	3
20.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Petar Petrov, Suzana Duraku. Chemical and microbiological analysis of sediment from the fishpond „Lukovo“. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, 2017; 7, 24-30.	3
21.	Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, **Katerina Belichovska.** Replacement of pork fat with sunflower oil in beef frankfurter	3

	production. Knowledge International Journal, 2018; 23 (3): 803-806.	
22.	Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, Aleksandra Silovska Nikolova, **Katerina Belichovska.** Health aspects of fat and cholesterol intake in everyday human nutrition. Knowledge International Journal, 2019; 30 (3): 643-648.	3
23.	Aleksandra Silovska Nikolova, Zlatko Pejkovski, Daniela Belichovska, **Katerina Belichovska.** Domestic market research, detecting the factors that influence consumers' choice of meat products by domestic or foreign producers. Knowledge International Journal, 2019; 31 (3): 681-687.	3
24.	Aleksandra Silovska Nikolova, Zlatko Pejkovski, Daniela Belichovska, **Katerina Belichovska.** Traditional Macedonian sausages with starter cultures. Knowledge International Journal, 2019; 34 (3): 657-662.	3
25.	Aleksandra Silovska Nikolova, Zlatko Pejkovski, **Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska. Fish consumption and processed fish products in the Republic of North Macedonia. Knowledge International Journal, 2019; 35 (3): 909-914.	3
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД	
26.	Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, Zora Uzunoska, **Katerina Belichovska,** Dana Uzhevska. A bioprotective culture shows positive effects. Fleischwirtschaft International, 2016; 31 (2): 107-111.	3
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	
27.	Veta A., Pejkovski Z., **Belichovska K.,** Belichovska D. Improving the oxidative stability of fats in burgers. 2nd International Symposium for Agriculture and Food, 7-9 October 2015, Ohrid, Republic of Macedonia, Symposium Proceedings, 2016, Vol. 1, pp. 339-347.	3
28.	**Belichovska K.,** Kostov V., Belichovska D. The ratio between the intestine length and the body length in *Salmo ohridanus* Steindachner from Ohrid Lake. 2nd International Symposium for Agriculture and Food, 7-9 October 2015, Ohrid, Republic of Macedonia, Symposium Proceedings, 2016, Vol. 2, pp. 1069-1073.	4
29.	Naumovski M., **Belichovska K.,** Belichovska D., Pejkovski Z., Duraku S. Water quality for fish farming in the pond „Modric“. 2nd International Symposium for Agriculture and Food, 7-9 October 2015, Ohrid, Republic of Macedonia, Symposium Proceedings, 2016, Vol. 2, pp. 1077-1085.	3
30.	Pejkovski Z., **Belichovska K.,** Belichovska D., Duraku S. Convenience of water from pond „Cresovo“ for fish farming. 2nd International Symposium for Agriculture and Food, 7-9 October 2015, Ohrid, Republic of Macedonia, Symposium Proceedings, 2016, Vol. 2, pp. 1093-1103.	3
31.	Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, **Katerina Belichovska,** Aleksandra Silovska-Nikolova. Influence of plant oils on certain	3

	physico-chemical characteristics of frankfurters. VII International Scientific Agriculture Symposium „Agrosym 2016“, Jahorina, October 06-09, 2016, Bosnia and Herzegovina. Book of Proceedings, pp. 2541-2546.	
	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир	
31.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Petar Petrov, Suzana Duraku. Chemical and microbiological characteristics of waste material from fishponds in Republic of Macedonia. International Conference CONTAMINATED SITES 2016, 12 – 13 September 2016, Slovakia, Bratislava. Book of Proceedings, pp. 213-215.	1,2
	Учество на научен/стручен собир со реферат	
32.	Daniela Belichovska, **Katerina Belichovska.** Commercial ostrich production. International Scientific Conference „The Power of Knowledge“, October 2-4, 2015, Agia Triada, Greece (усна презентација).	1
33.	**Belichovska K.,** Kostov V., Belichovska D. The ratio between the intestine length and the body length in *Salmo ohridanus* Steindachner from Ohrid Lake. 2nd International Symposium for Agriculture and Food, 7-9 October 2015, Ohrid, Republic of Macedonia (постер).	0,5
34.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska. Background and basic features of Ohrid belvica *Salmo ohridanus* (Steindachner, 1892) of Ohrid Lake. International Scientific Conference „The Teacher of the Future“, 17-19 June 2016, Durres, Albania (усна презентација).	1
35.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Dimitar Nakov, Metodija Trajcev. Intestinal parasites of *Salmo ohridanus* (Steindachner, 1892) from Ohrid Lake. VII International Scientific Agriculture Symposium „Agrosym 2016“, Jahorina, October 06-09, 2016, Bosnia and Herzegovina (постер).	0,5
36.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, Zora Uzunoska, Suzana Duraku. Microbiological analysis of the gut content in fish from the fishpond of „Lukovo“. Eleventh International Scientific Conference „Knowledge in Practice“, 16-18 December 2016, Bansko, Republic of Bulgaria (постер).	0,5
37.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski, Suzana Duraku. Chemical characteristics of water in reservoir „Spilje“. International Scientific Conference „The Teacher of the Future“, 25-28 May 2017, Budva, Montenegro (постер).	0,5
38.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Zora Uzunoska, Suzana Duraku. Bacterial community composition in the gut content of fish from the fishpond „Modric“. International Scientific Conference „New Directions and Challenges in Transforming Societies through a Multidisciplinary Approach“, 5-6 June 2017, Skopje, Republic of Macedonia (усна презентација).	1
39.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska. Usage of recycled fishpond sediment. RemTech Europe 2017 - European Conference on remediation markets and technologies, 20-22 September 2017, Ferrara, Italy (усна презентација).	1
40.	**Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska, Zlatko Pejkovski. Study of gonadosomatic index of *Salmo ohridanus* Steindachner	0,5

	from Ohrid Lake. 3rd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF 2017, 18-20 October, Ohrid, Republic of Macedonia (постер).	
41.	Aleksandra Silovska Nikolova, Zlatko Pejkovski, **Katerina Belichovska,** Daniela Belichovska. Fish consumption and processed fish products in the Republic of North Macedonia. XXIII-rd International Scientific Conference „Knowledge in Practice“, 13-15 December 2019, Bansko, Republic of Bulgaria (постер).	0,5
	Апстракти објавени во зборник на конференција	
42.	Belichovska Daniela, Pejkovski Zlatko, **Belichovska Katerina.** Chemical composition, water holding capacity and cooking loss of rabbit meat. 2nd International Symposium for Agriculture and Food, 7-9 October 2015, Ohrid, Macedonia. Book of Abstracts, p.16.	1
43.	Belichovska Daniela, Pejkovski Zlatko, **Belichovska Katerina.** Possible alternatives to pork fat, nitrite and phosphate in frankfurters. VI International Scientific Agricultural Symposium „Agrosym 2015“, Jahorina, Bosnia and Herzegovina, October 15-18, 2015. Book of Abstracts, p.682.	1
44.	Zlatko Pejkovski, Daniela Belichovska, **Katerina Belichovska.** Influence of spice mixture of oregano and savory on the characteristics of cevapi. 3rd International Symposium for Agriculture and Food, 18-20 October 2017, Ohrid, Republic of Macedonia. Book of Abstracts, p.97.	1
45.	Рецензија на научен труд (2)	0,4
	Вкупно	**116,6**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Skills Development and Innovation Support Project – Contract for Development and Design of the Concept for Secondary TVET (2019)	1
2.	Учество во промотивни активности на факултетот (2015 – 2019)	2,5
Дејности од поширок интерес		
3.	Член на Уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание International Journal of Recent Research in Arts and Sciences	1
4.	Член на Уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание KNOWLEDGE – International Journal	1
5.	Член на Научниот одбор на меѓународната научна конференција „Global challenges and opportunities – future perspectives of developing countries“ (20-21 мај 2016)	1
6.	Член на Научниот одбор на меѓународната научна конференција „New direction and challenges in transforming societies through a multidisciplinary approach“ (5-6 јуни 2017)	1
7.	ERC Widening European Participation event: ERC Funding Opportunities – Supporting excellent researchers all over Europe, 1-2 December 2016, Ljubljana, Republic of Slovenia	0,5

8.	Член на факултетска комисија – Конкурсна комисија за реализирање на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии (2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020)	2,5
9.	Член на факултетска комисија – Комисија за работа на Библиотеката на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје (2017-2021)	0,5
10.	Член на Уредувачки одбор за издавање на монографија, 70 години Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје (2017)	0,5
11.	Член на Работна група за изготвување промотивен материјал „72 години ФЗНХ во Скопје“ и промотивен материјал за промоција на Факултетот низ средните училишта	0,5
12.	Секретар на Наставно-научниот колегиум на студиската програма Анимална биотехнологија на втор циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје	0,5
13.	Изработка на заедничка програма за одгледување добиток: заедничка одгледувачка програма за одгледување на коњи (ЗОПОД), МЗШВ (2018, 2019)	6
	Вкупно	**18,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**44,2**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**116,6**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**18,5**
Вкупно	**179,3**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Милица Ристовска, редовен професор, Природно-математички факултет - Скопје, претседател, с.р.

Проф. д-р Орхидеја Тасевска, редовен професор, ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид, член, с.р.

Проф. д-р Елизабета Ангелова, редовен професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЗООХИГИЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, објавен во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 31.1.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) зоохигиена, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-61/10, донесена на XXVIII седница одржана на 11.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Методија Трајчев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Жарко Мациров, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија и д-р Цане Пејковски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) зоохигиена, во предвидениот рок се пријави кандидатот Димитар Наков, доктор на земјоделски науки, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

12. Биографски податоци и образование

Кандидатот Димитар Наков, доктор на земјоделски науки, е роден на 17.4.1977 година, во Штип, Република Северна Македонија. Средно образование завршил во Штип. Со високо образование се стекнал на Факултетот за ветеринарна медицина, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 1.6.2001 година, со просечен успех 8,66.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на групата (студиската програма) зоохигиена. Студиите ги завршил на 17.9.2009 година, со просечен успех 9,71. На 18.4.2011 година успешно го одбранил магистерскиот труд на тема: „Анализа на ризик-факторите за појава на клинички мастит кај млечни крави во Република Македонија“.

Главата „Литература“ ги задоволува основните логички и методолошки принципи за изборот на објавените научни и стручни трудови кои се во непосредна врска со предметот и целите на истражувањето. Тие претежно се од понов датум. Наведени се сите трудови кои се цитирани во докторската дисертација. Од структурата на библиографските единици може да се согледа нивната методолошки оправдана искористеност за реализацијата на темата на докторската дисертација. Од методолошко-технички аспект, библиографијата е адекватно презентирана.

Во последната глава, „Прилог“, прикажани се прашалниците, како и слики користени во истражувањето и слики од методот на мобилизација на цервикалниот ‘рбет како Мулигановиот концепт.

Предмет на истражувањето

Предметот на оваа дисертација е да се утврдат релациите помеѓу антропометриските, кинезиолошките и биомеханичките параметри кај пациенти со болки во вратот и држење на главата нанапред и ефектите од цервикоторакална мобилизација.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Болката во цервикалниот дел на ’рбетот е главен проблем во модерното време, ова искуство го доживуваат поголемиот дел од населението во текот на животот. Постојат голем број на интернационални истражувања кои ја третираат оваа проблематика. Кандидатот наведува повеќе истражувања кои посредно или непосредно се поврзани со предметот на истражувањето на докторската дисертација. Овие истражувања се основа за остварување на целите на истражувањето, а воедно го зголемуваат степенот на научната и апликативната вредност на докторската дисертација.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето е реализирано на 150 пациенти, поделени во 3 групи: 50 пациенти во група 1 (Мулиган, експериментална група), 50 пациенти во група 2 (стандардна физиотерапија), 50 пациенти во група 3 (лекови или интрамускуларни инјекции). Пред почеток на третманот, секој пациент мораше да одговори на прашалник преку кој се добиваат информации за нивниот животен стил, пречки кои им предизвикувале болка во текот на денот, фактори на анксиозност. Потоа се направени антропометриски мерења на тежината, висината и индексот на телесна маса. Секој пациент е евалуиран пред и по третманот од 2 месеца; степенот на болка, аголот на наваленост на главата, подвижноста на телото и силата во мускулите пред и по третманот од 2 месеца. По 6-месечен третман, сите пациенти сакаа да го видат ефектот од користење на паметни телефони врз позицијата на нивната глава. Па, затоа секоја група од по 50 пациенти ја поделивме на две подгрупи: на 20 пациенти им беше кажано да продолжат со секојдневниот живот без никакви промени, додека на останатите 30 им беше кажано да инсталираат програма на нивните телефони наречена „smart posture“, која не им дозволува на корисниците да ја држат главата наведната при нивното користење. По 2 месеца, кога ги направивме најновите мерења, ги споредивме резултатите за да видиме дали користењето на паметен телефон има ефект.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Болката во вратот е еден од најчестите проблеми во физиотерапевтската практика. Фармаколошкиот третман со основна физиотерапија со електротерапија, терапевтика и рачна масажа е често неефикасен. Методи на мобилизација на цервикалниот ‘рбет како Мулигановиот концептт на секојдневна мобилизација се покажуваат како поефективни во рехабилитацијата при болки во вратот бидејќи се верува дека имаат структурен ефект врз ширењето на интервертебралниот простор, како и во олабавувањето на поголемата мускулна тензија и мобилност.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Насер Лаху, со наслов „Релации помеѓу антропометриските, кинезиолошките и биомеханичките параметри кај пациенти со болки во

вратот и forward head posture, како и ефектите од цервикоторокална мобилизација“, претставува истражување во кинезиологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација имаше за цел да ги утврди разликите на методот на мобилизација на цервикалниот ‘рбет како Мулигановиот концепт во однос на стандардната физиотерапија и медикаментозен третман кај пациенти со болки во вратот.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни еписанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Naser Lahu, Valmira1 Latifi-Lahu, Sylejman Miftari (2019): *MANUAL THERAPY AND EXERCISE THERAPY IN PATIENTS WITH CHRONIK LOW BACK PAIN* p.p. Research in physical education, sport and halth (International Journal of Scientific Issues in Phusical Education, sport and Health), Vol 7, No 1, Skopje.
2. Naser Lahu, Sylejman Miftari, Valmira Latifi-Lahu (2019): *THE INFLUENCE OF THE CERVICAL TRACTION AND MANIPULATIVE METHODS IN A REPORT WITH CHRONIC NECK PAIN* p.p. Research in physical education, sport and halth (International Journal of Scientific Issues in Phusical Education, sport and Health), Vol 7, No 1, Skopje.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатот. Студијата потврди дека што се однесува до визуелно аналогната скала на болка, сите три методи се ефективни, но најефективен е методот кој користи цервикоторакална мобилизација. Она што е нагласено во овој труд е поврзаноста на позиционирање на главата со начинот на живот на пациентите, при што над 80 % од нив тврдат дека ги користат своите паметни телефони подолг временски период или седат пред компјутер. Исто така, утврдено е дека пациентите кои работеле на работно место во седечка положба, имаат поголема веројатност да имаат проблем со вратот отколку пациентите кои работеле во движење. Кај испитаниците постои степен на анксиозност поради проблеми кои им прават нервоза и имаат проблеми со релаксирање. Најдобри резултати во подобрување на аголот и олеснување на болката, како и подобрување на мобилноста, беа постигнати во Мулигановата група кои беа третирани, како во второто мерење од 6 недели, така и во последното мерење по 2 месеца.

Подрачје на примена и ограничувања. Информациите добиени од оваа студија ќе придонесат за планирање на физикалната терапија кај секој пациент индивидуално во зависност од дијагнозата, полот, возраста, физичката подготвеност и сл. Ограничување на студијата е можноста од лоша партиципација и одговор од страна на испитаниците. Можно е некомплетно пополнување на прашалниците кај дел од испитаниците.

Препорачуваме, во идните студии да се вклучат поголем број на испитаници, поголем број на мерни инструменти, да се проверат мерните карактеристики на инструментите на популација испитаници од Република Косово. Во дијагностиката, покрај субјективни методи, потребно е да се вклучат повеќе објективни методи, како што се: динамометриска сонда, електромиографија, магнентна резонанца или компјутерска томографија. Исто така, треба подобро да се таксономизираат спецификите на работните места и евентуалното нивно влијание врз појавата и интензитетот на болките на ’рбетниот столб.

Можни понатамошни истражувања. Препорачуваме, идните студии да вклучат поголем број на испитаници, групирани на различна возраст, нови мерни инструменти и социо-психолошки фактори кои можеби влијаат врз појавата и интебзитетот на болките на вратот.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Насер Лаху, со наслов „Релации помеѓу антропометриските, кинезиолошките и биомеханичките параметри кај пациенти со болки во вратот и forward head posture, како и ефектите од цервикоторокална мобилизација“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Вујица Живковиќ (претседател), с.р.
Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска (ментор), с.р.
Проф. д-р Даниела Шукова Стојмановска (член), с.р.
Проф. д-р Милан Наумовски (член), с.р.
Проф. д-р Абдула Елези (член), с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СПОРЕДБА МЕЃУ ТРИ ФИЗИОТЕРАПЕВТСКИ МЕТОДИ ВО ТРЕТИРАЊЕТО НА ДОЛГОРИЧНИ БОЛКИ НА ДОЛНИОТ ДЕЛ НА ГРБОТ“ ОД М-Р СУЛЕЈМАН МИФТАРИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на 12.3.2020, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Сулејман Мифтари со наслов **Споредба меѓу три физиотерапевтски методи во третирањето на долгорочни болки на долниот дел од грбот**“, во состав: проф. д-р Ленче Алексовска Величковска (претседател), проф. д-р Милан Наумовски (ментор), проф. д-р Даниела Шукова Стојмановска (член), вонр. проф. д-р Серјожа Гонтарев (член) и проф. д-р Абдула Елези (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сулејман Мифтари, со наслов **Споредба меѓу три физиотерапевтски методи во третирањето на долгорочни болки на долниот дел од грбот**, содржи 1113 страници компјутерски обработен текст во фонт Calibri, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 167 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Структурата на трудот содржи вовед и 8 глави со соодветен број подглави. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведниот дел, авторот ги дефинира хроничните болки во долниот дел на грбот, според кој за да бидат хронични во континуитет, треба да траат повеќе од дванаесет недели. Наведени се статистички податоци според кои голем број од светското население има хронични болки во долниот дел од грбот. Брзото темпо на живот, воведувањето на новите технологии на работните места, долготрајната иста положба на вработените на нивните работни места, намалената телесна активност и начинот на живеење, се основните предизвикувачи на нарушувањата на целиот локомоторен апарат и нервномускулниот систем. Најголемите оптоварувања, предизвикани од различните положби, најмногу ги трпи ‘рбетниот столб во долниот дел на грбот. Наведено е дека кај одреден број субјекти кои боледуваат од болки во долниот дел на грбот се развива постојана неспособност. Оваа аномалија се јавува со иста зачестеност во сите култури, го нарушува квалитетот на живот, ги намалува работните перформанси и претставува постојана причина за лекарско консултирање или лекарски третман. Најранливи на појавата на болки во долниот дел на грбот се луѓето на возраст од 35 до 55 години и повозрасните, но не се ретки и пациентите помлади од 35 години. Кандидатот наведува дека откривањето и третирањето на овие болки треба да има мутидисципллинарен пристап.

Првата глава ја содржи севкупната анатомска структура на ‘рбетниот столб, со детална анализа на лумбосакралниот дел, со сите негови сегменти (пршлени, мускули, лигаменти, нерви). Потенцирана е важноста на физиолошките лакови на ‘рбетниот столб, како и девијантните појави што се јавуваат кај него, како резултат на надворешни влијанија. Во продолжение е презентирана структурата на интервертебралните дискови, видовите на постурално држење на телото, како и деформитетите кои можат да се појават на ‘рбетниот столб. Дефиниран е лумбалниот синдром, неговата етиологија и патогенеза, како и клиничките знаци и симптоми. На крајот од оваа глава опишан е начинот на дијагностицирање на болките во долниот дел на грбо.

Во втората глава насловена како „Досегашни истражувања“, наведени се повеќе истражувања од странски автори во кои е проучувана ефикасноста на физиотерапијата и нејзината улога во третирањето на долгорочните болки во долниот дел на грбот.

Проблемот, предметот, целите и хипотезите на истражувањето се наведени во **третата глава**. Наведени се најчестите причини поради кои се јавуваат болките во долниот дел на ‘рбетниот столб, важноста на нивната рана детекција, како и примената на најсоодветните методи за санирање на ваквите состојби. Предмет на проучување се три физиотерапевтски методи кои се применуваат за третирање на долгорочните болки во долниот дел на грбот. Покрај основната цел, која е насочена кон утврдување на ефектите од примената на трите физиотерапевтски методи, во траење од шест недели, наведени се и седум конкретни цели со кои се утврдуваат универијантните и мултиваријантните разлики меѓу третираните групи испитаници. Покрај нултата хипотеза, наведени се уште петнаесет хипотези кои треба да дадат одговор на поставените цели.

Во четвртата глава е презентиран методот на работа. Вкупниот примерок изнесува 90 испитаници, извлечен од популацијата пациенти со хронични болки во долниот дел на грбот, кои престојуваат во Специјалната болница за општа рехабилитација во Клокот бања. Кај секој пациент, најнапред е утврден степенот на аномалијата и кај оние што ги исполнуваат симптоматските критериуми е применета темелна физикална егзаминација на долниот дел на грбот. Примерокот е селектиран по случаен избор и е поделен во три групи: експериментална група Е-1 и Е-2, и контролна група К. Само 90 пациенти беа во можност да го завршат истражувањето, а секоја група броеше по 30 пациенти. Група - Е1 (експериментална група) - пациенти со болки во долниот дел на грбот, од кои 15 се женски лица и 15 машки лица. Тие беа вклучени на третман со термотерапија, Мекензи протоколот, лумбална тракција и програма за одење. Група - Е2 (експериментална група) - пациенти со болки во долниот дел на грбот, од кои 15 се женски лица и 15 машки лица. Тие беа вклучени на третман со термотерапија, лумбална тракција и програма за одење и Тенс.(Tens.). Група – К (контролна група) - пациенти со болки во долниот дел на грбот, 15 се женски лица и 15 машки лица. Тие беа вклучени на третман само со пасивни методи: термотерапија и Тенс. (Tens.) Во истражувањето се применети варијабли за проценка на степенот за рехабилитација: лумбална флексибилност, интензитет на болка, степен на попреченост и самодоверба, на почетокот, по 3 недели и на крајот на истражувањето, по 6 недели. Податоците и резултатите од истражувањето се евидентирани во поединечни обрасци, користејќи стандардизирани прашалници. 1. Флексибилноста во лумбалниот предел е мерена со тестот на растојание од врвот на прстите на рацете до под (DGD) (Finger to Floor Distance (FTF)). 2. Интензитетот на болката е утврден со визуелно аналогна скала (ABC), 0-100 бодови). 3. Степенот на инвалидитет е утврден со помош на“Oswestry прашалникот” (Oswestry disability index, 0-100%). 4. Степенот на самодоверба е определен според Rosenbergit, 0–30 бодови. Во продолжение се објаснети сите методи и начинот на нивната примена во процесот на рехабилитација. За време на секој преглед, извршено е субјективно и објективно клиничко испитување: одење и постура на телото (држење на телото), опсег на движење, палпација и перкусија на лумбалниот 'рбет, одење на прсти и на пети, седнување и станување, палпација на миофасцијални на тригер точките, тест на дигање на исправена нога (тест Lasegue), невролошки тестови (дерматоми, миотоми, рефлекси) итн. За сите применети варијабли пресметани се: аритметичка средина (Mean), стандардна девијација (Std. Dev.), коефициентите на варијација (CV%), долна и горна граница на растојанието, во кое се движат сите резултати, минимум (min.) и максимум (max.), стандардна грешка на аритметичка средина (Stand of error), коефициент за симетричност /асиметричност Skewness (SK), коефициент на сплеснатост /издолженост Kurtosis (KU). За утврдување на разликите во мултиваријантниот и универијантниот манифестен простор употребени се мултиваријантната и универијантната анализа. За утврдување на разликите меѓу

поодделни варијабли и нивото на нивната значајност помеѓу одделни суппримероци ќе биде применет post-hok компаративниот LSD-тест.

Во петтата глава насловена како „Резултати и дискусија“, во 29 табели презентирани се добиените резултати со соодветна интерпретација. Врз основа на добиените податоци и нивната анализа, утврдено е дека на иницијалното мерење не се утврдени значајни меѓугрупни разлики кај применетитте варијабли. Од ова произлегува дека на почетокот на шестнеделиот физиотерапевтски третман, трите групи испитаници се со приближно иста клиничка слика. По тринеделен третман со различните физиотерапевтски методи, на контролното мерење утврдени се статистички значајни меѓугрупни разлики. Од добиените резултати констатирано е дека кај варијаблата ABC - интензитет на болка, најголемо намалување на болката има кај експерименталната група Е-1 (4,4). Исто така, интензитетот на болка е помал кај втората експериментална група Е-2 (4,87), во однос на испитаниците од контролната група К (5.3). Кај варијаблата Oswestry – степен на инвалидитет, појава на болка во типични дневни активности, најголемо намалување, односно најнизок степен на инвалидитет е утврден кај првата експериментална група Е-1 (29,97 %). Степенот на инвалидитет кај втората експериментална група Е-2 (32,40 %) е помал во однос на контролната група К (34,93 %). Кај варијаблата FTF – флексибилност - подвижноста на 'рбетниот столб и препоните, испитаниците од првата експериментална група Е-1, постигнуваат најдобри резултати, односно тие можат да се наведнат кон напред и врвовите на средните прсти да ги доближат најблиску до подот (33,7 см од подот). Испитаниците од втората експериментална група Е-2 (39,9 см од подот) постигнуваат подобри резултати од испитаниците од контролната група К (43,03 см од подот). Кај варијаблата Rosenbergit – проценет е степенот на самодоверба, а скалата се движи од 0 до 30 бода. Од резултатите на контролното мерење, утврдено е дека и кај оваа варијабла испитаниците од првата експериментална група Е-1, постигнуваат најдобри резултати, односно нивната самодоверба е најголема и изнесува 18,63. Кај испитаниците од втората експериментална група Е-2, самодовербата изнесува 17,37, што претставува подобар резултат од испитаниците од контролната група К (16,53).

По шестнеделен третман со различните физиотерапевтски методи, на финалното мерење, утврдени се статистички значајни меѓугрупни разлики. Од добиените резултати може да се види дека кај варијаблата ABC - интензитет на болка, најголемо намалување на болката има кај експерименталната група Е-1 (1,83). Исто така, интензитетот на болка е помал кај втората експериментална група Е-2 (2,43), во однос на испитаниците од контролната група К (3,93). Кај варијаблата Oswestry – степен на инвалидитет (скала од 0 до 100 %), најнизок степен на инвалидитет е утврден кај првата експериментална група Е-1 (14,73 %). Степенот на инвалидитет кај втората експериментална група Е-2 (17,67 %) е помал во однос на контролната група К (27,2 %). Кај варијаблата FTF – флексибилност - подвижноста на 'рбетниот столб и препоните, на финалното мерење испитаниците од првата експериментална група Е-1 постигнуваат најдобри резултати, односно тие можат да се наведнат кон напред и врвовите на средните прсти да ги доближат најблиску до подот (20,33 см од подот). Испитаниците од втората експериментална група Е-2 (23,97 см од подот) постигнуваат подобри резултати од испитаниците од контролната група К (34,43 см од подот). Кај варијаблата Rosenbergit, со која е проценет степенот на самодоверба, од резултатите на финалното мерење може да се забележи дека и кај оваа варијабла испитаниците од првата експериментална група Е-1 постигнуваат најдобри резултати, односно нивната самодоверба е најголема и изнесува 25,43. Кај испитаниците од втората експериментална група Е-2, самодовербата изнесува 23,97, што претставува подобар резултат од испитаниците од контролната група К (20,47).

Во шестата глава презентирано е теоретското и апликативното значење на истражувањето. Главна придобивка од истражувањето, според авторот, е можноста за изготвување протоколи кои ќе овозможат поефикасно и пократкотрајно лекување на пациентите. Добиените резултати од истражувањето можат да бидат патоказ за сите

физиотерапевти кои работат во центрите за рехабилитација, не само во неговата земја, туку и пошироко.

Во седмата глава, презентирани се заклучоците изведени врз основа на добиените резултати и даваат соодветен одговор на поставените хипотези во истражувањето. Од добиените резултати констатирано е дека по шестнеделниот физиотерапевтски третман најдобри резултати постигнуваат испитаниците од првата експериментална група, кај кои е применета терапијата во која се вклучени: термотерапија, Мекензи протоколот, лумбална тракција и програма за одење. Врз основа на интерпретираните резултати, констатирано е дека кај сите три групи испитаници, утврдени се статистички значајни разлики меѓу аритметичките средини на проучуваните варијабли меѓу иницијалното и контролното мерење по тринеделниот третман и меѓу контролното и финалното мерење и меѓу иницијалното и финалното мерење, по шестнеделениот физиотерапевтски третман. Секоја од применетите методи предизвикува позитивни ефекти кај испитаниците, но треба да се нагласи дека терапијата во која се вклучени: термотерапија, Мекензи протоколот, лумбална тракција и програма за одење, дава најдобри резултати и дека таа треба да се промовира и да најде широка примена во третирањето на болките во долниот дел на ‘рбетниот столб.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сулејман Мифтари, со наслов **СПОРЕДБА МЕЃУ ТРИ ФИЗИОТЕРАПЕВТСКИ МЕТОДИ ВО ТРЕТИРАЊЕТО НА ДОЛГОРИЧНИ БОЛКИ НА ДОЛНИОТ ДЕЛ НА ГРБОТ**, претставува истражување во кинезиологијата. Предмет на проучување во истражувањето се три физиотерапевтски методи применети во третирањето на долгорочните болки во долниот дел на грбот, кај различни возрасти и различен пол. Целта на истражувањето е насочена кон утврдување на ефектите од различните методи на физиотерапевтска терапија, во траење од шест недели, кај проучуваните испитаници и утврдување на мултиваријантните и универијантните разлики меѓу третираните групи испитаници. Резултатите и препораките од истражувањето ќе послужат како упатство за сите физиотерапевти кои се активно вклучени во работата на клиниките и терапевтските ординации.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Сулејман Мифтари, со наслов **СПОРЕДБА МЕЃУ ТРИ ФИЗИОТЕРАПЕВТСКИ МЕТОДИ ВО ТРЕТИРАЊЕТО НА ДОЛГОРИЧНИ БОЛКИ НА ДОЛНИОТ ДЕЛ НА ГРБОТ**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Sylejman Miftari and Naser Lahu (2019): *EFFICACY OF PHYSIOTHERAPY IN TREATING ACUTE LOWER BACK PAIN p.p.* Research in physical education, sport and halth (International Journal of Scientific Issues in Phusical Education, sport and Health), Vol 7, No 1, Skopje.
2. Sylejman Miftari, Naser Lahu (20019):THE ROLE OF PHYSIOTHERAPY IN TREATMENT OF FROZEN SHOULDER p.p. Research in physical education, sport and halth (International Journal of Scientific Issues in Phusical Education, sport and Health), Vol 7, No 1, Skopje.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Добиените резултати од истражувањето имаат соодветен научен придонес во физиотерапијата, а предложениот протокол може да има значајна улога во третманот на хроничната болка во долниот дел на грбот, придонесувајќи за редуцирање на болката, зголемена функција и подвижност на пациентите, како и зголемен квалитет на нивните животи. Препорака е да се продолжи со вакви истражувања, кои треба да опфатат поголем број испитаници во подолг временски период, со што би се потврдиле резултатите и препораките од дисертацијата.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Сулејман Мифтари** со наслов: **СПОРЕДБА МЕЃУ ТРИ ФИЗИОТЕРАПЕВТСКИ МЕТОДИ ВО ТРЕТИРАЊЕТО НА ДОЛГОРИЧНИ БОЛКИ НА ДОЛНИОТ ДЕЛ НА ГРБОТ.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска, претседател, с.р.
Проф. д-р Милан Наумовски, ментор, с.р.
Проф. д-р Даниела Шукова Стојмановска, член, с.р.
Проф. д-р Абдула Елези, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Серјожа Гонтарев, член, с.р.

Прилог бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА): СЕМЕЈСТВОТО ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА И ИСТОРИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, објавен во весниците „Коха” и „Вечер”, на 23.1.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) Друго со шифра 51128 (Семејството во мултикултурните општества) и Друго со шифра 60117 (Историја на семејството), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-310/8 од 12.02.2020 година, донесена на XXVIII редовна седница одржана на 12.2.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Зоран Матевски, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, д-р Македонка Радуловиќ, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет и д-р Тодор Чепреганов, редовен професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Факултет за образовни науки.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) семејството во мултикултурните општества и историја на семејството, во предвидениот рок се пријави д-р Ирена Авировиќ Бундалевска, доцент на Институтот за семејни студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

22. Биографски податоци и образование

Ирена Авировиќ Бундалевска е родена на 18.2.1983 година, во Скопје. Средно образование завршила во ДСУ „Никола Карев”, во 2001 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет ,,Блаже Конески“, насока: италијански јазик и книжевност со шпански јазик и книжевност. Дипломирала на 18.2.2006 година, со просечен успех 9,27.

Кандидатката активно се служи со англискиот, италијанскиот и шпанскиот јазик.

Во 2009 година ги завршила магистерските студии на Универзитетот во Болоња, Италија, „Алма Матер Студиорум “, на Факултетот за политички науки, отсек: меѓународни односи, стекнувајќи се со титулата магистер по источноевропски истражувања и студии. Студиите се завршени со максимална оценка и почест (110 од 110), што е еквивалентно на просечен успех од 10,00. Во учебната 2008/2009 година остварила студиски престој на Универзитетот во Белград, Србија, во времетраење од шест месеци. Магистерскиот труд на тема: „Шема на миграција – шема на сегрегација? Микростудија од Македонија“ бил одбранет на 26.9.2009.

На 27.12.2013 година, кандидатката Ирена Авировиќ Бундалевска ја одбранила докторската дисертација под наслов „Македонската емиграција во САД меѓу двете светски војни" на Институтот за национална историја при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнала со научен степен - доктор по историски науки.

На 19.12.2014 година е избрана во звањето доцент на Филозофскиот факултет, Институт за семејни студии, во областа семејството во мултикултурните општества и семејните проблеми и религиските институции.

Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен на УКИМ бр. 1088 од 14.11.2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1088/14, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

23. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет – Институт за семејни студии, кандидатката д-р Ирена Авировиќ Бундалевска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Семејни студии, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски Факултет.

Во периодот од февруари 2015 до јануари 2020 година, Ирена Авировиќ Бундалевска одржува настава и вежби на следниве предмети на прв циклус студии на студиската програма Семејни студии: Семејството во антиката (задолжителен предмет), Вовед во семејните студии (задолжителен предмет), Семејството во мултикултурните општества (изборен предмет), Семејството во современото македонско општество (изборен предмет), Историја на семејството 1 (задолжителен предмет) и Историја на семејството 2 (задолжителен предмет).

Во рамките на Институтот за семејни студии, на новоакредитираната програма на прв циклус студии, Семејни студии (која почна со работа од учебната 2018/2019 година), доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска учествува во подготовка и реализација на следниве предмети: Историја на семејството 1 (задолжителен предмет), Историја на семејството 2 (задолжителен предмет), Семејството во мултикултурните општества (задоложителен предмет), Историја на бракот (задолжителен предмет) и Историја на жените (изборен предмет).

Доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска била ментор на 2 дипломски труда.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 11 дипломски труда.

Кандидатката има подготвено две интерни скрипти од предавања, како и три пакет материјали за предмети на прв циклус студии на студиската група Семејни студии.

Кандидатката ги извршува наставните обврски квалитетно, професионално и совесно, и тоа на високо стручно рамниште. Своето знаење успешно го пренесува на своите студенти. Со студентите постапува на професионален и коректен начин. Како потврда на ова се и резултатите од анкетата за квалитетот на остварената настава, организирана од страна на Филозофскиот факултет.

Конкретните активности од наставно-образовната дејност се наведени во табелата Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Ирена Авировиќ Бундалевска од делот наставно-образовна дејност остварила 54,54 поени, и со тоа го надминала минималниот број поени (20) што е неопходно да ги оствари за да биде избрана во звањето вонреден професор по оваа основа.

Научноистражувачка дејност

Д-р Ирена Авировиќ Бундалевска е коавтор на една монографија и има објавено вкупно 14 научни трудови, како автор или како коавтор, од областа семејството во мултикултурното општество и историја на семејството, од кои два труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска, база, пет труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подложат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, пет труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји и два труда објавени во зборник на високообразовна установа.

Д-р Ирена Авировиќ Бундалевска е национален координатор на еден меѓународен научен прокет во рамките на европската програма COST Action Project: CA18123 под наслов: The European Family Support Network. A bottom-up, evidence-based and multidisciplinary approach”.

Својата стручност во областа на комплексниот пристап кон семејството во мултикултурното општество и историја на семејството, кадидатката ја докажува и преку учество на 14 научни и стручни собири со усна презентација на трудот, како и пет апстракти објавени на меѓународни конференции.

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, може да се констатира дека д-р Ирена Авировиќ Бундалевска од научноистражувачката дејност остварила 101,6 поени, и со тоа го надминала минималниот број поени (20) што се неопходни за избор во звањето вонреден професор по оваа основа.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во периодот од последниот избор, кандидатката доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска покажува ангажман и во однос на апликативната адејност.

Кандидатката доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска има одржано две предавања на институции од јавен интерес и била дел од стручната редакција на две книги на македонски јазик.

Д-р Ирена Авировиќ Бундалевска е член на уредувачкиот одбор на меѓународното списание: “International Relations and Diplomacy“ - David Publishing Company од 2015 година и член на редакциски одбор на меѓународното стручно списание „Годишен зборник на Филозофски факултет“ во Скопје со мандат 2015/2016 - 2019/2020 година.

Кандидатката д-р Ирена Авировиќ Бундалевска покажува активна вклученост во стручни собири во улога на член на организационен одбор и има остварено студиски престој во Белград, Србија, во рамките на проектот „Дипломатијата и депоратацијата на македонските Евреи 1943“.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Филозофскиот факултет, меѓу кои:

- Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, благајна и побарувања и обврски (2015), (2016), (2017);
- Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Филозофскиот факултет во Скопје за учебната 2016/2017 (2016);
- Комисија за расходување на основните средства на Филозофскиот факултет во Скопје (2016), (2017);
- Комисија за спроведување на вонреден попис на книги на библиотеките на Филозофскиот факултет во Скопје (2019).

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата констатира дека д-р Ирена Авировиќ Бундалевска од стручно-апликативната дејност остварила 16,5 поени, и со тоа го надминала минималниот број поени (5) што се неопходни за избор во звањето вонреден професор по оваа основа.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Ирена Авировиќ Бундалевска има добиено позитивни оценки од евалуацијата од страна на студентите во изминатите години релевантни за изборот, и тоа:

- евалуација 2015/16, Семејството во антиката, оценка 9,85.
- евалуација 2016/17, Семејството во антиката, оценка 9,70.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ирена Авировиќ Бундалевска. Комисијата заклучи дека доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска ги исполнува условите за избор во наставно-научното звање вонреден професор.

Според член 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Ирена Авировиќ Бундалевска ги исполнува општите услови предвидени во Законот за високото образование (пренесени во Образец 1), односно: просечен успех од најмалку 8,00 на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно; научен степен - доктор од областа за која се избира; објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација, согласно со ЗВО, во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор; претходен избор во звање -доцент и има способност за изведување на високообразовна дејност.

Според член 11, доц. д-р Ирена Авировиќ Бундалевска ги исполнува и посебните услови од Анекс 1 на наведениот Правилник (пренесени во Образец 2), постигнувајќи вкупно 172,54 поени. Таа неколкукратно го надминува минималниот број поени, поединечно по сите три основи (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност), како и минималниот вкупен број поени (80) што се потребни за да биде избрана во звањето вонреден професор.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Ирена Авировиќ Бундалевска да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област Друго со шифра 51128 (Семејството во мултикултурните општества) и Друго со шифра 60117 (Историја на семејството).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Матевски, с.р.
Проф. д-р Македонка Радуловиќ, с.р.
Проф. д-р Тодор Чепреганов, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Ирена Душан Авировиќ Бундалевска

(име, татково име и презиме)

Институција: Филозофски факултет/ Институт за семејни студии

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: 51128 ДРУГО (СЕМЕЈСТВОТО ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА), 60117 ДРУГО (ИСТОРИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО).

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,27 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 Просечниот успех изнесува 9,63 за интегрираните студии.	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: 51128 ДРУГО (СЕМЕЈСТВОТО ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА), 60117 ДРУГО (ИСТОРИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО).	Да
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. * 1. Назив на научното списание: European Journal for Social Sciences Education and Research (EJSER). 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco. 2. Наслов на трудот: Is De Facto Partnership a Threat to Marriage? A Case Study from Macedonia. 3. Година на објава: 2016. * 1. Назив на научното списание: International Marketing Journal. Skopje.	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на електронската база: Ebsco. 3. Назив на трудот: Marketing in Multicultural Societies: Understanding and Promoting Family Diversity. 4. Година на објава: 2017.	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови. * 1.Назив на научното списание: Sociological review. 2.Меѓународен уредувачки одбор: 7 члена; Македонија 2, Полска 1, Австрија 1, Бугарија 1, Србија 1, Хрватска 1. 3. Наслов на трудот: Bulgarian Passports: Existential Necessity or Identity Crisis. 4. Година на објава: 2015. * 1.Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофскиот факултет 2.Меѓународен уредувачки одбор: 11 члена, Србија 2, Велика Британија 1, Ирска 1, Полска 2, Германија 2, Бугарија 1, Хрватска 1,Македонија 1. 3. Наслов на трудот: Иселеници повратници: нова перспектива на миграциските истражувања во Македонија. 4. Година на објава: 2016. * 1.Назив на научното списание: Историја (Journal of History). 2.Меѓународен уредувачки одбор: 9 члена, Италија 1, Велика Британија 1, Полска 1, Турција 1, Македонија 5. 3. Наслов на трудот: Два британски документа за формирањето на Сеамериканскиот словенски конгрес (25 и 26 април 1942 г.) во Детроит. 4. Година на објава: 2017. * 1.Назив на научното списание: Годишен зборник на Филозофскиот Факултет 2.Меѓународен уредувачки одбор: 11 члена, Србија 2, Велика Британија 1, Ирска 1, Полска 2, Германија 2, Бугарија 1, Хрватска 1,Македонија 1. 3. Наслов на трудот: Влијанието на Католичката црква врз семејството во Италија. 4. Година на објава: 2017. * 1.Назив на научното списание: International Journal for Education, Research and Training (IJERT).	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 35 члена: Македонија 9, Србија 5, Црна Гора 1, Италија 3, Русија 3, Германија 2, Албанија 1, Хрватска 4, САД 1, Словенија 2, Турција 1, Бугарија 1, БИХ 1, Романија 1. 3. Наслов на трудот: The Need for Marital Education in Macedonia. 4. Година на објава: 2018.	
3.3	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји. * 1.Назив на зборникот: Global virtual Conference Proceedings. 2.Назив на меѓународниот собир: The 4th Global Virtual Conference. 3.Имиња на земјите: Ирак, Индиа, Косово, Италија,Словачка, Албанија, Португалија, Шпанија, Италија,Романија,Полска, Латвиа, Белорусија, Аргентина, Грција, Финска,Србија, Азербеџан итн. 4. Наслов на трудот: Youth Perception on Marriage and Married Life: An Analysis from the Republic of Macedonia. 5. Година на објава: 2016. * 1.Назив на зборникот: Fourth International Conference Proceedings. 2.Назив на меѓународниот собир: Social Changes in the Global World. 3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Белгија, Косово, Русија, Бугарија, Хрватска, САД, Србија, Романија итн. 4. Наслов на трудот: Is Cohabitation Good for Marriage? A Look into Family Dynamics in Macedonia. 5. Година на објава: 2017. * 1.Назив на зборникот: Sixth International Conference Proceedings. 2.Назив на меѓународниот собир: Social Changes in the global world. 3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Белгија, Косово, Русија, Бугарија, Хрватска, САД, Србија, Романија итн. 4. Наслов на трудот: Support of Families with a Child with Disabilities in Development. 5. Година на објава: 2019. * 1.Назив на зборникот: Sixth International Conference Proceedings. 2.Назив на меѓународниот собир: Social Changes in the global world. 3.Имиња на земјите: Македонија, Словенија, Белгија, Косово, Русија, Бугарија, Хрватска, САД, Србија, Романија итн. 4. Наслов на трудот: United Nations’ Contribution to Families (Focus on Family International Day). 5. Година на објава: 2019.	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	* 1.Назив на зборникот: Зборник на трудови - 70 години – организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Северна Македонија. 2.Назив на меѓународниот собир: 70 години – организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Северна Македонија. 3.Имиња на земјите: Македонија, Србија, Хрватска, БиХ, Словенија, Косово итн. 4. Наслов на трудот: Семејството и интелектуалната попреченост. 5. Година на објава: 2019.	
4	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: **Билтен бр.1088, 14.11.2014 год.**	Да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ирена Душан Авировиќ Бундалевска**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Филозофски факултет/Институт за семејни студии**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: 51128 друго (семејството во мултикултурните општества), 60117 друго (историја на семејството).

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	**Одржување на настава од прв циклус студии**	**21,2**
1.	Семејството во антиката, летен семестар 2014/2015 (3*15*0,04)	1,8
2.	Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2015/2016 (3*15*0,04)	1,8
3.	Семејството во антиката, летен семестар, 2015/2016 (3*15*0,04)	1,8
4.	Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2016/2017 (3*15*0,04)	1,8
5.	Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2016/2017 (2*15*0,04)	1,2
6.	Семејството во антиката, летен семестар, 2016/2017 (3*15*0,04)	1,8
7.	Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2017/2018 (2*15*0,04)	1,2
8.	Семејството во антиката, летен семестар, 2017/2018 (3*10*0,04)	1,2
9.	Семејството во современото македонско општество, летен семестар, 2017/2018 (2*10*0,04)	0,8
10.	Историја на семејството 1, летен семестар, 2018/2019 (3*15*0,04)	1,8
11.	Семејството во современото македонско општество, летен семестар, 2018/2019 (2*15*0,04)	1,2
12.	Историја на семејството 2, зимски семестар, 2019-2020 (3*15*0,04)	1,8
13.	Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2019-2020 (3*15*0,04)	1,8
14.	Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2019-2020 (2*15*0,04)	1,2
2.	**Одржување на вежби од прв циклус студии**	**12**
1.	Семејството во антиката, летен семестар 2014/2015 (2*15*0,03)	0,9
2.	Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2015/2016 (2*15*0,03)	0,9
3.	Семејството во антиката, летен семестар, 2015/2016 (2*15*0,03)	0,9
4.	Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2016/2017 (2*15*0,03)	0,9
5.	Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2016/2017 (2*15*0,03)	0,9
6.	Семејството во антиката, летен семестар, 2016/2017 (2*15*0,03)	0,9
7.	Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2017/2018 (2*15*0.03)	0,9
8.	Семејството во антиката, летен семестар, 2017/2018 (2*10*0,03)	0,6

9.	Семејството во современото македонско општество, летен семестар, 2017/2018 (2*10*0,03)	0,6
10.	Историја на семејството 1, летен семестар, 2018/2019 (2*15*0,03)	0,9
11.	Семејството во современото македонско општество, летен семестар, 2018/2019 (2*15*0,03)	0,9
12.	Историја на семејството 2, зимски семестар, 2019-2020 (2*15*0,03)	0,9
13.	Вовед во семејните студии, зимски семестар, 2019-2020 (2*15*0,03)	0,9
14.	Семејството во мултикултурните општества, зимски семестар, 2019-2020 (2*15*0,03)	0,9
3.	**Подготовка на нов предмет за прв циклус предавања и вежби:**	**7,5**
1.	Историја на семејството 1 студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50)	1,5
2.	Историја на семејството 2 студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50)	1,5
3.	Семејството во мултикултурните општества студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50)	1,5
4.	Историја на бракот студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50)	1,5
5.	Историја на жените студиска програма: Семејни студии, 2018/2019 (1*1,50)	1,5
4.	**Консултации со студенти**	**1,24**
1.	Консултации со студенти, прв циклус, 2014/2015 (56 *0,002)	0,11
2.	Консултации со студенти, прв циклус, 2015/2016 (125*0,002)	0,25
3.	Консултации со студенти, прв циклус, 2016/2017 (179*0,002)	0,35
4.	Консултации со студенти, прв циклус, 2017/2018 (85*0,002)	0,17
5.	Консултации со студенти, прв циклус, 2018/2019 (71*0,002)	0,14
6.	Консултации со студенти, прв циклус, 2019/2020 (110*0,002)	0,22
5.	**Ментор на дипломска работа** (2*0,2)	**0,4**
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работ** (11*0,1)	**1,1**
7.	**Интерна скрипта од предавања**	**8**
1.	Интерна скрипта од предавања: Семејството во антиката (1*4)	4
2.	Интерна скрипта од предавања: Историја на семејството 1 (1*4)	4
8.	**Пакет материјали за одреден предмет**	**3**
1.	Пакет материјали: Семејството во современото македонско општество (1*1)	1
2.	Пакет материјали: Семејството во мултукултурните општества (1*1)	1
3.	Пакет материјали: Историја на семејството 2 (1*1)	1
	Вкупно	**54.54**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Национален координатор на меѓународен научен проект**	**6**
1.	,, The European Family Support Network. A bottom-up, evidence-based and multidisciplinary approach” COST Action Project: CA18123 – Assigned Grant Holder: University in Sevilla, Spain. (1*6)	**6**
2.	**Монографија**	**4,8**
1.	Чепреганов, Т., Џинго Т., **Авировиќ И.**, Николова С. (2016), Велика Британија и идеите за подунавска федерација, конфедерација и унија (документи), Скопје: ЗИРМ. ISBN 978-9989-776-12-0 (1*4,8)	**4,8**
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал “Математика” или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.**	**9,5**
1.	**Avirovic, I**., Radulovic, M**.** (2016). Is De Facto Partnership a Threat to Marriage? A Case Study from Macedonia European Journal for Social Sciences Education and Reseatcj (EJSER), European Center for Science Education and Research, ISSN 2411-9563 (Print), ISSN 2312-8429 (Online), JANUARY APRIL 2016 (Volume 6, Nr. 2); EBSCO (1*4,5)	4,5
2.	**Avirovic, I**. (2017). Marketing in Multicultural Societies: Understanding and Promoting Family Diversity. International Marketing Journal. Skopje: Macedonian Association of Marketing. (Year 3, n. 6) ISSN 1857-9787. EBSCO (1*5)	5
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подложат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.**	**24**
1.	**Avirovic, I**. (2015). Bulgarian Passports: Existential Necessity or Identity Crisis. The Sociological Review. Skopje: Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Philosophy-Department of Sociology, No 2/2015 Volume XVI, ISSN 1409-5513 (print), ISSN 1857-9957 (online), UDK 342.711 (497.2:=163.3) (1*5)	5

2.	**Авировиќ. И.** (2016). Иселеници повратници: нова перспектива на миграциските истражувања во Македонија. Годишен Зборник на Филозофски Факултет, кн. 69, Скопје, стр.383-392. ISSN 0350-1892 (1*5)	5
3.	Николова С., **Авировиќ И**. (2016). Два британски документа за формирањето на Сеамериканскиот словенски конгрес (25 и 26 април 1942 г.) во Детроит. Историја (Journal of History), год. L/LI, Скопје, 2015/2016, бр. 1, ЗИРМ, стр. 217-238. ISSN 0579-0263 (1*4,5)	4,5
4.	**Авировиќ. И.** (2017). Влијанието на Католичката црква врз семејството во Италија. Годишен Зборник на Филозофски Факултет, кн. 70, Скопје, стр.447-464. ISSN 0350-1892 (1*5)	5
5.	Radulovic, M., **Avirovic, I**. (2018). The Need for Marital Education in Macedonia. International Journal for Education, Research and Training (IJERT). Skopje: Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Philosophy-Department of Pedagogy, Vol. 4, Issue 1, June 2018, ISSN 1857-9841 (Printed), ISSN 1867-985X (Online), UDK: 37.017:316.362.3-058.8 (497.7) (1*4,5)	4,5
5.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.**	**19.5**
1.	Radulovic, M., **Avirovic, I.** (2016). Youth Perception on Marriage and Married Life: An Analysis from the Republic of Macedonia. Global virtual Conference Proceedings: EDIS – Publishing Institution of the University of Zilina Powered by: Publishing Society, Slovakia. ISSN: 1339-9373, CD ROM ISSN: 1339-2778 ISBN: 978-80-554-1197-2 DOI: 10.18638/gv.2016.4.1 (1*4,5)	4,5
2.	**Avirovic, I**. (2017). Is Cohabitation Good for Marriage? A Look into Family Dynamics in Macedonia. Fourth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev. pp. 1099-1113. ISBN 978-608-244-423-9, COBISS. MK-ID 103854858 (1*5)	5
3.	Keskinova, A., Radulovic, M., **Avirovic Bundalevska, I.,** Dragovic, I. (2019). Support of Families with a Child with Disabilities in Development. Sixth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev. pp. 815-826. ISBN 978-608-244-647-9, COBISS MK-ID 110919178. (1*3)	3
4.	Radulovic, M., **Avirovic Bundalevska, I.,** Keskinova, A. (2019). United Nations' Contribution to Families (Focus on Family International Day). Sixth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev. pp. 901-912. ISBN 978-608-244-647-9, COBISS MK-ID 110919178. (1*5)	4
5.	Кескинова, А., Радуловиќ, М., **Авировиќ Бундалевска, И.**, Драговиќ, И. (2019). Семејството и интелектуалната попреченост. Меѓународна научно-стручна конференција: 70 години – организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Северна Македонија. Битола: Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на РСМ. стр. 223-231. ISBN 978-608-65438-6-0 (1*3)	3

6.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	**3,8**
1.	**Авировиќ И.** (2016). Италијанската дипломатија и депортацијата на Евреите од Македонија. Меѓународна научна конференција: Дипломатијата и депортацијата на Евреите од Македонија во 1943, Скопје: Дипломатски клуб, стр. 167-187. ISBN 978-608-65989-0-7 (1*2)	2
2.	**Avirovic, I.,** Minov, N. (2017). Autonomia a Pindului vidzutã pit documentili ofitsiali (Ciarshar-Yizmãciunj 1917), 100 di anj di proclamarea a Printsipatlui armãnescu Pindu shi 100 di anj di deportarea a Armãnjlor, Materiali di Simpoziumlu internatsional tsãnut pi 13.05.2017 Scopia. pp. 25-41. ISBN 978-608-66076-0-9 (1*1,8)	1,8
7.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**3**
1.	„Autonomia a Pindului vidzutã pit documentili ofitsiali (Ciarshar-Yizmãciunj 1917)“, 100 di anj di proclamarea a Printsipatlui armãnescu Pindu shi 100 di anj di deportarea a Armãnjlor, Скопје, 13 мај 2017. (1*3)	3
8.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**26**
1.	“Collective Memory of the Macedonian Refugee Children”, 4th Young Scholars Forum on Central and South East Europe, “Remembrance Culture and Common Histories in the Danube Region”, Institute for the Danube Region and Central Europe, Vienna, Austria, November 27-29, 2014. (1*2)	2
2.	„Италијанската дипломатија и депортацијата на Евреите од Македонија“, Меѓународна научна конференција: Дипломатијата и депортацијата на Евреите од Македонија во 1943, Дипломатски клуб, Скопје, МНР на РМ, 2015. (1*2)	2
3.	“Bulgarian Passports: Existential Necessity or Identity Crisis”, International Scientific Conference: Facing Social Traumas: A Challenge for Sociological Research, Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje, April, 2015. (1*2)	2
4.	“Migration on the Move: Successful Stories of Return Migrants in Macedonia”, Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, University Goce Delcev, Stip, September, 2015. (1*2)	2
5.	“Youth Perception on Marriage and Married Life: An Analysis from the Republic of Macedonia”, The 4th International Global Virtual Conference –GV2016, Managed by: Publishing Society, Slovakia, April 2016. (1*2)	2
6.	“Is the Facto Partnership a Threat to Marriage? A case study from Macedonia”, 9th International Conference on Social Sciences-Dubrovnik, April, 2016 (1*2)	2
7.	”The Influence of the Catholic Church on the Family in Italy”, Third International Scientific Conference: Social Change in the Global World, Center for Legal and Political Research, University Goce Delchev, Stip, September, 2016. (1*2)	2
8.	“The Need for Marital Education in Macedonia”, International Scientific Conference “Pedagogy in a Modern Global Society”, Institute of pedagogy, Faculty of philosophy, Ohrid, September 2016. (1*2)	2
9.	“The Syrian refugee crises through the lenses of social media: Macedonian cases”,” International Scientific conference	2

	"Contemporary Migration Trends and Flows on the Territory of Southeast Europe", Department of Ethnology and Cultural Anthropology, Faculty of Humanities and Social Sciences, University of Zagreb, Zagreb, November 2016. (1*2)	
10.	“Is Cohabitation Good for Marriage? A Look into Family Dynamics in Macedonia”, Fourth International Scientific Conference: Social Change in the Global World, University Goce Delcev, Shtip, September 2017. (1*2)	2
11.	“Marketing in Multicultural Societies: Understanding and Promoting Family Diversity”, Fourth International Marketing Conference-Innovatively-Inventively-Creativity, Macedonian Association of Marketing, Skopje, April 2017. (1*2)	2
12.	“Support of Families with a Child with Disabilities in Development”, Sixth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev, September 2019. (1*2)	2
13.	“United Nations’ Contribution to Families (Focus on Family International Day)”, Sixth International Scientific Conference: Social Change in the Global World – Proceedings. Stip: University Goce Delcev, September 2019. (1*2)	2
9.	**Апстракти објавени во зборник од конференција (меѓународна):**	**5**
1.	**Avirovic, I**., (2015). Migration on the Move: Successful Stories of Return Migrants in Macedonia, Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, University Goce Delcev, Stip. (1*1)	1
2.	**Avirovic, I**. (2016). The Influence of the Catholic Church on the Family in Italy. Third International Scientific Conference: Social changes in the Global World. Stip: Centre for Legal and political research, University Goce Delchev, Book of abstracts. (1*1)	1
3.	**Avirovic, I**., Radulovic, M., (2016). The Syrian refugee crises through the lenses of social media: Macedonian cases. 9th International Conference on Social Sciences. Zagreb: University of Zagreb, USEARCH, EUSER, ICCV-Academia Romana and MCSER-Rome. (1*1)	1
4.	**Avirovic Bundalevska, I**. (2019), Италијанското семејство низ историјата, неговата трансформација и влијание во Европа, L’Italianistica nel Terzo millennio: le nuove sfide nelle ricerche linguistiche, letterarie e culturali – 60 anni di studi italiani all’università “SS. Cirillo e Metodio” di Skopje, Facoltà di Filologia “ Blaze Koneski”, Libro degli abstract. (1*1)	1
5.	**Avirovic Bundalevska, I**., Dragovic I. (2019). Religious Tolerance among Youth in the Republic of North Macedonia, 1st European Conference for Religious Dialogue and Cooperation, SS. Cyril and Methodius University, Faculty of Philosophy, Skopje, Book of Abstracts. (1*1)	1
	Вкупно	**101,6**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри**	**0,5**
1.	Предавање пред Форумот на жените социјалистки на трибина на тема: „Жената низ историјата - улогата и положбата на жената во семејството“, Форум на жени на СПМ, 5.3.2016, Штип. (1*0.5)	0,5
2.	**Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик**	**2**
1.	Еванс, Ц. (2014), Велика Британија и формирањето на Југославија, Преговарање за балканската национална припадност и идентитет, Скопје: Арс студио. Стр. 327 ISBN 978-608-239-027-7 (1*1)	1
2.	Хрох, М. (2014), Општествени предуслови за националната преродба во Европа, Компаративна анализа на општествениот состав на патриотските групи кај помалите европски нации, Скопје: Арс студио. Стр. 220 ISBN 978-608-239-024-6 (1*1)	1
3.	**Предавање на институции од јавен интерес**	**0.5**
1.	Предавач на интерактивна работилница на тема “Родителството како предизвик на семејствата денес” наменета за родители на деца од претшколска возраст во ЈУОДГ “Орце Николов”, предавач, Скопје, декември 2019. (1*0,5)	0,5
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
1.	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно стручно списание:**	**2**
1.	Член на уредувачки одбор на меѓународното стручно списание “International Relations and Diplomacy (ISSN 2328-2134), David Publishing Company, 2015/2016, 2016/2017. (1*1)	1
2.	Член на Редакциски одбор на меѓународното стручно списание „Годишен зборник на Филозофски факултет“ во Скопје 2015/16-2019/20. (1*1)	1
2.	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**	**1**
1.	Член на организационен одбор и учесник на еднодневен семинар на тема „Депортацијата на македонските Евреи“, во организација на Дипломатски клуб – Скопје, Институт за национална историја (ИНИ) и Меморијален центар на холокаустот за Евреите од Македонија, декември 2014, Скопје. (1*0,5)	0,5
2.	Член на организационен одбор на дебата на тема „Справување со минатото – историја и политика“, во организација на “Тренинг центар за менаџмент со конфликти (ТЦМЦ), Институт за национална историја (ИНИ) и Здружение на историчарите на Република Македонија (ЗИРМ), декември 2014, Скопје. (1*0,5)	0,5

3.	**Студиски престој во странство**	**0,5**
1.	Истражувачки период до три месеци во Архив на Југославија и Воен архив во Белград, Србија, во рамките на проектот „Дипломатијата и депортацијата на македонските Евреи 1943“, Дипломатски клуб - Скопје, декември 2014, Белград, Србија. (1*0,5)	0,5
4.	**Член на факултетска комисија**	**7**
1.	Отворен ден на УКИМ, претставување на Филозофскиот факултет и Институтот за семејни студии, 2015. (1*0,5)	0,5
2.	Одбележување на Меѓународниот ден на семејството, промотивни активности на Институтот за семејни студии, 2015. (1*0,5)	0,5
3.	Член на Пописна комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, благајна и побарувања и обврски, 2015. (1*0,5)	0,5
4.	Член на Комисија за техничка обработка на податоците на пријавените кандидати на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Филозофскиот факултет во Скопје, во учебната 2016/17 година, 2016. (1*0,5)	0,5
5.	Член на Комисија за расходување на основните средства на Филозофскиот факултет во Скопје, 2016. (1*0,5)	0,5
6.	Претседател на Пописна комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, благајна и побарувања и обврски, 2016. (1*0,5)	0,5
7.	Отворен ден на УКИМ, претставување на Филозофскиот факултет и Институтот за семејни студии, 2016. (1*0,5)	0,5
8.	Одбележување на Меѓународниот ден на семејството, промотивни активности на Институтот за семејни студии, 2016. (1*0,5)	0,5
9.	Претседател на Комисија за расход на Филозофскиот факултет во Скопје, 2017. (1*0,5)	0,5
10.	Член на Комисија за организирање Отворен ден на УКИМ, претставување на Филозофскиот факултет и Институтот за семејни студии, 2017. (1*0,5)	0,5
11.	Претседател на Пописна комисија за спроведување на вонреден попис на основни средства на Филозофскиот факултет во Скопје, 2017. (1*0,5)	0,5
12.	Одбележување на Меѓународниот ден на семејството, промотивни активности на Институтот за семејни студии, 2017. (1*0,5)	0,5
13.	Член на Пописна комисија за спроведување на вонреден попис на книги на библиотеките на Институтот за родови студии, Институтот за семејни студии, Институтот за безбедност, одбрана и мир и Институтот за педагодија при Филозофскиот факултет во Скопје, 2019. (1*0,5)	0,5
14.	Одбележување на Меѓународниот ден на семејството, промотивни активности на Институтот за семејни студии, 2019. (1*0,5)	0,5
5.	**Национален координатор за одредена стручна област:**	**3**

1.	Национален координатор за Македонија, програмата COST (The European Cooperation in Science and Technology),MC Member (204750), [CA18123MK], 2019-2023, EU project, Horizon 2020. (1*3)	3
	Вкупно	**16,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**54,44**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**101,6**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**16,5**
Вкупно	**172,54**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Зоран Матевски, претседател, с.р.
Проф. д-р Македонка Радуловиќ, член, с.р.
Проф. д-р Тодор Чепреганов, член, с.р.

Прилог бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ЗАШТИТА НА ДЕЦА“ ОД АВТОРИТЕ НАТАША БОГОЕВСКА И СУНЧИЦА ДИМИТРИЈОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, бр.13-332/4, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Заштита на деца” од авторите: Наташа Богоевска и Сунчица Димитријоска, наменет за студентите на Институтот за социјална работа и социјална политика, за предметите Детска заштита и Пенална и постпенална социјална работа, избрани се Гордана Лажетиќ и Димитар Трајковски.

По добивањето на ракопис и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Општ дел

Основни податоци за ракопис

Назив на ракопис:	Заштита на деца
Назив на предметната програма:	Детска заштита на прв циклус студии Пенална и постпенална социјална работа на прв циклус студии
Назив на студиската програма:	Социјална работа и социјална политика
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракопис е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	Детска заштита: 3+2, 6 ЕКТС Пенална и постпенална социјална работа: 3+2, 6 ЕКТС
Предметот Детска заштита на Филозофскиот факултет е изборен предмет со фонд на часови 3+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во IV семестар. Предметот Пенална и постпенална социјална работа на Филозофскиот факултет е изборен предмет со фонд на часови 3+2, број на ЕКТС-кредити и се слуша во III семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракопис:	Ракопис кој е предаден на рецензија содржи 210 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во шест поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи девет слики и девет табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ
Проф. д-р Гордана Лазетиќ, с.р.
Проф. д-р Димитар Трајковски, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ЛАЖЕТИЌ

Краток опис на содржината:	Учебникот „Заштита на деца” е изработен на 210 страници. Тој е добро методолошки структуриран во глави, поглавја и потпоглавја, меѓу кои има логичка поврзаност и редослед. Авторките користат едноставен јазик разбирлив за студентите и полека ги воведуваат во содржините што се обработуваат во учебникот. Во изработката на учебникот е користена обемна, домашна и странска литература, со што се зголемува неговота научна вредност. Во првата глава од учебникот *Правата на децата*: Меѓународна и национална легислатива, авторките анализираат историска перспектива на развојот на правата на децата низ анализа на прединдустрискиот период, индустрискиот период (периодот од 19 век до средината на 20 век) и од средината на 20 век до денес. Направена е детална елаборација на историскиот развој на детските права низ анализа на меѓународни договори и конвенции за правата на детето. Авторките детално ја разработуваат типологијата на детските права низ четири категории или принципи: право на живот, право на недискриминација, најдобар интерес на детето и право на учество. Авторките направиле системска анализа на концептот на заштита на децата во современиот контекст, укажувајќи на тесно поврзување на сите аспекти на благосостојба на децата. Анализирани се меѓународни инструменти за правата на детето кои содржат стандардни препораки за правата на децата. Следователно, се врши теоретско определување на концептот на заштита на децата во современ контекст, релевантно дефинирање на поимот дете во македонското законодавство, како и релевантни правни инструменти за заштита на правата на децата и релевантни национални тела за заштита на правата на децата. Во вториот дел на учебникот, авторките детално ја разработуваат социјално-правната заштита на децата низ дефинирање на системот на социјална сигурност преку контрибутивен и неконтрибутивен дел на социјална сигурност. Елаборирани се начелата на системот на социјална заштита, кои се патоказ во развој на системот и правилна примена на законските одредби во практиката. Анализирани се институциите во системот на социјална заштита, со објаснување на улогата на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика и единиците на локалната самоуправа. Авторките детално ги објаснуваат правата и услугите на социјална заштита на децата преку анализа на правата на парична помош од социјална заштита за домаќинства со деца и социјалните услуги. Овој дел од учебникот авторките го завршуваат со приказ на

	вршителите на дејноста социјална заштита, установите за социјална заштита, како и системот за финансирање и надзор на системот на социјална заштита со што се овозможува студентите идни социјални работници да стекнат знаења за институционалниот контекст во кој ќе ја вршат својата професионална дејност, како и финансирање и надзор на системот на социјална заштита. Во третиот дел од учебникот е анализирана општествената заштита на децата, каде што авторките го разработуваат системот на општествена заштита на децата во Република Северна Македонија. Авторките вршат концептуално и теоретско определување на дејноста заштита на деца и детално се осврнуваат на принципите на недискриминација и еднаков третман. Систематски, со користење на иста структура и елементи во објаснувањето, тие детално ги објаснуваат правата за заштита на децата во Република Северна Македонија, и тоа: детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, додаток за образование и партиципација. Авторките детално ја објаснуваат и постапката за остварување на права за заштита на децата преку што студентите идни социјални работници ќе стекнат знаења за решавање за права во управна постапка во центарот за социјална работа. Четвртиот дел од учебникот е особено значаен, бидејќи разработува еден од најважните аспекти во заштитата на децата, односно семејноправната заштита. Авторките детално ги објаснуваат: посебната заштита на семејството и децата, родителските права и должности, вршењето на родителското право, како и надлежноста и содржината на овластувањата за вршење надзор над вршењето на родителското право. Во овој дел, авторките ги обработуваат формите на семејноправна заштита на деца без родители и родителска грижа, и тоа: посвојување и старателство, должности на старателот над малолетно лице и старателство над деца жртви на трговија со луѓе. Авторките го заокружуваат овој дел на учебникот со приказ на системот на превенција, спречување и заштита од семејно насилство, преку анализа на мерките за превенција од семејно насилство, како и мерките за помош и заштита на децата жртви на семејно насилство. Во рамките на петтиот и последен дел од учебникот, разработен е системот за правда на децата во Република Северна Македонија. Анализирани се поимот *дете во ризик, дете во судир со законот*, *мерки на помош и заштита* и *санкции за деца сторители на кривични дела и прекршоци*. Направена е анализа на видовите воспитни мерки, со детална анализа на укор, упатување во центар за деца, засилен надзор од страна на родителот, згрижувачко семејство и центарот за социјална работа и заводски мерки. Елаборирани се и казни за деца, и тоа:

	затвор за деца, парична казна, забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земја. Посебен дел на трудот е посветен на алтернативните мерки, кои се сосема поинаков приод во казнувањето, со еден похуман пристап кон детето и медијацијата. Особена елаборација е посветена на *дефинирање на управување со случај* низ системска анализа, *рамка на управување на случај,* при што е дадена теоретска основа на процесот на управување на случај. Самиот процес на управување со случај е поделен на шест фази, кои се стандардизирани, и тоа: откривање/*воведување*, *распределба, проценување*, *планирање* - предлагање мерки и санкции, изготвување план за индивидуална работа со корисник/дете, учество во *реализација* на соодветните мерки и услуги, вклучувајќи ги и активностите за конкретна поддршка на деца во судир со законот, спроведување на план за индивидуална работа со дете /корисник со континуиран мониторинг и *евалуација и завршување на активности* со дете во судир со закон. Во делот *Меѓусекторска соработка во работа со деца во судир со законот,* претставена е анализа на соработката на партнерите во работа со деца во судир со законот. Основните постулати на правда за децата се состојат во акцентирање на обврската на заедницата да обезбеди услови за нормален развој и просперитет кои ќе овозможат секое дете да се развива и да се формира како творечка личност, да се обезбеди негова благосостојба, правилен раст и развој. Учебникот содржи и прилози во кои авторките ги надополнуваат содржините обработувани во учебникот, а кои се однесуваат на административни документи, со чие запознавање студентите по социјална работа и социјална политика ќе се оспособат за работа во центрите за социјална работа и нивните административни обврски во постапките за остварување на правата на децата. Од приложената цитирана литература на крајот од учебникот може да се заклучи дека авторките користеле богата и современа, пред сè странска литература, како и релевантна меѓународна и национална, „тврда“ и „мека“ легислатива.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Предложениот учебник е во целост во согласност со предметната програма по предметот Детска заштита, предвиден како изборен предмет на прв циклус студии во четвртиот семестар од студиската програма Социјална работа и социјална политика 2018/2019, како и со предметната програма по предметот Пенална и постпенална социјална работа, предвиден како изборен предмет на прв циклус студии во третиот семестар од студиската програма Социјална работа и социјална политика 2018/2019.

Предлози за потребни корекции:	Нема
Оцена на ракописот:	Ракописот на трудот со наслов „Заштита на деца“, од авторките проф. д-р Наташа Богоевска и проф. д-р Сунчица Димитријоска, ги исполнува сите неопходни критериуми предвидени за изработка на учебници, има јасна структура и богата содржина и користи јазик разбирлив и приспособен за студентите, со што ќе им се овозможи полесно совладување на материјалот предвиден по предметите за кои е наменет. Поради тоа, посебна чест и задоволство ми е да му предложам на Наставно-научниот совет објавување на учебникот „Заштита на деца“.
Категоризација:	Учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 210 страници А4-формат, напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во шест поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи девет слики и девет табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите Детска заштита и Пенална и постпенална социјална работа, примарно наменет за студентите на Филозофскиот факултет.

Во Скопје, 17.2.2020 година

Рецензент
Проф. д-р Гордана Лажетиќ, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ДИМИТАР ТРАЈКОВСКИ

Краток опис на содржината:	Учебникот „Заштита на деца“ првенствено е наменет за студентите по социјална работа и социјална политика, но во исто време, заради содржината што ја обработува, може да послужи како материјал и за студентите од другите сродни дисциплини од областа на општествените науки. Учебникот е изработен на 210 страници, солидно методолошки структуриран во глави, поглавја и потпоглавја, меѓу кои има логичка поврзаност и редослед. Авторките користат едноставен јазик, разбирлив за студентите, и полека ги воведуваат во содржините што се обработуваат во учебникот. Исто така, во изработката на учебникот е користена обемна, домашна и странска литература, со што се зголемува неговата научна вредност. Во првиот дел од учебникот, авторките ги дефинираат основните поими и даваат историска перспектива на развојот на правата на децата, разработувајќи ги карактеристиките на трите периоди во еволуцијата на концептот за правата на децата: прединдустриски период, индустриски период и период од средината на 20 век до денес. Исто така, авторките детално ја разработуваат најновата историја во развојот на детските права, давајќи посебен осврт на развојот на меѓународните инструменти за правата на децата. Во првиот дел, следователно, се врши теоретско определување на концептот на заштита на децата во современ контекст, дефинирање на поимот дете во меѓународни рамки, како и разработка на различните типологии и категории на права на децата. Првиот дел од учебникот завршува со преглед на правната регулатива за заштита на правата на децата во Македонија, релевантни дефиниции за детето во македонското законодавство, како и релевантни национални тела за заштита на правата на децата. Во вториот дел на учебникот, авторките детално ги разработуваат правните и институционалните основи на системот на социјална заштита во Македонија. Тие го дефинираат системот на социјална заштита, начелата на системот на социјална заштита, како и клучните институции и нивните надлежности во вршењето на социјално-заштитната функција за деца. Авторките детално ги објаснуваат правата и услугите на социјална заштита на деца преку анализа на правата на парична помош од социјална заштита за домаќинства со деца и социјалните услуги. Овој

	дел од учебникот авторките го завршуваат со приказ на вршителите на дејноста социјална заштита, установите за социјална заштита, како и системот за финансирање и надзор на системот на социјална заштита, со што се овозможува студентите идни социјални работници да стекнат знаења за институционалниот контекст во кој ќе ја вршат својата професионална дејност. Во третиот дел од учебникот, авторките го разработуваат системот на општествена заштита на деца во Македонија. Авторките вршат концептуално и теоретско определување на дејноста заштита на деца и детално се осврнуваат на принципите на недискриминација и еднаков третман. Систематски, со користење на иста структура и елементи во објаснувањето, тие детално ги објаснуваат правата за заштита на децата во Македонија, и тоа: детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, додаток за образование и партиципација. Исто така, авторките ја објаснуваат постапката за остварување на права за заштита на децата преку што студентите, идни социјални работници, ќе стекнат знаења за решавање за права во управна постапка во центарот за социјална работа. Четвртиот дел од учебникот е особено значаен бидејќи разработува еден од најважните аспекти во заштитата на децата, односно семејноправната заштита. Авторките детално ги објаснуваат начелата на посебна заштита на семејството и децата, родителските права и должности, вршењето на родителското право, како и надлежноста и содржината на овластувањата за вршење надзор над вршењето на родителското право. Во овој дел, авторките ги обработуваат формите на семејноправна заштита на деца без родители и родителска грижа, и тоа: посвојување и старателство. Значајно е да се напомене дека овој дел од учебникот, авторките го заокружуваат со приказ на системот на превенција, спречување и заштита од семејно насилство, преку анализа на мерките за превенција од семејно насилство, како и мерките за помош и заштита на децата жртви на семејно насилство. Во рамките на петтиот и последен дел од учебникот, разработен е системот за правда на децата во Македонија, при што авторките доследно го запазуваат редоследот на прикажување на содржините во учебникот за секоја глава, започнувајќи со дефинирање на

	поимот дете во судир со законот, како и мерки на помош и заштита и видовите санкции за деца сторители на кривични дела и прекршоци. Од особено значење за студентите е деталниот приказ на посебниот пристап управување со случај што го применуваат социјалните работници во својата стручна работа, како и основните принципи и начела во постапување со деца во допир и судир со законот. Учебникот содржи и прилози во кои авторките ги надополнуваат содржините обработувани во учебникот, а кои се однесуваат на административни документи, со чие запознавање студентите по социјална работа и социјална политика ќе се оспособат за работа во центрите за социјална работа и нивните административни обврски во постапките за остварување на правата на децата. Од приложената цитирана литература на крајот од учебникот може да се заклучи дека авторките користеле богата и современа, пред сè странска литература, како и релевантна меѓународна и национална, „тврда“ и „мека“ легислатива.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Предложениот учебник е во целост во согласност со предметната програма по предметот Детска заштита, предвиден како изборен предмет на прв циклус студии во четвртиот семестар од студиската програма Социјална работа и социјална политика 2018/2019, како и со предметната програма по предметот Пенална и постпенална социјална работа, предвиден како изборен предмет на прв циклус студии во третиот семестар од студиската програма Социјална работа и социјална политика 2018/2019.
Предлози за потребни корекции:	Нема
Оцена на ракописот:	Ракописот на трудот со наслов „Заштита на деца“, од авторките проф. д-р Наташа Богоевска и проф. д-р Сунчица Димитријоска, ги исполнува сите неопходни критериуми предвидени за изработка на учебници, има јасна структура и богата содржина и користи јазик разбирлив и приспособен за студентите, со што ќе им се овозможи полесно совладување на материјалот предвиден по предметите за кои е наменет. Поради тоа, посебна чест и задоволство ми е да му предложам на Наставно-научниот совет објавување на учебникот „Заштита на деца“.
Категоризација:	учебник

Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 210 страници А4-формат, напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во шест поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи девет слики и девет табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите Детска заштита и Пенална и постпенална социјална работа, примарно наменет за студентите на Филозофскиот факултет.

Во Скопје, 17.2.2020 година

Рецензент
Проф. д-р Димитар Трајковски, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

3. Докторски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	м-р Драган Костовски	„Верскиот екстремизам како закана по регионалната безбедност кај државите од Западен Балкан“	„Religious extremism as a threat towards regional security of the states in Western Balkan“	Проф. д-р Рина Киркова - Танеска	5. 3. 2020 10-264/5

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: КОМУНИКАЦИИ И МАС-МЕДИУМИ (МЕЃУЧОВЕЧКА КОМУНИКАЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА, СОЦИЈАЛНА КОМУНИКАЦИЈА И КОГНИЦИЈА, МЕДИУМСКА ПСИХОЛОГИЈА И ПРИМЕНЕТА КОМУНИКОЛГИЈА) НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Lajm”, од 23.12.2019, за избор на наставник во сите наставно-научи звања во наставно-научните области: комуникации и мас-медиуми (Меѓучовечка комуникација и интеракција, Социјална комуникација и когницица, Медиумска психологија и Применета комуниколгија) и врз основа на Одлуката на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, бр.02-77/4, донесена на 29.1.2020 година, Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања формираше Рецензентска комисија во состав: д-р Емилија Симовска, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, д-р Панде Лазеревски, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и д-р Петар Атанасов, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: комуникации и мас-медиуми (Меѓучовечка комуникација и интеракција, Социјална комуникација и когницица, Медиумска психологија и Применета комуниколгија), во предвидениот рок се пријави кандидатката: вонр. проф. д-р Елеонора Серафимовска.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Вонр. проф. д-р Елеонора Серафимовска е родена на 2.7.1971 година, во Скопје. Дипломирала во 1995 година на Филозофскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, на групата психологија, со остварен просечен успех 8,9. Во 2005 година магистрирала на Филозофскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, на групата психологија, на студиската програма Социјална психологија, со остварен просечен успех 8,6. Во 2010 година се стекнала со научен степен - доктор на комуникации на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од 1996 година и моментално е вработена во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како вонреден професор по комуникации и мас-медиуми и виш научен соработник, како и предметен наставник на повеќе предмети од повеќе студиски програми од втор и трет циклус универзитетски студии. Коосновач е на Првата психолошката лабораторија во РМ, при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката има дополнителна едукација и тренинг во следниве области: Разрешување конфликти, Ненасилна комуникација, Промовирање на позитивни пораки преку медиумите, Case study teaching method, Компјутерски статистички програми и Тренинг на тренери за превенирање на насилство.

Кандидатката активно го познава и го користи англискиот јазик, а има пасивни познавања и од италијанскиот јазик.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

2.1 Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната академска дејност, вонр. проф. д-р Елеонора Серафимовска на втор циклус студии ги предава предметите: *Комуникологија со комуникациски теории*, *Методологија на комуниколошки истражувања*, *Медиумска психологија*, *Нови медиуми и социјални мрежи* на студиската програма Комуникации при ИСППИ. Предметен наставник е на предметите: *Кибер психологија,* на студиската програма Култура во ера на кибернетика, *Политичка психологија,* на студиската програма Политички науки и човекови права, *Психологија на животна средина,* на студиската програма Општествен развој и предметот *Меѓучовечка интеракција и комуникација,* на студиската програма Менаџмент на човечки ресурси. На докторските студии, на студиската програма Демократија во услови на глобализација при ИСППИ, д-р Елеонора Серафимовска го предава предметот *Политичко однесување*; на докторските студии, на студиската програма Социологија на опкружувањето при ИСППИ го предава предметот *Интеракција и комуникација во животната средина* и предметот *Динамика на работни групи* на докторските студии, на студиската програма Организациски науки и управување (менаџмент), во рамки на Докторската школа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. За сите наведени предмети на кои е предметен наставник, кандидатката подготвила пакет материјали соодветни за користење во рамките на наставно-образовниот процес во високото образование.

Кандидатката во изминатиот период подготвила четири нови предмети, три на докторски студии (на студиската програма од трет циклус студии - Социологија на опкружувањето, ИСППИ; на студиската програма од трет циклус студии - Демократија во услови на глобализација при ИСППИ; на Докторската школа при УКИМ - Организациски науки и управување), како и еден предмет на втор циклус студии (на студиската програма Комуникации).

Била член на комисија за оцена на две докторски дисертации, како и член на комисија за оцена или одбрана на 16 магистерски труда.

Во овој дел се истакнува водењето на голем број работилници, вкупно 40 како раководител и 3 како учесник. Најголемиот број работилници се изведени под покривителство на УНИЦЕФ и СОС Детско село.

Кандидатката, во коментрство, објавила 3 позитивно рецензирани прирачници / практикуми.

2.2 Научноистражувачка дејност

Кандидатката Елеонора Серафимовска раководела четири национални научни проекти, била учесник во 8 национални научни проекти и учесник во 7 меѓународни научни проекти.

Автор е на 3 монографии објавени во Република Македонија, едно авторство на дел од монографија објавена во државата и едно авторство на дел од монографија објавена во странство.

Објавила вкупно 19 трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија, и тоа: 2 (два) труда со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и коеи се индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: EBSCO, Emerald, Scopus, Web of Sciennce, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование; 7 (седум) труда со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија, кои имаат меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови; 2 (два) труда со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија, кои имаат меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови, и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД; 8 (осум) труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку 3 земји.

Кандидатката, исто така, била рецензент на една монографија, а како рецензент на научни трудови се појавува 12 пати.

Кандидатката Серафимовска одржала 2 (две) пленарни предавања на научен/стручен одбор; едно пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество; 3 секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество. Има одржано предавање по покана на University American College Skopje, на предметот Psychology of Communication.

